7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Кристина Младеновска (одговорен наставник) Проф. д-р Рената Славеска-Раички Проф. д-р Ѓоше Стефков Проф. д-р Александра Гроздановска Проф. д-р Марија Хиљадникова-Бајро Проф. д-р Јасмина Тоник Рибарска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Запознавање со моралните начела и стандарди кои го обезбедуваат интегритетот, квалитетот и доверливоста на научните истражувања, со особен осврт на истражувањата во подрачјето на фармацевтските науки. Резултати: Спознавање на улогата на научникот во општеството; стекнување со способност за критичко размислување, препознавање на етичките проблеми и донесување на етички одлуки во комплексни ситуации, чесно и одговорно спроведување и публикување на научно истражување; стекнување со способност за етичко третирање на субјектите во истражувањето; стекнување со способност за примена на основните морални и етички начела во истражувањето и развојот на лекови и во фармацевтската пракса.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Етички принципи и одговорна истражувачка пракса во фармацевтските науки:** Содржина: Етички принципи и интегритет во научно-истражувачката работа; основи на етичко однесување, објективност, компетентност, доверливост, независност и интегритет на истражувачот; одговорна истражувачка и публикациска пракса; авторство, рецензија, конфликт на интереси, управување со научни податоци, плагијат, фабрикување и фалсификување податоци; етичко донесување одлуки и заштита на научни резултати; етичко носење решенија во истражувањето, заштита на интелектуална сопственост и одговорно објавување на резултати во фармацевтски науки. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат темелните етички принципи и нивната улога во научно-истражувачкиот процес; да препознаат и анализираат примери на неетичко однесување (плагијат,			

		фабрикување, фалсификување) и да развијат способност за избегнување на плагијаризам, фабрикување и/или фалсификување на податоци; да применуваат етички стандарди во процесот на објавување, рецензирање и споделување на резултати; да проценат ситуации поврзани со конфликт на интереси, доверливост и независност во истражувањето; да демонстрираат разбирање за заштита на интелектуална сопственост и управување со научни податоци во фармацевтски контекст; да развијат критичка и одговорна истражувачка култура заснована на интегритет и транспарентност. **Поглавје: Етички гледишта во неклиничките и клиничките испитувања на лекови** Содржина: Етички гледишта во неклиничките испитувања- начело на замена, намалување и подобрување (3Rs) во обезбедувањето на квалитетот на научното истражување во кое се користат животни и методи и пристапи во примената на начелото; класификација на процедурите по тежина и методи за отстранување или сведување на болката, страдањето, стресот и трајната повреда на животни во истражувања на минимум (аналгезија, анестезија, хумани крајни точки, евтаназија), минимум барања за соодветно одгледување, транспортирање, сместување, грижа и користење на животни во истражувања, минимум барања за едукација, обука и компетентност на персоналот вклучен во *in vivo* истражувања, протокол на *in vivo* истражување (содржина и елементи кои го оправдуваат протоколот, поднесување и одобрување на протоколот/улога на Етичкиот комитет и Комитет за неклинички испитувања), регистрација на неклиничкото истражување и публикација и дисеминација на резултатите; Етички гледишта во клиничките испитувања- основни етички начела (научна заснованост и вредност, ризик, оптоварување, корист и алтернативни процедури, интерес и права на испитаниците- право на согласност и информирана согласност (процес на добивање, јазични бариери, преференци и вредности, согласност за аутопсија), ранливи популации и праведен избор, надомест за испитаници и испитувачкиот тим, документирање, управување, чување и заштита на податоци, користење на плацебо, користење на неодобрени интервенции/интервенции кои не се базирани на доказ, достап до лекот по завршување на студијата, истражувачки протоколи, улога на Етички комитет и Комитет за клинички испитувања, главен испитувач и систем за обезбедување на квалитет, регистрација на клиничкото испитување и публикација и дисеминација на резултатите, меѓународна и национална легислатива и водичи. Резултати: Оспособување за примена на 3Rs-начелото во *in vivo* неклинички истражувања и хуман третман на животните со истовремено издигнување на квалитетот и доверливоста на истражувањето на највисоко научно ниво; оспособување за одговорно спроведување на клиничко испитување, заштита на правата и благосостојбата на испитаниците во клиничките испитувања и обезбедување на научна и општествена вредност на испитувањата. **Поглавје: Етички гледишта во (фармако)генетски истражувања, управување со биобанки и здравствени бази на податоци** Содржина: Специфичности на генетската информација и предизвици во исполнување на етичките принципи на обезбедување автономија, приватност, доверливост и еднаквост при спроведување на генетски/фармакогенетски студии (информирање на учесниците/членовите на семејството и изразување согласност за учество, објавување на резултати, лични и семејни податоци), генетско советување, користење на податоците од генетските анализи и

		можности за нивна злоупотреба и дискриминација. Публикувани кодекси и водичи за етичко постапување во лабораториите кои користат генетски материјал како и уставовите каде се зема, обработува и складира генетскиот материјал. Резултати: Од студентите се очекува да се оспособат за примена на етичките принципи во дизајнирање, спроведување на генетски/ фармакогенетски истражувања и соопштување на резултатите, за препознавање и превенирање на потенцијални можности за повреда на етичките правила и различни форми на дискриминација базирани на сознанијата од генетските анализи. **Поглавје: Етички начела во користењето, управувањето и сочувувањето на растителниот биодиверизитет и користењето на податоци од народната и традиционалната медицина во развојот на нови лекови** Содржина: Поглавјето има за цел да ги развие знаењата и свеста кај студентите за значењето на етичките принципи при користење на природните ресурси и традиционалните знаења. Програмата опфаќа изучување на вредноста на растителниот биодиверзитет, неговата заштита и одржливо управување, како и улогата на лековитите растенија во современата медицина. Се анализираат културните и историските аспекти на народната и традиционалната медицина, при што се разгледуваат прашања поврзани со интелектуалната сопственост, правичниот пристап и спречувањето на биопиратеријата. Студентите се запознаваат со меѓународните правни и етички рамки, како што се Конвенцијата за биолошка разновидност и Нагоја протоколот, и со примената на етичките стандарди во истражувањата и развојот на нови лекови од природно потекло. Резултати: Преку дискусии, студии на случај и практични примери, се поттикнува критичко размислување за балансирање меѓу научниот напредок и зачувувањето на културното и природното наследство, со крајна цел да се развие одговорен и одржлив пристап кон биолошките ресурси и традиционалното знаење **Поглавје: Етички гледишта во фармацевтската пракса** Содржина: Етиката во фармацевтската пракса како основ за квалитетна и безбедна здравствена услуга. Однос меѓу фармацевтот и пациентот кој се темели на доверба, професионалност и почитување на приватноста. Етичка должност на фармацевтот да обезбеди точни информации, да ја поддржи автономијата на пациентот и да комуницира јасно и без предрасуди. Фармацевтската грижа базирана на стручна проценка, идентификација на проблеми со терапијата, препораки и континуирано следење, секогаш со цел да се обезбеди рационална и безбедна употреба на лекови. Емпатијата како клучен елемент што го зајакнува односот фармацевт–пациент и ја подобрува адхеренцијата кон терапијата. Со внимателна, емаптична и професионална комуникација со пациентот, фармацевтот создава позитивно искуство и го олеснува процесот на донесување здравствени одлуки. Професионалната етика како основа на одговорна, хумана и пациент ориентирана фармацевтска практика. Етички предизвици во секојдневната пракса – самолекување, злоупотреба на лекови, конфликт меѓу профитот и професионалноста и несоодветна употреба на напредните технологии и вештачката интелигенција. Резултати: Од студентите се очекува да се оспособат за примена на етичките принципи на фармацевтската пракса како основ за квалитетна и безбедна здравствена услуга. Студентите треба да ги совладаат принципите на професионална, емапатична и јасна комуникација со пациенти.

		Поглавје: Нормативна етика и етички начела за фармацевтски функции на здравствениот сектор Содржина: Нормативна етика и етички начела во практикување на фамацевтски функции како што се селекција на лекови, ставање на лек во промет, инспекциски надзор, набавки на лекови, огласување на лекови и др. Интегрираност на соодветни етички практики во технички водичи за функциите на фармацевтскиот сектор. Етичко расудување и алатки за проценка на потенцијална ранливост кон неетички практики во фармацевтските функции. Колаборативни механизми и иницијативи за превенирање на неетички практики. Глобални етички инфраструктурни програми и упатства за успешно имплементирање во национален контекст. Алатки за документирање и решавање на етички дилеми. Начела за „Добро управување“ во фармацевтските функции за спречување на неетички практики. Резултати: Стекнување со знаења за координирана примена на две основни стратегии за справување со неетички практики во фармацевтските функции и тоа како „пристап базиран на дисциплина“ и „пристап базиран на вредности“, со посебен акцент на етички приниципи: праведност, правичност, вистинитост, сервиси за општо добро и доверливост. Познавања за етички процес за донесување одлуки и етичко расудување за специфични прашања од областите на фармацевтските функции. Примена на безбедни и доверливи механизми за справување со неетички практики во фармацевтските функции.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, приказ на случаи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	3 ЕКТС x 30 часови = 90 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.2.	Домашно учење: часови	30
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Завршен писмен испит: бодови		26-50
	19.2.	Проектна задача: бодови		25-50
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	University of Minnesota's Center for Bioethics	A Guide to Research Ethics	University of Minnesota, Academic Health Center, Center for bioethics	2003
		2.	Gustafson B., Hermeren G., Peterson B. Bromma	Good research practice-What is it?	Swedish Research Council	2006
		3.	Committee on Science, Engineering, and Public Policy	On Being a Scientist: A Guide to Responsible Conduct in Research; 3rd Ed.	The National Academies Press, Washington	2009
		4.	D. Finegold, C. Bensimon, A. Daar, M. Eaton, B. Godard, B. Knoppers, J. Mackie P. Singer	BioIndustry Ethics	Elsevier	2005
		5.	Ashcroft,R.E., Dawson,A., Draper,H., McMillan, J.R	Healthcare	Chichester:John Wiley&Sons, Ltd	2007
		6.	Jan Hau, Gerald Van Hoosier	Handbook of Laboratory Animal Science (Vol. I Essential principles and practices	CRC	2003
		7.	OECD and WHO	Handbook: Good Laboratory Practice (GLP): Quality Practice for regulated non-clinical research and development	WHO	2009
		8.		Directive of the European Parliament and of the Council on the protection of animals used for scientific purposes 2010/63/EU	Official Journal of the European Union	2010
		9.	Committee for Human Medicinal Products EMA/CHMP/ICH/135/1995	ICH E6 (R3) Guideline for Good clinical practice (GCP)	EMA	2025
		10.	World Medical Association	Declaration of Helsinki	JAMA. 2024 doi: 10.1001/jama.2024.21972	2024

		11.	Council for International Organizations of Medical Sciences (CIOMS) and WHO	International Ethical Guidelines for Health-related Research Involving Humans	CIOMS	2016
		12.	Бети Андоновиќ, Ана Томова	Научноистражувачка етика	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје	2025
		13.	World Medical Association.	WMA Declaration of Taipei on Ethical Considerations regarding Health Databases and Biobanks	https://www.wma.net/policies-post/wma-declaration-of-taipei-on-ethical-considerations-regarding-health-databases-and-biobanks/	2016
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		
		2.		Актуелни водичи за биомедицински истражувања и добри практики		

Ред. број 3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОСТАТИСТИКА			
2.	Код	ФФ-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Руменка Петковска (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Горачинова Проф. д-р Надица Матевска Гешковска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Стекнување на знаења и вештини за примена на статистички методи во анализа на добиените резултати од истражувањата од областа на фармацијата и останатите биомедицински науки. Резултати: По завршување на предметот докторандот ќе се стекне со напредни сознанија за: прибирање и организирање на податоци; основните концепти на веројатноста (објективни и субјективни аспекти на веројатноста, елементарни својства на веројатноста, пермутации и комбинации); дистрибуции на веројатноста; дистрибуција на примероците; тестирање на хипотеза; анализа на варијанса; линеарна регресија и корелација; χ2-дистрибуција и анализа на зачестеност; непараметриска статистика.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со	**Поглавје: Прибирање и организирање на податоци** Содржина: Видови податоци – квалитативни и квантитативни податоци; номинални, ординални, интервални и размерни скали; извори на податоци – примарни и секундарни извори, анкети, експерименти, опсервации; методи на прибирање и организирање на податоци – случајно,			

	резултатите од учење за секое поглавје	стратифицирано, систематско и кластер избор и организирање на податоците – во табели, фреквенциски распределби, групирање; графички приказ – хистограм, полигони, столбести и секторски дијаграми, box-plot; мерки на централна тенденција – аритметичка средина, медијана, мода; мерки на варијабилност – варијанса, стандардна девијација, коефициент на варијација. **Поглавје: Основни концепти на веројатноста** Содржина: Поим на веројатност – дефиниции: класична, статистичка и субјективна; примери и примена во статистички анализи. **Поглавје: Дистрибуции на веројатноста** Содржина: Поим за случајна променлива – дискретна и континуирана; континуирани дистрибуции – униформна, нормална, експоненцијална; карактеристики на дистрибуциите – очекувана вредност, варијанса, стандардна девијација, стандардна нормална дистрибуција (Z-дистрибуција). **Поглавје: Дистрибуција на примероците** Содржина: Поим за примерок и популација; видови примероци – случаен, стратифициран, систематски; дистрибуција на средините и пропорциите; стандардна грешка и интервал на доверливост. **Поглавје: Тестирање на хипотеза** Содржина: Основи на тестирање – нулта и алтернативна хипотеза; ниво на значајност (α); тестови за средина и пропорција (Z и t тестови); тестови за разлика меѓу две средини (независни и зависни примероци); интерпретација на резултатите и донесување заклучок. **Поглавје: Анализа на варијанса (ANOVA)** Содржина: Поим и цел на ANOVA; еднофакторска анализа (One-way ANOVA); двофакторска анализа (Two-way ANOVA); Ф-тест и распределба. **Поглавје: Линеарна регресија и корелација** Содржина: Линеарна зависност меѓу две променливи, регресиска равенка; метод на најмали квадрати; коефициент на детерминација (R^2); коефициент на корелација (r); интерпретација на резултатите. **Поглавје: χ^2-дистрибуција и анализа на зачестеност** Содржина: Поим и својства на χ^2-дистрибуцијата; тест на степен на вклопување (goodness-of-fit); тест за независност (χ^2-тест во контингентни табели). **Поглавје: Непараметриска статистика** Содржина: Поим и предуслови за примена; тестови за проверка на распределба (нормалност и случајност): Shapiro–Wilk, K–S, Runs; тестови за споредба на независни групи: Mann–Whitney, Kruskal–Wallis H, Median; т;естови за споредба на зависни групи: Wilcoxon, Friedman, Sign; тестови за асоцијација и зависност: Chi-square (χ^2), Fisher's, McNemar; тестови за корелација и асоцијација на рангови; Spearman's rank correlation (ρ), Kendall's tau (τ). Резултати: Стекнување со соодветни сознанија за изборот на соодветен пристап за прибирање/добивање на податоци, утврдување на видот и изворот на варијабилноста на анализираниот примерок, како и за ефикасно презентирање и толкување на добиените резултати.
13	Заемна поврзаност на предметите	Знаењата од предметот биостатистика како алатка за валидирање на научно истражување, анализа, интерпретација и носење заклучоци од експериментални податоци поврзана е со истражувања во сите области на фармацијата: аналитичка хемија и контрола на квалитет, фармацевтска технологија и биофармација, фармакокинетика и фармакодинамика, клиничка фармација и клинички студии, молекуларна биологија и генетика,

		фармакокинетика и фармакодинамика, јавно здравство и здравствен менаџмент и методолошки предмети (научно истражување, дизајн на студии)		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии и решавање на конкретни случаи и анализа на експериментални податоци Работни методи: 1. Контакт часови, консултации, работа во групи во форма на дискусии и решавање на проблеми. Примена на статистички програми во обработката на податоците.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови
		17.3.	Домашно учење - задачи	45
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		16-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		5-20
	19.3.	Завршен испит: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)
		51 х до 60 бода		6 (шест) (E)
		61 х до 70 бода		7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Moore Notz	The Basic Practice of Statistics 9th Edition	W. H. Freeman	2021
2.	Sanford Bolton, Charles Bon	Pharmaceutical Statistics Practical and Clinical Applications, 5th Edition	Informa Healthcare New York,	2010
3.	O.J. Dunn, V.A. Clark	Basic Statistics: A Primer for the Biomedical Sciences, 4th Edition	Wiley Series in Probability and Statistics	2009

		4.	B. Rosner	Fundamentals of Biostatistics. 6th Ed	Tomson Brooks/Cole	2006
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	M.R. Chernick, R.H.Friis	Introductory Biostatistics for the Health Sciences	Wiley-Interscience	2003
		2.	L.D.Fisher, G van Belle	Biostatistics, Methodology for health sciences	Wiley-Interscience	2004

Ред. број 4		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОИНФОРМАТИЧКИ ОСНОВИ ЗА АНАЛИЗА НА НУКЛЕИНСКИ КИСЕЛИНИ И ПРОТЕИНИ			
2.	Код	ФФ-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Дијана Плашеска Каранфилска (одговорен наставник) Проф. д-р Александар Димовски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел да им овозможи на студентите да стекнат основни знаења и разбирање за тоа како биоинформатиката се применува во молекуларната дијагностика и молекуларните истражување на наследни и малигните болести. Фокусот е на анализа и интерпретација на биолошки податоци добиени со современи молекуларни техники, користејќи слободно достапни бази и програми со графички интерфејс, без потреба од програмерско или информатичко предзнаење. Студентите ќе развијат компетенции за: користење на онлајн бази и ресурси за ДНК, РНК и протеини (NCBI, Ensembl, UCSC Genome Browser, UniProt, ClinVar, VarSome); дизајнирање и валидација на PCR и qPCR прајмери со достапни алатки; анализа на секвенци добиени со Сангер секвенционирање (BLAST анализа, alignment, variant checking); процена на ефект на мутации и варијанти врз сплајсингот со веб-алатки (SpliceAI, Human Splicing Finder); разбирање на биоинформатичкиот процес на анализа на податоци од нови			

		секвенционирачки технологии (NGS), транскриптомика и протеомика; интерпретација на резултати во клинички и дијагностички контекст. Резултати: По успешно завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: ги објасни основните поими, концепти и цели на биоинформатиката во медицината и фармацијата; користи достапни бази на податоци за пребарување на секвенци, транскрипти и протеини; изврши анализа на ДНК секвенца (Сангер податоци) со BLAST и ги интерпретира резултатите; дизајнира прајмери за PCR, qPCR, RT-PCR, и дигитална PCR анализа со алатки како Primer3Plus и NCBI Primer-BLAST; користи веб-алатки за процена на ефектите на варијанти врз сплајсинг и експресија на гени; разбира како се добиваат и обработуваат податоците од NGS, RNA-seq и протеомика и знае како да ги толкува финалните извештаи и интегративно да ги обработува податоците од овие анализи за истражувачки цели; препознае клинички значајни варијанти користејќи бази како ClinVar, gnomAD, VarSome и HGMD; интерпретира резултати од биоинформатички анализи во контекст на молекуларна дијагностика на наследни и малигни болести; разбира како се добиваат и обработуваат податоците од NGS, RNA-seq и протеомика и знае како да ги толкува финалните извештаи.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во биоинформатиката и нејзината улога во молекуларната медицина** Содржина: историја и значење на биоинформатиката; основни поими и концепти; улога на биоинформатиката во дијагностика, персонализирана медицина и истражување во медицинските и фармацевтските науки. Резултати: Студентот ги разбира основите на биоинформатиката и нејзината примена во медицината. **Поглавје: Бази на биолошки податоци и пребарување информации** Содржина: Геномски и протеински бази: NCBI, Ensembl, UCSC Genome Browser, UniProt, ClinVar, gnomAD, OMIM; типови на податоци (секвенци, варијанти, транскрипти, протеини); пребарување на гени и транскрипти, преглед на мутации, анотации. Резултати: Студентот користи биоинформатички бази за пронаоѓање и толкување генетски податоци. **Поглавје: Анализа на ДНК секвенци (Сангер податоци)** Содржина: Принципи на секвенционирање; добивање и читање на FASTA/AB1 фајлови; BLAST анализа за споредба и идентификација на варијанти; преглед и толкување на секвенци со слободно достапни веб-алатки. Резултати: Студентот може да спореди ДНК секвенца и да идентификува потенцијални мутации. **Поглавје: Дизајнирање и валидација на PCR прајмери** Содржина: Основи на PCR, qPCR и дигитална PCR; правила за дизајнирање прајмери; веб-алатки: Primer3Plus, NCBI Primer-BLAST; проверка на специфичност, melting температура, секундарни структури. Резултати: Студентот може да дизајнира и провери прајмери за дијагностички тестови. **Поглавје: Анализа на варијанти и процена на патогеност** Содржина: Толкување на генетски варијанти: ClinVar, VarSome, dbSNP, gnomAD; алатки за процена на сплајсинг ефекти (SpliceAI, Human Splicing Finder); in silico програми за предвидување на патогеност на missense варијанти; критериуми според ACMG/AMP за класификација на варијанти. Резултати: Студентот може да ги идентификува и оцени клиничките импликации на варијантите. **Поглавје: Основи на анализа на NGS, транскриптомика и протеомика** Содржина: Концепти на short-read и long-read секвенционирање; основни чекори во анализа на NGS податоци (alignment, variant calling, annotation);

		основи на RNA-seq и протеомски анализи; преглед на извештаи и визуелизации. Резултати: Студентот разбира како се генерираат и обработуваат NGS податоци и може да ги интерпретира финалните резултати. **Поглавје: Етички и практични аспекти на биоинформатичките податоци** Содржина: заштита на податоци и приватност; репродуцибилност и доверливост; етички аспекти во геномските истражувања. Резултати: Студентот разбира основни принципи на етичко користење на биоинформатички податоци.			
13	Заемна поврзаност на предметите	Методи во молекуларна биологија и генетско инженерство; молекуларна дијагностика на наследни и малигни болести; фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализирана терапија			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи: 1. Интерактивни предавања со визуелни примери и дискусии 2. Практична компјутерска работа со јавни бази и веб-алатки Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на мини проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	180			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови		30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови		40
		16.3.	Пракса: часови		/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови		30
		17.2.	Самостојни задачи: часови		40
		17.3.	Домашно учење – задачи		40
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови			/
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			40
	19.3.	Завршен испит: бодови			30
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода		5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода		6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода		7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворени дискусии со студентите и анонимна анкета по завршувањето на предметот.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Pevsner J.	Bioinformatics and Functional Genomics, 3rd edition	Wiley	2015

		2.	Hamid D. Ismail	Bioinformatics: A Practical Guide to NCBI Databases and Sequence Alignments	CRC Press	2022
		3.	Melanie Kappelmann -Fenzl	Next Generation Sequencing and Data Analysis	Springer	2021
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	/	NCBI Tutorials and Primer-BLAST (https://www.ncbi.nlm.nih.gov/learn/	/	/
		2.	/	UCSC Genome Browser Tutorials (https://genome.ucsc.edu/training/	/	/
		3.	/	Ensembl Genome Browser Guides (https://www.ensembl.org/info/website/tutorials//	/	/

Ред. број 5		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОХЕМИСКА ТОКСИКОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФ-ДС-05			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Доц. д-р Кристина Шутевска Ачевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Разбирање на молекуларните и биохемиските механизми на токсично дејство на ксенобиотиците. Проучување на процесите на биотрансформација и факторите што го модулираат токсичниот одговор. Анализа на улогата на реактивните метаболити, оксидативниот стрес и клеточните адаптивни механизми во токсичните оштетувања. Објаснување на биохемиските механизми на токсичност по органски системи (хепатален, ренален, пулмонарен, кардиоваскуларен и нервен). Истражување на механизмите на хемиски индуцирана карциногенеза и клеточни оштетувања врз генетски и протеински структури. Резултати: По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: ги објасни биохемиските и молекуларните механизми што го определуваат токсичниот одговор на ксенобиотиците, ги интерпретира процесите на биотрансформација и факторите што влијаат врз создавањето реактивни метаболити; го поврзе оксидативниот стрес, клеточните адаптивни реакции и оштетувањата на клеточните структури со развојот на токсични состојби; ги опише биохемиските механизми на токсичност по			

		органски системи (хепар, бубрег, бели дробови, кардиоваскуларен и периферен нервен систем); ги објасни механизмите на хемиски индуцирана карциногенеза и нарушувања на ДНК и протеинскиот метаболизам; примени биохемиски принципи при процена на токсичен ризик и интерпретација на варијации во индивидуалната чувствителност кон токсични супстанции.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Основи на биохемиска токсикологија** Содржина: Дефиниции, класификација и основни концепти во токсикологијата; однос доза–ефект и доза–одговор; токсикокинетички и токсикодинамички принципи. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни основните концепти на токсикологијата. **Поглавје: Метаболизам на ксенобиотици** Содржина: Фази I и II на биотрансформација; CYP450 систем; фактори што влијаат на апсорпција, распределба и елиминација; егзогени и ендогени модулатори на метаболизмот на ксенобиотици. Резултати: Студентот ќе може да ги интерпретира процесите на биотрансформација и факторите кои влијаат на токсичноста. **Поглавје: Молекуларни механизми на токсично дејство** Содржина: Рецептор посредувани и нерецепторски механизми на токсичност; оштетување на клеточни мембрани, ензими и структурни протеини; нарушувања на клеточната сигнализација. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни молекуларните основи на токсичните оштетувања. **Поглавје: Реактивни метаболити и оксидативен стрес** Содржина: Формирање на реактивни метаболити и нивната улога во токсичноста; оксидативен стрес и биохемиски одговор на клетката; клеточни одбранбени и адаптивни механизми. Резултати: Студентот ќе може да ја оцени улогата на реактивните метаболити и оксидативниот стрес во клеточната токсичност. **Поглавје: Нутритивни и надворешни фактори во токсичниот одговор** Содржина: Влијание на нутритивниот статус врз реакцијата на организмот; надворешни фактори што го модулираат токсичниот одговор; интеракции нутриенти–ксенобиотици. Резултати: Студентот ќе може да ги поврзе нутритивните и надворешните фактори со варијациите во токсичниот одговор. **Поглавје: Токсични ефекти врз нуклеински киселини и протеини** Содржина: Модификации на ДНК и репликативен стрес; инхибиција и нарушување на протеински синџири и ензимски системи; последици по клеточен раст, диференцијација и апоптоза. Резултати: Студентот ќе може да ги интерпретира биохемиските последици од токсични оштетувања врз ДНК и протеините. **Поглавје: Карциногенеза** Содржина: Иницирање, промоција и прогресија; хемиски канцерогени и механизми на нивно дејство; превенција и биохемиски маркери на изложеност. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни биохемиските механизми на хемиски индуцирана карциногенеза. **Поглавје: Биохемиски механизми на хепатотоксичност** Содржина: Механизми на хепатоцелуларно и холестатско оштетување; улога на реактивни метаболити и оксидативен стрес; митохондријална дисфункција и последици по енергетскиот метаболизам. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни биохемиските механизми на хепатално оштетување предизвикано од ксенобиотици. **Поглавје: Биохемиски механизми на ренална токсичност**

		Содржина: Оштетување на гломеруларната и тубуларната функција; реактивни кислородни видови и нарушувања на транспортните системи; токсични ефекти врз регулацијата на водно-електролитната рамнотежа. Резултати: Студентот ќе може да ги интерпретира биохемиските механизми на оштетување на бубрежната функција во токсични состојби. **Поглавје: Биохемиски механизми на пулмонарна токсичност** Содржина: Инхалациони токсини и нарушување на алвеоларната бариера; воспалителни и оксидативни процеси во белодробното ткиво; биохемиски промени при акутни и хронични оштетувања на респираторниот систем. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни биохемиските процеси кои ја детерминираат пулмонарната токсичност. **Поглавје: Биохемиски механизми на кардиоваскуларна токсичност** Сдоржина: Токсични ефекти врз миокардната контрактилност и енергетскиот метаболизам; ендотелно оштетување и дисрегулација на вазоактивни медијатори; нарушувања на хомеостазата на калциум и електрофизиолошките процеси. Резултати: Студентот ќе може да ги опише биохемиските механизми на токсични оштетувања на кардиоваскуларниот систем. **Поглавје: Невротоксичност на периферниот нервен систем** Содржина: Прекин на аксонална проводливост и транспорт; нарушена невротрансмитерска сигнализација; дегенеративни промени и структурни оштетувања на периферните нерви. Резултати: Студентот ќе може да ги објасни биохемиските механизми што доведуваат до токсично оштетување на периферниот нервен систем. **Поглавје: Клеточна адаптација на токсични супстанции** Содржина: Индукција на ензими и регулаторни одговори; антиоксидативни и детоксификациски системи; рамнотежа помеѓу адаптација и клеточно оштетување. Резултати: Студентот ќе може да ги разликува адаптивните од оштетувачките биохемиски одговори на клетката. **Поглавје: Проценка на токсичност и ризик** Содржина: Принципи на квантитативна процена на токсичност, индекси на ризик и безбедносни граници; биохемиски основи на методите за оценка на изложеност. Резултати: Студентот ќе може да примени биохемиски принципи при оценка на ризик и интерпретација на токсични ефекти.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Фармацевтска токсикологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и за презентација пред аудиториум) 3. Домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	45

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	50
18	Услови за потпис	Минимум поени од предвидените активности 16.1. и 16.2.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	50	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	25	
	19.3.	Активност и учество: бодови	25	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	John Timbrell	Principles of Biochemical Toxicology 4th Edition	Informa healthcare USA Inc.,	2009/Електронско издание
2.	Robert C. Smart, Ernest Hodgson,	Molecular and Biochemical Toxicology 5th edition	John Wiley and Sons	2018/Електронско издание
3.	Barry Halliwell, John Gutteridge	Free Radicals in Biology and Medicine, 5th Edition	Oxford University Press	2015/Електронско издание

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	C.D. Klassen, M.O. Amdur and J. Doull	Cassarett and Doull's Toxicology, The Basic Science of Poisons, 9th Edition	McGraw Hill / Medical	2019/Електронско издание

		2.	Andreas Luch (eds.)	Molecular, Clinical and Environmental Toxicology (Vol. I–III)	Birkhauser Basel/ Springer Basel	2009-2012, Електронско издание
		3.	Philip Wexler (eds.)	Encyclopedia of Toxicology, 4th Edition	Elsevier/Academic Press	2023/Електронско издание

Ред. број 6		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МОЛЕКУЛАРНИ ОСНОВИ НА ТЕРАПЕВТИЦИ			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-01			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Зорица Наумовска (одговорен наставник) Проф. д-р Љубица Шутуркова Проф.д-р Зоран Стерјев Проф.д-р Александра Гроздановa Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Проф. д-р Ана Поцева Пановска Доц. д-р Александар Димковски Доц. д-р Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Запознавање со молекуларните основи на терапевтскиот ефект на лековите и современите пристапи во нивното дизајнирање, моделирање и оптимизација. Развивање на компетенции за користење на биоинформатички и компјутерски алатки во откривањето на нови лековити молекули и разбирање на корелацијата меѓу структурата и активноста на лекот. Резултати: Подготовка на студентите за истражување и развој на иновативни лекови, вклучувајќи биолошки и генетски терапевтици.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Стратегија во истражување и развој на нови лекови** Содржина: Основи на современиот процес на откривање и развој на лекови; водечко соединение (lead compound): идентификација, оптимизација и еволуција; улога на *in silico* методите во идентификација на потенцијални лекови; комбинаторна и паралелна органска синтеза; концепт на „rational drug design“ и „target-based drug discovery“; примена на вештачка интелигенција и машинско учење во дизајн на лекови. Резултати: Разбирање на стратегиите за идентификација и развој на водечки соединенија; стекнување на знаење за интеграција на експериментални и компјутерски пристапи во раните фази на откривање лекови; разбирање на примената на машинско учење и бази на податоци за предвидување на фармаколошка активност и токсичност. **Поглавје: Молекуларно моделирање и QSAR анализа**			

		Содржина: Молекуларно моделирање: енергетска минимизација, docking, молекуларна динамика; примена на квантитативна анализа на структура-активност (QSAR); предвидување на биорасположивост, пермеабилност и метаболизам; виртуелен скрининг и модели на рецептор-лиганд интеракции; интеграција на ADMET параметри во дизајнот на лекови. Резултати: Стекнување практични знаења за користење на молекуларно моделирање и QSAR во предвидување на фармаколошки својства; способност за изработка на компјутерски модел за рецептор-лиганд интеракции и анализа на потенцијалните ефекти и ризици. **Поглавје: Фармакокинетика и биофармацевтски процеси во дизајнирање на лекови** Содржина: Основни принципи на апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација (ADME); влијание на физичко-хемиските својства врз биорасположивоста; ран прескрининг на ADMET својства (*in silico, in vitro, in vivo*); оптимизација на фармакокинетички профил на кандидати за лекови. Резултати: Разбирање на значењето на фармакокинетичките и биофармацевтските параметри во процесот на дизајнирање на лекови; стекнување вештини за примена на биоинформатички и експериментални методи за предвидување на ADMET-профил. **Поглавје: Молекуларни механизми на дејство на лековите** Содржина: Молекуларни таргети: ензими, рецептори, јонски канали, транспортни протеини, механизми на сигнална трансдукција и интеракција лек-рецептор; агонисти, антагонисти, инхибитори; молекуларна динамика и промени на конформација при врзување; фармакогеномски аспекти и персонализирана терапија. Резултати: Разбирање на молекуларните механизми преку кои лековите делуваат на клеточно и системско ниво; стекнување компетенции за примена на фармакогеномски податоци во индивидуализирање на терапијата. **Поглавје: Биолошки и биотехнолошки терапевтици** Содржина: Биолошки лекови: моноклонални антитела, рекомбинантни протеини, вакцини; генска и клеточна терапија: принципи, техники, предизвици; биослични лекови и нивна регулаторна рамка; нови технологии: RNA-базирани лекови, CAR-T терапии, CRISPR апликации. Резултати: Стекнување знаење за принципите и механизмите на делување на биолошките терапевтици; разбирање на молекуларните и регулаторните предизвици во нивниот развој; способност за критичко оценување на предностите и ризиците на современите биотехнолошки терапии. **Поглавје: Молекуларна токсикологија и безбедносен профил** Содржина: Молекуларни механизми на токсичност; *in silico* и *in vitro* модели за предвидување на токсичност; концепт на off-target ефекти и безбедност; примена на биомаркери во процена на безбедноста Резултати: Развивање вештини за идентификување и предвидување на молекуларни механизми на токсичност; способност за користење на современи модели и биомаркери во процена на безбедносниот профил на новите лекови. **Поглавје: Интегративни пристапи и идни насоки во дизајн на терапевтици**

		Содржина: Интеграција на big data, системска биологија и мултиомика; дигитални твин модели во биомедицината; примена на предиктивна аналитика во оптимизација на терапевтски исходи; етички и регулаторни аспекти на молекуларниот дизајн. Резултати: Разбирање на идните насоки во дизајнирањето на терапевтици; стекнување со критички увид во улогата на новите технологии во модерната фармацевтска наука и истражување.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		26-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25-50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Gerhard Klebe, 2024	Drug Design: From Structure and Mode-of-Action to Rational Design Concepts	Springer (Berlin/Heidelberg)	2024
2.	Supratik Kar, Jerzy Leszczynsk	Current Trends in Computational Modeling for Drug Discovery	Springer Cham	2023

		3.	Mohini Gore, Umesh B. Jagtap	Computational Drug Discovery and Design	Humana / Springer US	2018
		4.	Brian A. Baldo	Safety of Biologics Therapy: Monoclonal Antibodies, Cytokines, Fusion Proteins, Hormones, Enzymes, Coagulation Proteins, Vaccines, Botulinum Toxins	Springer International Publishing (Cham, Switzerland	2016
		5.	Block H. J and Beale M.J. Lippincott	Wilson and Gisvold's textbook of Organic medical chemistry and pharmaceutical chemistry, 12 edition	Williams &Wilkins	2010
		6.	David A. Williams PhD (Editor)	Foye's principles of Medicinal chemistry 7th edition	Lipincon and Wilson	2012
		7.	Graham L. Patrick	An Introduction to Medicinal Chemistry, 6th	Oxford University Press	2017
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 7		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КЛЕТОЧНА СИГНАЛИЗАЦИЈА			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-02			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александар Димовски (одговорен наставник) Проф. д-р Надица Матевска Гешковска Доц. д-р Елизабета Крстевска-Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат напредно разбирање на молекуларните механизми на клеточна сигнализација и развијат компетенции за: анализа на улогата на сигналните патеки во патогенезата на болести и индивидуализација на терапијата, дизајн и примена на експериментални пристапи за проучување на сигнални молекули, интерпретација на фармакогеномски податоци поврзани со сигнализација, како и интеграција на знаењата при развој на нови терапевтски стратегии. Резултати од учењето: По успешно завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: ги објаснат молекуларни принципи на клеточна сигнализација; да ги идентификуваат клучните сигнални патеки поврзани со развој на болести и препознаат потенцијални сигнални молекули како цели за лекови; критички да ги поврзат промените во сигналните патеки со клинички симптоми и терапевтски одговор; да ја разбираат улогата на молекуларните и биоинформатичките методи во истражувањето на сигнални патеки.			
12.	Детална содржина на предметот по	**Поглавје: Основи на клеточна сигнализација** Содржина: Основни принципи на клеточна комуникација и сигнална трансдукција, поврзаност со дејство на лекови.			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Резултати: Студентите можат да ги објаснат основни концепти на сигнална трансдукција и ја разбираат врската помеѓу активацијата на рецепторите и дејството на лековите. **Поглавје: Рецепторски системи и нивна фармаколошка регулација** Содржина: Структура и механизми на активација на главни класи на рецептори: рецептори поврзани со Г-протеини, рецептори поврзани со кинази, јонски канали и нуклеарни рецептори, механизми на десензитизација и интернализација на рецептори. Резултати: Студентите можат да го опишат механизмот на активација на главните типови на рецептори, го разбираат дејството на лековите како агонисти, антагонисти и инверзни агонисти. **Поглавје: Секундарни гласници како цели на дејство на лекови** Содржина: Втори гласници вклучени во надолна сигнализација на рецептори, ефекторни ензими вклучени во нивна синтеза и деградација, лекови кои модулираат секундарни гласници. Резултати: Студентите ја разбираат регулација на секундарни гласници и нивното влијание врз клеточниот одговор и дејство на лекови. **Поглавје: Сигнални каскади и нивна клиничка релевантност** Содржина: Клучни сигнални каскади (MAPK/ERK, PI3K/AKT/mTOR, JAK/STAT, NF-κB), лекови кои таргетираат елементи од овие патеки Резултати: Студентите можат да ги опишат најважните сигнални каскади, ги разбираат нивните вкрстувања и регулација, поврзуваат таргетирани терапии со нивните молекуларни механизми. **Поглавје: Патолошки состојби поврзани со пореметена клеточна сигнализација** Содржина: Нарушувања во сигнализацијата кај малигни, автоимуни и невролошки болести Резултати: Студентите можат да објаснат како дефектите во сигнализацијата предизвикуваат болест и разлики во клиничката слика и ги разбираат принципите на таргетирана терапија. **Поглавје: Рецептори и сигнални молекули како нови цели на лекови** Содржина: Генетски варијации во рецептори и ензими, генетски биомаркери за молекуларна дијагностика и индивидуализација на терапија, генска терапија насочена кон сигнални патеки. Резултати: Студентите можат да објаснат генетски основи на различен одговор на лекови, разбираат концепти на персонализирана и прецизна медицина.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Молекуларна дијагностика на наследни, малигни и инфективни болести; Фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализирана терапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи: 1. Интерактивни предавања кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење - задачи	40
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		30
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		30
	19.3.	Завршен испит: бодови		10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Alberts B, Heald R, Johnson A, Morgan D, Raff M, Roberts K, Walter P	Molecular Biology of the Cell	Garland Science	2022
2.	Ritter JM, Flower RJ, Henderson G, Loke YK, MacEwan D, Rang HP	Rang and Dale’s Pharmacology	Elsevier	2021
3.	Lodish H, Berk A, Kaiser CA, Krieger M, Bretscher A, Ploegh H, Amon A, Martin KC	Molecular Cell Biology	W. H. Freeman	2021

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Lim W, Mayer B, Pawson T.	Cell Signalling	Garland Science	2015
2.		Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија		

Ред. број 8		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска (одговорен наставник) Проф. д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Зоран Стерјев Проф. д-р Александра Грозданова Проф. д-р Зорица Наумовска Доц. д-р. Евгенија Михајлоска Доц. д-р Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметната програма е да обезбеди продлабочено разбирање и способност за критичко и докази базирано фармакотерапевтско одлучување во реални услови. Студентот ќе развие напредни компетенции за: интегрирано познавање на патофизиологијата на заболувањата и фармаколошките принципи во изборот и оптимизацијата на терапијата; идентификација, класификација и решавање на проблеми поврзани со лекови (Drug Related Problems – DRP); примена на терапевтски лек мониторинг како дел од индивидуализираната фармакотерапија, вклучително интерпретација на концентрации, адаптација на дозирање и интеграција на фармакокинетски и клинички параметри при донесување терапевтски одлуки; длабинско и интегрирано разбирање на оптимизираната фармакотерапија во специфични системски заболувања засновано на патофизиолошките механизми на болеста и механизмите на дејство на лековите; планирање и спроведување клинички фармацевтски интервенции во болнички и амбулантски услови; индивидуализација на терапијата врз основа на клинички параметри, коморбидитети, возраст, органска функција, фармакогенетски и фармакоекономски фактори; ефикасна комуникација и учество во мултидисциплинарни здравствени тимови; дизајн, имплементација и евалуација на			

		клинички фармацевтски услуги со следење на клинички, хуманистички и економски исходи. По успешното завршување на предметната програма, студентот ќе може да: објасни напредни принципи на фармакотерапија и клиничка фармакологија и токсикологија во управување со комплексни заболувања; дискутира современи докази (evidence-based guidelines) и критички да ги оценува терапевтските алтернативи; анализира клинички случаи и да примени структуриран процес на терапевтско одлучување; препознае и класифицира проблеми поврзани со лекови користејќи стандардизирани методологии (MRCI, MARS, PCNE, STOPP/START, Beer и сл.); формулира и предложи клиничка фармацевтска интервенција со јасна терапевтска цел и очекуван исход; планира, спроведува и интерпретира терапевтски лек мониторинг (ТЛМ), користејќи серумски концентрации, клинички параметри и фармакокинетски модели за индивидуализација на дозирањето; индивидуализира дозирање и избор на лек кај пациенти со коморбидитети, геријатриски и педијатриски пациенти, како и кај пациенти со нарушена бубрежна и црнодробна функција; применува фармакогенетски информации во терапевтско одлучување согласно CPIC/DPWG препораки; комуницира терапевтски препораки во јасна, професионална и аргументирана форма кон лекари, медицински сестри и пациенти; дизајнира и спроведува клиничка фармацевтска услуга, вклучително дефинирање на цели, активности, индикатори за квалитет и методологија за мерење исходи; и документира и евалуира клиничко, економско и хуманистичко влијание на интервенцијата со цел подобрување на квалитетот на здравствената грижа.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Клиничко-фармацевтски принципи и рационална терапија** Содржина: 1. Принципи на рационална фармакотерапија и терапевтско одлучување (1.1. Принципи на рационална употреба на лекови; 1.2. Пристап во клиничко - фармацевтска проценка на терапија - извори на информации, ефективна комуникација и интервју со пациент, пациентска историја; 1.3. Селекција на лек врз основа на ефективност, безбедност, погодност и цена; 1.4. Клинички упатства: GINA, GOLD, ESC, EASD, KDIGO, EULAR, CPIC итн); 1.4. Интерпретација на клиничко-лабораториски тестови (течности и електролити, мултихемиски панели, протеини, липиди, кардијални маркери, тестови за хепатална функција, хематолошки, уриноанализа, онколошки маркери). Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да ги: објасни концепти на рационална фармакотерапија, разбере и примени клинички упатства во терапевтско одлучување, балансира ефективност, ризици и трошоци при избор на лек, формулира терапевтски цели засновани на пациент-центриран пристап. 2. Клиничка фармакокинетика и терапевтски лек мониторинг (2.1. Основи на фармакокинетика – ADME модел; 2.2. Популациска и клиничка PK – индивидуализација на терапија; 2.3. Терапевтски лек

		мониторинг (ТЛМ) (индикации за ТЛМ, лекови со тесен терапевтски индекс, примероци: тип, време на земање, рамнотежна состојба, клиничка и лабораториска интерпретација); 2.4. Дизајн и адаптација на дозен режим (пресметка на clearance и Vd, AUC мониторинг, адаптација кај бубрежна и хепатална дисфункција); 2.5. Применета ТЛМ-анализа на клинички случаи. Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да: го објасни концептот на клиничка фармакокинетика и неговата улога во индивидуализацијата на дозирањето; идентификува кога е индициран ТЛМ и да препознае лекови со тесен терапевтски индекс; избере соодветно време на земање примерок и да интерпретира измерена концентрација во контекст на клиничката состојба; дизајнира и прилагоди дозен режим (почетна доза, доза на одржување, интервал) врз основа на фармакокинетски параметри; примени алгоритми за адаптација на доза кај пациенти со нарушена органска функција (бубрег/хепар); предложи и документира клиничка фармацевтска интервенција заснована на ТЛМ-податоци. 3. Идентификација и класификација на проблеми поврзани со лекови -PCNE Classification (3.1. Видови проблеми поврзани со лекови / Проблем, Причина, Интервенција, Исход; 3.2. Примена на PCNE v9.1 во реални случаи; 3.3. Приоритетизација на проблеми според клинички ризик Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да: ги идентификува и класифицира проблемите поврзани со лекови според PCNE, процени тежина и приоритет на интервенција, развие систематски план за оптимизација на лекување. 4. Управување со несакани реакции и интеракции (4.1. Типови на несакани реакции (A/B/D/E/F) – сигнали и менаџмент; 4.2. Клинички значајни интеракции - фармакодинамички и фармакокинетички; 4.3. Клиничка токсикологија и акутни реакции на лекови; 4.4. Алгоритам за клиничка интервенција и документирање) Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да: препознае и категоризира тип на несакана реакција, предвиди и спречи значајни интеракции, идентификува ризик од интоксикација и токсични реакции на лек, дизајнира клиничка интервенција и предложува антидот терапија, спроведе документирана интервенција со очекуван терапевтски исход. 5. Модели за клиничко одлучување, алгоритми, Документација на фармацевтски интервенции и исходи (5.1. Клинички "*reasoning"* модели (SOAP, SBAR, FARM, PESR); 5.2. Проценка на пациент -проблем - терапевтска цел - интервенција; 5.3. Типови интервенции -промена на лек, доза, мониторинг, едукација; 5.4. Документација во електронски систем / болнички досие; 5.5. Мерење на клинички, економски и пациентски исходи; 4.3. "*Shared Decision-Making"* со пациент и тим на здравствни работници). Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да: применува организиран клинички reasoning модел во приправување терапевтски план, документира случај користејќи стандарден формат (SOAP или FARM),

		аргументира терапевтска одлука пред тим, евидентира интервенции со јасен терапевтски исход, комуницира интервенција до мултидисциплинарен тим, спроведува следење, мониторинг и повторна евалуација. **Поглавје: Клинички одлуки и интервенции во системска терапија на заболувања и состојби (фармакотерапија со патофизиолошки пристап на заболувања)** Содржина: 6. Кардиоваскуларни заболувања (6.1. Дислипидемии, Атеросклероза и Коронарна срцева болест-хиперхолестеролемија и мешана хиперлипидемија; 6.2. Хипертензија; 6.3. Периферна Васкуларна болест-периферна артериска болест, длабока венска тромбоза, пулмонарна емболија; 6.4. Хронична стабилна ангина; 6.5. Акутен коронарен синдром, 6.6. Срцева слабост; 6.7. Аритмии; 5.8. Цереброваскуларни заболувања (транзиторна исхемична атака, Мозочен удар); 7. Пулмонарни заболувања (7.1. Астма, 7.2. Хронично обструктивна пулмонарна болест, 7.3. Акутен и хроничен ринитис, 7.4. Цистична фиброза); 8. Гастроинтестинални заболувања (8.1. Горен гастроинтестинален тракт- диспепсија, пептичен улкус, гастроезофагијален рефлукс, 8.3. Долен гастроинтестинален тракт- улцеративен колит, синдром на иритабилни црева, кронова болест); 9. Ренални заболувања (9.1. Акутна бубрежна болест; 9.2. Хронична бубрежна болест; 9.3. ренална дијализа). 10. Ендокрини заболувања (10.1. Тироидни заболувања – хипертироидизам и хипотироидизам, Лек индуцирана тироидна болест; 10.2 Дијабетес мелитус Тип 1 и Тип 2; 10.3. Дијабетична кетоацидоза, 10.4 Лек индуцирани промени на глукозен метаболизам). 11. Невролошки заболувања (11.1. Мултипла склероза; 11.2. Главоболки; 11.3. Паркинсон и други пореметувања на движење); 11.4. Конвулзивни заболувања; 11.5. Деменција). 12. Психијатриски заболувања (12.1 Анксиозност, Пореметувања на сон; 12.2. Шизофренија; 12.3. Пореметување на однесување-мајорно депресивно пореметување, биполарна болест; 12.4. Пореметување на внимание со хиперактивност). 13. Инфективни заболувања (13.1. Антимикробна профилакса при хируршки интервенции; 13.2. Инфекции на централен нервен систем; 13.3.Ендокардитис; 13.4. Инфекции на респираторен тракт (бронхитис, пневмонија, туберкулоза; 13.5. Инфективна дијареја; 13.6. Инфекции на уринарен тракт; 13.7. Интраабдоминални инфекции; 13.8. Сексуално преносливи болести; 13.9. Фунгални инфекции; 13.10. Вирусни инфекции; 13.11. Хепатитис). Резултати: По завршување на оваа целина (6-13) студентот ќе може да оптимизира фармакотерапија во специфични системски заболувања, интегрирајќи ги клиничко-фармацевтските принципи на рационална терапија, ТЛМ, клиничка фармакогенетика и управување со проблеми поврзани со лекови, да предложи клинички интервенции, да следи терапевтски исходи и несакани ефекти, и да документира и презентира резултати во мултидисциплинарен тим. **Поглавје: Фармакотерапија кај специјални популации**

		Содржина: 14. Фармакотерапија кај педијатрија и геријатрија **(**14.1. Разлики во фармакокинетика и фармакодинамика кај деца и стари лица; 14.2. Индивидуализирано дозирање: возраст, телесна маса, BSA, органска функција; 14.3. Управување со полифармација, несакани реакции и интеракции; 14.4. Интеграција на ТЛМ и фармакогенетика за оптимизација на терапија; 14.5. Превенција на медикаментозни грешки и развој на безбеден терапевтски план и следење на исходи). Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да прилагоди терапија според физиолошки и клинички особености, да следи безбедност и ефективност, и да користи ТЛМ и фармакогенетика за оптимизација на доза и исходи. **Поглавје: Неопластични заболувања** Содржина: 15.1. Принципи на системска антитуморска терапија (хемотерапија, имунотерапија, таргет терапија); 15.2. Превенција и третман на токсичност и несакани ефекти од хемотерапија, имунотерапија и таргетирана терапија; 15.3. Педијатриски малигнитети; 15.4. Возрасни хематолошки малигнитети; 15.5. Карцином на дојка, 15.6. Карцином на бели дробови, 15.7. Колоректален карцином; 15.8. Нутритивни стратегии во кахексија и малнутрицијa). Резултати: По завршување на оваа целина, студентот ќе може да идентификува токсичности и предложи стратегии за нивно менаџирање, подготви план за поддршка: антиеметика, хидратација, нутритивни мерки, едуцира пациент на хемато-онколошка терапија или орална онколошка терапија.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Фармацевтски менаџмент и фармакоекономија; Фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализација на терапија; Молекуларни основи на терапевтици; Молекуларна биофармација и фармакокинетика; Неклинички и клинички испитувања на лекови		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните и работните методи комбинираат предавања, семинари, работа во мали групи и практични лабораториски активности за развој на критичко мислење и примена на рационална фармакотерапија, ТЛМ, токсикологија и фармакогенетика. Студентите решаваат клинички случаи, идентификуваат проблеми поврзани со лекови, развиваат интервенции и документираат исходи во мултидисциплинарен контекст. Оценувањето се базира на практична примена, презентации, решавање на случаи и писмени/усни тестови, обезбедувајќи интегративен пристап кон учење и клиничка- фармацевтска компетентност.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	60
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/

		17.3.	Домашно учење - задачи		30
18	Услови за потпис	Минимум 60 бодови од предвидените активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови			26-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			26-50
	19.3.	Завршен испит: бодови			
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода		5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода		6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода		7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација		

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	DiPiro JT et al., McGraw-Hill	Pharmacotherapy: A Pathophysiologic Approach (12th Ed.)	McGraw Hill	2023
2.	Walker & Whittlesea,	Clinical Pharmacy and Therapeutics (6th ed.)	Elsevier	2019
3.	Alldredge et al.,	Koda-Kimble and Young’s Applied Therapeutics (11 th ed.)	Lippincott	2017

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Релевантни стручни здруженија и професионални организации	Ажурирани клинички упатства и консензус-документи		
2.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 9		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МЕТОДИ ВО МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА И ГЕНЕТСКО ИНЖЕНЕРСТВО			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Надица Матевска-Гешковска (одговорен наставник) Проф. д-р Дијана Плашеска Каранфилска Доц. д-р Марија Станинова Стојовска Доц. д-р. Елизабета Крстевска Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Предметот има за цел да обезбеди систематско и продлабочено познавање на современите методи и аналитички пристапи во молекуларната биологија и генетското инженерство, како и нивна интеграција во научно-истражувачки контекст и современа медицинска пракса. Студентите ќе развијат компетенции за: критичка процена, избор и примена на методи во зависност од истражувачката хипотеза, дизајн, оптимизација и валидација на молекуларни методи; обработка и интерпретација на квантитативни и квалитативни биолошки податоци; примена на молекуларни методи и технологии во современата медицинска пракса. Резултати: По успешно завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: разберат молекуларни податоци и методолошки пристапи од научна литература, да објаснат принципи, можности и ограничувања на основни и современи молекуларни методи; да дизајнираат експериментален пристап и изберат соодветна методологија за анализа на гени, протеини и молекуларни процеси; практично да применуваат и модифицираат молекуларни техники во експериментална и рутинска клиничка пракса; критички да интерпретираат податоци добиени со молекуларни методи во научно-истражувачки и клинички контекст.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во молекуларни методи и генетското инженерство** Содржина: Преглед на современи молекуларни методи; молекуларна дијагностика; интеграција на молекуларни и клинички податоци; дизајн на експеримент; валидација, контроли и репродуцибилност на податоци; добри лабораториски практики.			

		Резултати: Студентот ја разбира улогата на молекуларните методи во медицинските истражувања и рутинска клиничка пракса, има способност за критичко планирање, употреба и валидација на методолошки пристапи во зависност од истражувачката хипотеза и знае како да ги контролира варијаблите во експеримент. **Поглавје: Изолација и карактеризација на биомолекули** Содржина: Методи на изолација на ДНК, РНК и протеини од човечки ткива и клеточни линии; анализи на чистота и интегритет: спектрофотометриски, флуорометриски и електрофоретски методи; реверзна транскрипција и синтеза на cDNA. Резултати: Студентот е способен да изведува и оптимизира постапки за изолација и анализа на биомолекули и подготвува примероци за PCR. **Поглавје: Полимеразна верижна реакција (PCR) и нејзини варијации** Содржина: Методи на амплификација, принципи и оптимизација на различни типови на PCR: алелспецифична, мултиплекс, тачдаун, вгнездена PCR; квантитативна PCR (qPCR - SYBR Green, TaqMan); методи за анализа на експресија на гени (RT-PCR); дигитална PCR (dPCR); методи на апсолутна и релативна квантификација; примена во молекуларна дијагностика и фармакогеномика. Резултати: Студентот знае да дизајнира и интерпретира PCR анализи за клинички и истражувачки цели, ги разбира принципите и е способен да реши проблеми поврзани со амплификација и оптимизација на различни типови PCR. **Поглавје: Секвенционирање на ДНК/РНК и микроарејна технологија** Содржина: Принципи на Sanger секвенционирање, изработка на ДНК и РНК библиотеки, секвенционирачки технологии од нова генерација (NGS); микроарејна технологија (ДНК, РНК, Array CGH); основна биоинформатичка обработка и визуелизациски техники за интерпретација на резултати добиени од напредни технологии. Резултати: Студентот ги разбира принципите и е способен за анализа, интерпретација и интеграција на големи биолошки податоци, може да ги примени методите во контекст на персонализирани терапии и дијагностика. **Поглавје: Техники за електрофореза и хибридизација на нуклеински киселини и протеини** Содржина: електрофоретски методи (PAGE, SDS-PAGE, 2D-PAGE, капиларна електрофореза); фрагмент анализа, SnapShot, MLPA; методи на хибридизација (Southern, Northern и Western blot, FISH). Резултати: Студентот може да избере и изведе соодветен тип на анализа, ги разбира принципите и може да изврши анализа на податоците добиени со електрофоретски и блот-методи. **Поглавје: Методи за анализа на протеини** Содржина: Имуноанализа (ELISA, Co-IP, ChIP); масена спектрометрија и протеомски пристапи. Резултати: Студентот ги разбира принципите и може да примени метод за детекција и квантитација на протеини, може да направи интеграција на протеинска анализа во системски биолошки контекст. **Поглавје: Основи на генетско инженерство** Содржина: Клонирање на гени и експресија на рекомбинантни протеини, вектори, ензимски системи и клонални стратегии; CRISPR/Cas и современи техники за манипулација на гени. Резултати: Студентот ги разбира принципите на манипулација со гени и знае како да избере метод за генска модификација, демонстрира

		познавања за дизајн и изведба и може критички да анализира експерименти за уредување на гени.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Биоинформатички основи за анализа на нуклеински киселини и протеини, фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализирана терапија, молекуларна дијагностика на наследни, малигни и инфективни болести		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи: 1. Интерактивни предавања кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми 2. Практична настава во лабораторија Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење - задачи	40
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		30
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		30
	19.3.	Завршен испит: бодови		10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	G.P. Patrinos, W. J. Ansorge, P. B. Danielson	Molecular Diagnostics, Third Edition	Elsevier	2017
2.	T.A. Brown	Gene Cloning and DNA Analysis: An Introduction,	Wiley-Blackwell	2020
3.	M. Kappelmann-Fenzl	Next Generation Sequencing and Data Analysis	Springer	2021

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	L. Buckingham	Molecular diagnostics: fundamentals, methods, and clinical applications	F.A. Davis Co	2012
		2.	J.A. Doudna, P. Mali, S.H. Sternberg	CRISPR-Cas: A Laboratory Manual	CSHL Press	2016
		3.		Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија		

Ред. број 10		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКИ МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-05			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Зоран Стерјев (одговорен наставник) Проф. д-р Леонид Наков Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска Проф. д-р Александар Капедановска Несторовска Проф. д-р Зорица Наумовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Воспоставување на ефективен (лидерски) и ефикасен систем на менаџирање со процедурите и формите на соработка меѓу менаџерите и неменаџерите во здравствените институции. Определување на индикаторите на квалитет на севкупната здравствена услуга, со цел нејзин систематизиран развој сообразно тенденциите на напредните здравствени системи во светот. Современи системи за финансирање на здравствени институции и примена на маркетинг во здравствен сектор со посебен акцент на фармацевтскиот сектор. Запознавање со целите, улогата и значењето на фармакоекономијата, основните принципи и терминологијата на фарамакоекономија како алатка во донесување на информирани здравствени политики. Стекнување со основни теоретски знаења и вештини поврзани со различните видови на исходи поврзани со терапијата, нивна идентификација, критичка проценка, мерење и методи на споредба. Да се разберат стратегијата за спроведување на фармакоекономска евалуација и истражување, принципите на евалуација и интерпретација на резултати од фармакоекономски анализи, креирање и имплементација на национални фармакоекономски водичи.			

		Резултати: Стекнување со обемни сознанија, вештини и компетенции за современите улоги и способности за успешен здравствен и фармацевтски менаџмент на секое ниво, развивање на други форми на тимска соработка и спроведување на фармакоекономска евалуација и истражување.		
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Фармацевтски менаџмент** Содржина: Оценување на интерното и екстерното окружување за ефективен и ефикасен здравствен менаџмент; современ профил на здравствениот менаџер како лидер на здравствени промени (улоги, способности и тимска соработка); процес на здравствен менаџмент (планирање, организирање, буџетирање, координирање, мотивирање, контролирање на квалитетот); комуникација и одлучување кај современиот фармацевтски менаџмент (менаџмент на процеси и односи); индикатори на успешен здравствен менаџмент (модели за менаџирање со промените и развојот кај здравствените менаџери и институции); менаџмент на човечки ресурси и одбори во здравствениот менаџмент; етички и регулаторни аспекти поврзани со фармацевтскиот менаџмент и здравствениот менаџмент; менаџмент на современа здравствениот систем. **Поглавје: Маркетинг во здравствената дејност** Содржина: Промоција на здравје; фармацевтски маркетинг. **Поглавје: Основни концепти на здравствена економија и фармакоекономија и истражување на исходи** Содржина: Методологија на истражување на исходи (поставување на прашање, идентификација мерење и вреднување на ресурси и исходи, избор на дизајн на студија - експериментален, симулациски, комбиниран, собирање на податоци, анализа, дисконтирање, анализа на сензитивност, етички аспекти, интерпретација на резултати); применета фармакоекономија (рефундација на лекови, клинички водичи за третман и менаџирање на болести, евалуација на здравствени програми, пациент- фокусирани одлуки, drug use политики). Резултати: Студентите се стекнуваат со знаење и способност да ги применуваат индикаторите на квалитет за секоја здравствена услуга (од дијагностичка, технолошка, етичка и резултатска гледна точка); прогресивно да ги унапредуваат и функционално употребуваат нивоата на знаења, вештини, искуства и способности на здравствените работници; да ја анализираат функцијата на социјалната политика и регулативата во областа на здравствената заштита; се запознаваат со улогата и значењето на фармакоекономијата во однос со останатите здравствени и економски дисциплини, категоризацијата, мерењето и проценката на здравствените исходи, идентификацијата и изборот на перспектива и метод на фармакоекономска анализа; може да ги применуваат фармакоекономските истражувања во проценка на здравствени технологии, донесување на одлуки и развој на здравствени политики.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Клиничка фармација		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/

		16.3	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.2.	Домашно учење: часови	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Завршен писмен испит: бодови		26-50
	19.2.	Проектна задача: бодови		25-50
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Joan Gratto Liebler, Charles R. McConnell	Management Principles for Health Professionals 8th Edition	John Bartlet Learning	2021
2.	John D. Blair , Myron D. Fottler, et al.	Advances in Health Care Management	Emerald Publ. Limited	2020
3.	Sharon B. Buchbinder, Nancy H. Shanks, Dale Buchbinder, Bobbie J Kite	Cases in Health Care Management, 2nd Edition	John Bartlet Learning	2023
4.	Min Ding, Jehoshua Eliashberg, Stefan Stremersch	Innovation and Marketing in the Pharmaceutical Industry: Emerging Practices, Research, and Policies	Springer	2014
5	Andrew M. Peterson, William N. Kelly	Leadership and Management in Pharmacy Practice	CRC Press	2015
6.	Ajoy S Joseph	Pharmaceutical Management and Marketing	CBS Publishers	2021
7.	Pradelli, L., Wertheimer, A.	Pharmacoeconomics. Principles and Practice	SEEd Medical Publishers.	2022
8.	Renee J. G. Arnold	Pharmacoeconomics From Theory to Practice, 2nd Edition	CRC Press	2021

		9.	Karen L. Rascati	Essentials of Pharmacoeconomics, 2nd Edition	Lippincott Williams & Wilkins	2013
		10.	Drummond MF, Sculpher MJ, Claxton K, Stoddard GL, Torrance GW	Methods for the economic evaluation of health care programmes 4th edition.	Oxford University press, Oxford	2015
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 11		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАКОГЕНЕТИКА, ФАРМАКОГЕНОМИКА И ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА ТЕРАПИЈА			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-06			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александар Димовски (одговорен наставник) Проф. д-р Дијана Плашеска Каранфилска Проф. д-р Надица Матевска-Гешковска Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Доц. д-р Марија Станинова Стојовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цел на предметот е студентите да развијат продлабочено разбирање на принципите во фармакогенетиката и фаракогеномиката, да се продлабочат познавањата за молекуларната дијагностика и нејзината улога во индивидуализацијата на терапијата во хуманата медицина, како и во развојот/откривањето на нови лекови и да ги разберат принципите и можностите на генска и клеточна терапија кај наследни и малигни заболувања. Резултати: По успешно завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: ги објаснат молекуларните механизми кои ја детерминираат индивидуалната фармаколошка реакција; разликуваат генетски, епигенетски и посттранскрипциски фактори кои влијаат на фармакогеномски профил; да ги поврзат фармакогенетските варијанти со патогенезата и терапевтскиот одговор кај ретки и малигни заболувања; да направат критичка анализа на геномски и транскриптомски податоци во клинички контекст; да интерпретираат резултати од генетско тестирање и формулираат препораки за индивидуализирана терапија базирана на податоци од генетски биомаркери во однос на избор на лек и доза; да ги објаснат принципите, механизмите и клиничката примена на генска и клеточна терапија.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Генетски варијации** Содржини: Видови на генетски варијации и специфични начини на промена на функцијата на гените кај наследни и стекнати заболувања, основни концепти на персонализирана медицина. Резултати: Студентите ги разбираат молекуларните основи на различните типови на генетски и епигенетски промени и како тие промени можат да се употребат за молекуларна дијагностика и индивидуализација на терапијата. **Поглавје: Фармакогенетика** Содржина: Основни принципи на фармакогенетиката, молекуларни механизми на фармакогенетска варијабилност, гени за метаболизам на лекови, транспортери, рецептори, регулаторни механизми, употреба на фармакогенетиката во секојдневната клиничка пракса. Резултати: Студентите ги разбираат молекуларни основи на фармакокинетичка и фармакодинамичка варијабилност, можат да објаснат како молекуларните промени влијаат врз ефикасноста и токсичноста на лекови. **Поглавје: Фармакогеномика** Содржина: Пристапи во геномски анализи на влијание на лековите, пристапи во анализата на ниво на целиот геном за разјаснување на варијации на терапија со лекови, интерпретација на геномски податоци и пристапи во дијагноза, прогноза и индивидуализација на терапија кај наследни и малигни болести. Резултати: Студентите ги разбираат принципите и можат да интерпретираат податоци добиени со современи геномски технологии, ја разбираат интеграцијата на фармакогеномиката во клиничката пракса. **Поглавје: Интеграција на фармакогеномски податоци во клиничката пракса** Содржина: Алгоритми за клиничка примена, клинички водичи (NCCN, CPIC, PharmGKB), системи за поддршка на одлуки при персонализирани терапевтски пристапи, етички и регулаторни аспекти, информирана согласност, приватност на податоци, биобанки, регулаторни рамки (EMA, FDA). Резултати: Студентите можат да применуваат меѓународни препораки за интерпретација и имплементација на резултати, разбираат како се воведува фармакогенетиката во здравствениот систем и можат да идентификуваат етички дилеми и регулаторни барања. **Поглавје: Фармакогенетика и фармакогеномика во развој на нови лекови** Содржина: Откривање на цели за дејство на нови лекови, вклучување на генетски биомаркери во клинички истражувања, дефинирање на нови индикации за постоечки лекови, вклучување на задолжително генетско тестирање за внатрешно упатство на лекови. Резултати: Студентите ја разбираат значајноста на фармакогеномиката во современата фармацевтска индустрија, можат да толкуваат податоци од клинички истражувања. **Поглавје: Генска терапија– концепт и клиничка примена** Содржина: Основни принципи на генската терапија, видови генска терапија (*in vivo, ex vivo*), векторски системи (вирусни и невирусни), CRISPR-Cas9, генско уредување, CAR-T терапии. Резултати: Студентите ќе се запознаат со основните принципи на генска модификација и нејзина примена во секојдневната клиничка пракса **Поглавје: Клеточна терапија и трансплантација** Содржина: Основни принципи на клеточната терапија и трансплантацијата на ткива и органи, хематопоетски и мезенхимални

		матични клетки, имунотерапија, трансплантација на органи, HLA-компатибилност, фармакогенетика на имуносупресија. Резултати: Студентите ќе се запознаат со основни принципи на клеточната терапија и трансплантацијата на ткива и органи и влијанието на генетиката врз успехот на трансплантацијата и имунотерапијата. **Поглавје: Молекуларна персонализирана медицина – идни насоки** Содржини: Мултиомски пристапи, вештачка интелигенција во фармакогеномиката. Резултати: Студентот ги разбира идните трендови во интеграцијата на молекуларни податоци и клиничка практика.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Биоинформатички основи за анализа на нуклеински киселини и протеини; Молекуларна дијагностика на наследни, малигни и инфективни болести; Клеточна сигнализација; Методи во молекуларна биологија и генетско инженерство		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи: 1. Интерактивни предавања кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми 2. Практична настава во лабораторија Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење – задачи	40
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	30	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	30	
	19.3.	Завршен испит: бодови	10	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Ginsburg GS & Willard HF	Genomic and Precision Medicine: Foundations, Translation, and Implementation	Elsevier	2016
		2.	Walther W & Stein U	Gene Therapy of Cancer: Methods and Protocols	Springer	2021
		3.		клинички водичи (NCCN, CPIC, PharmGKB)		
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Bertino JS, Kashuba A, Ma JD, Fuhr U, DeVane CL	Pharmacogenomics: An Introduction and Clinical Perspective	McGraw-Hill Medical	2013
		2.	Francis Lam YW & Scott S	Pharmacogenomics	Elsevier, 2Ed	2018
		3.		Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија		

Ред. број 12		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МОЛЕКУЛАРНА ДИЈАГНОСТИКА НА НАСЛЕДНИ И МАЛИГНИ БОЛЕСТИ			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-07			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Дијана Плашеска Каранфилска (одговорен наставник) Проф. д-р. Александар Димовски Проф. д-р Надица Матевска Гешковска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел да им овозможи на студентите продлабочени знаења за примената на молекуларно-генетските технологии во дијагностиката на наследни и малигни болести, со акцент на методите што овозможуваат откривање, потврдување и интерпретација на патогени варијанти кај пациенти и семејства со генетски нарушувања. Студентите ќе развијат компетенции за: разбирање на основните принципи на молекуларната дијагностика; познавање на класични и современи лабораториски методи; примена и интерпретација на резултати од нови секвенционирачки технологии (NGS); разбирање на генетската хетерогеност и молекуларните механизми што стојат зад наследни и малигни заболувања; примена на генетско советување и етички принципи при анализа и известување на резултати. Фокусот е на примената на современите технологии во медицинската генетика и онкогенетика, со посебен осврт на клиничката интерпретација на геномските податоци. Резултати: По успешно завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: ги објасни принципите и областите на примена на молекуларната дијагностика во медицината; разликува типови на генетско тестирање и нивната примена во дијагностика на моногенски и сложени болести; разбира генетски и молекуларни механизми кај наследни болести и канцер; избере соодветен молекуларен метод за откривање на специфична мутација или хромозомска аберација; толкува резултати добиени со класични методи (PCR, qPCR, MLPA, Sanger секвенционирање) и со современи техники (NGS, панели на гени, целоекзомско/цалогеномско секвенционирање), користи онлајн бази на податоци за класификација и интерпретација на варијанти			

		(ClinVar, gnomAD, HGMD, COSMIC, OncoKB); разбира и може да примени принципи за валидирање и известување на резултати според меѓународните стандарди (ACMG/AMP, CAP/CLIA); разбира основи на генетско советување, етички прашања и комуникација со пациенти.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во молекуларна дијагностика** Содржина: Поим и значење на молекуларната дијагностика; видови генетски тестирања; разлики меѓу скрининг, дијагностичко и предиктивно тестирање; релевантни национални и меѓународни стандарди (ACMG, ESHG, CAP). Резултати: Студентот ги разбира основните концепти, видови и цели на молекуларното тестирање. **Поглавје: Наследни болести: молекуларни механизми и дијагностички пристапи** Содржина: Моногенски, полигенски и сложени болести; генетска хетерогеност; молекуларни механизми: точковни мутации, делеции/дупликации, варијанти што влијаат на сплајсинг; примери: цистична фиброза, хемоглобинопатии, Дишенова мускулна дистрофија, спинална мускулна атрофија, фамилијарни синдроми на карциноми. Резултати: Студентот ги разбира основните молекуларни механизми и нивната дијагностичка примена. **Поглавје: Избор на молекуларни методи за дијагностика** Содржина: Избор на најсоодветна метода PCR, qPCR, MLPA, Sanger секвенционирање, FISH, CGH, дигитална PCR во зависност од испитуваната состојба/болест; контроли и валидација на резултати; интеграција со клинички и биохемиски податоци. Резултати: Студентот ги познава принципите и примена на основните молекуларни техники. **Поглавје: Примена на нови секвенционирачки технологии (NGS со кратки и долги читања)** Содржина: Принципи на NGS: панели на гени, целосно егзомско и целосно геномско секвенционирање; секвенционирање со долги читања; анализа и интерпретација на податоците: филтрирање, анотација, класификација; избор на најсоодветен пристап во дијагностика на наследни болести и канцер. Резултати: Студентот разбира процесот на генерирање и анализа на NGS податоци и може да ги интерпретира добиените извештаи. **Поглавје: Молекуларна дијагностика на малигни болести** Содржина: Молекуларни механизми на канцерогенеза; дијагностички, прогностички и терапевтски биомаркери; молекуларна типизација на тумори: BRCA1/2, EGFR, KRAS, BRAF, NTRK, PD-L1, MSI; течна биопсија и циркулирачка туморска ДНК. Резултати: Студентот ги разбира современите молекуларни пристапи во онкогенетиката. **Поглавје: Интерпретација и валидација на резултати** Содржина: Бази на податоци и алатки: ClinVar, LOVD, HGMD, COSMIC, OncoKB; класификација на варијанти според ACMG/AMP; валидација и пишување на извештаи; генетско советување. Резултати: Студентот може да користи бази за интерпретација на варијанти и да разбере клинички извештај. **Поглавје: Етички аспекти, генетско советување и комуникација на резултати** Содржина: Доверливост, информирана согласност; интерпретација на случајни и секундарни наоди; етички аспекти на геномиката и предиктивното тестирање.

		Резултати: Студентот може да препознае етички дилеми и да комуницира резултати со клинички тим.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Методи во молекуларна биологија и генетско инженерство; Биоинформатички основи за анализа на нуклеински киселини и протеини; Фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализирана терапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи: 1. Интерактивни предавања со примери од клиничка пракса 2. Презентации и дискусии на реални случаи; Преглед и анализа на извештаи од генетски тестови Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на мини проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	40
		17.3.	Домашно учење - задачи	40
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	/	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	40	
	19.3.	Завршен испит: бодови	30	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворени дискусии со студентите и анонимна анкета по завршувањето на предметот.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	William B. Coleman & Gregory J. Tsongalis	Molecular Diagnostics: For the Clinical Laboratorian	Humana Press Inc.	2006
		2.	Kulkarni S. & Roy S.	Clinical Genomics: A Guide to Clinical Next-Generation Sequencing	Elsevier	2026

		3.	Melanie Kappelmann-Fenzl	Next Generation Sequencing and Data Analysis	Springer	2021
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Richards S. et al.	ACMG/AMP Standards & Guidelines (interpretation of sequence variants)	Genet Med. (Elsevier Open Access)	2015
		2.	Li MM. et al.	AMP/ASCO/CAP recommendations for somatic variant classification.	J Mol Diagn. (Elsevier Open Access)	2017
		3.	Qian Ge at al.	Liquid biopsy: Comprehensive overview of circulating tumor DNA (Review)	Oncol Lett (Spandidos Publications)	2024

Ред. број 13		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И ПОЛИТИКИ ВО СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-08			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Грозданова (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска Доц. д-р Евгенија Михајлоска Доц. д-р Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Предметот “Истражувачки методи и политики во социјалната фармација“ има за цел да обезбеди знаења за социјалната фармација и вештини за примена на истражувачки методологии во анализата на здравствени и политики. Студентите ќе развијат компетенции за критичко оценување на социјалните, економските, етичките и регулаторните аспекти на фармацевтската пракса и фармацевтските услуги, како и за учество во развој и имплементација на здравствени политики засновани на докази. Резултати: По завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: ги објасни концептите и принципите на социјалната фармација; применува квантитативни и квалитативни истражувачки методи во анализата на здравствени политики; анализира фактори што влијаат на употребата на лекови, пристапот до терапија и здравствено однесување, евалуира ефективност и економска оправданост на фармацевтските услуги и политики за лекови; применува принципи на етичко и професионално однесување во истражувањето и фармацевтската практика; поседува знаења за заштита на патенти во фармацевтските истражувања и ја разбирање на улогата на индустриската сопственост во здравствениот систем;			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед и основни принципи во социјална фармација** Содржина: Основни елементи на социјалната фармација како интердисциплинарна научна област; професионална улога на фармацевтот во современите здравствени системи вклучувајќи ги и етичките принципи во професионалното однесување; вовед во значењето на социо-економските фактори и нивното влијание врз употребата на лекови, пристапот и до здравствена грижа. Резултати: Разбирање на основните елементи на социјалната фармација како интердисциплинарна научна област; разбирање на			

		улогата на фармацевтот во здравствениот систем; примена на основните етички принципи во професионалното однесување; идентификување на клучните социо-економски фактори што влијаат врз употребата на лекови и пристапот до здравствена грижа. **Поглавје: Истражувачки методи и анализа во социјалната фармација** Содржина: Вовед во квантитативни и квалитативни методи за истражување на социјалната фармација, фармацевтските услуги и употребата на лекови; дизајн на студии, собирање и анализа на податоци и интерпретација на резултати; критериум за квалитет на податоците, интервјуа со поединци и со фокусни групи, опсервации, прашалници и основни концепти на епидемиолошките истражувања. Резултати: Стекнато знаење за истражувачките методи применети во фармацевтската пракса и грижа; спроведување и анализа на податоци од анкети, интервјуа и опсервациски студии; применето критичко читање на научни публикации. **Поглавје: Фармацевтска регулатива, здравствени системи и политики на лекови** Содржина: Правна регулатива и законодавство во фармацевтската пракса; национални и европски регулативи поврзани со здравствени системи и политики за пристап, квалитет и рационална употреба на лекови; улога на регулаторните тела и здравствените политики во обезбедување на квалитет во фармацевтската дејност. Резултати: Разбирање на законодавниот контекст на фармацијата и препознавање на клучните национални и европски правни акти што ја уредуваат фармацевтската практика; идентификување на улогата и надлежностите на регулаторните институции во здравствениот систем; анализирање на политиките за регулирање на употребата на лекови. **Поглавје: Фармацевтска грижа и комуникација со пациенти** Содржина: Принципи на комуникација во фармацевтската практика; улогата на фармацевтот во примарна и превентивна грижа; индивидуализиран пристап, мотивационо советување и поддршка на придржување кон терапија; психолошки, социјални и економски фактори што влијаат врз однесувањето на пациентите при употреба на лекови; анализа на различни аспекти на употребата на лекови (злоупотреба, допинг). Резултати: Стекнување на знаења и вештини во ефективна комуникација во фармацевтската практика; дефинирање на улогата на фармацевтот во примарната и превентивната здравствена грижа; примена на индивидуализиран пристап кон пациентите, вклучувајќи техники на мотивационо интервјуирање и поддршка на придржување кон терапијата; идентификување на психолошките, социјалните и економските фактори што влијаат врз однесувањето на пациентите при употреба на лекови; критичка анализа на различните аспекти на употребата на лекови како што се неправилна употреба и злоупотреба. **Поглавје: Етички и социјални аспекти на фармацевтската пракса** Содржина: Етички принципи во фармацевтската пракса и нивната примена во професионалното однесување. Социјални аспекти на пристапот до лекови, нееднаквост во здравството и улогата на

		фармацевтот во поддршка на ранливи групи на пациенти. Концепти на здравствена заштита базирана на вредности и придонесот на фармацевтот во постигнување подобри исходи и рационална употреба на ресурси; социјален товар на болестите и неговото значење за планирање здравствени политики, оптимизација на терапевтските интервенции и подобрување на квалитетот на грижата. Резултати: Порепознавање на основните етички принципи и нивна примена во фармацевтската пракса; разбирање на концептот на здравствена заштита базирана на вредности и придонесот на фармацевтот во подобрување на здравствените исходи; разбирање и идентификување на социјалниот товар на болестите во креирање на здравствени политики. **Поглавје: Улогата и значењето на индустриската сопственост во поттикнување на иновациите во фармацевтскиот сектор и достапноста на лековите** Содржина: Социјални, економски и етички аспекти на индустриската сопственост во фармацевтскиот сектор, со нагласок на патентите и сродните облици на заштита на интелектуалната сопственост; влијанието на патентниот систем врз достапноста и цената на лековите, улогата на патентите во поттикнување на истражување, развој и иновации, како и предизвиците што произлегуваат од судирот помеѓу јавниот интерес и интересите на фармацевтската индустрија; анализа на меѓународните регулативи, етичките дилеми и механизмите за обезбедување правична рамнотежа меѓу заштитата на иновациите и правото на пристап до здравствена заштита. Резултати: Разбирање на улогата на индустриската сопственост во здравствениот систем; препознавање на значењето на патентите и другите форми на заштита за развојот на фармацевтската наука и индустријата; анализирање на поврзаноста меѓу иновацијата, економскиот развој и јавниот интерес; развивање на критички однос кон етичките и општествените аспекти на патентирањето во фармацијата.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		26-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		24-50

	19.3.	Завршен испит: бодови			
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)
				51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
				61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Liamputtong, Pranee	Handbook of Concepts of Health, Health Behavior and Environmental Health	Springer Nature	2025
		2.	Nathaniel Rickles, Albert Wertheimer и Jon Schommer	Social and Behavioral Aspects of Pharmacy Practice	Kendall Hunt Publishing Company	2016
		3.	Ravi Shankar K., M. Sridevi и A. Lakshmana Rao	Social and Preventive Pharmacy	Pharmamed Press	2021
		4.	Kevin M. G. Taylor, Sarah Nettleton и Geoffrey Harding	Sociology for Pharmacists: An Introduction	CDC press	2018
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.				

Ред. број 14		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКА ПРАКСА - СОВРЕМЕНИ МОДЕЛИ И НАПРЕДНИ ТЕХНОЛОГИИ			
2.	Код	ФФИФХ-ДС-09			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Грозданова (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска Проф. д-р Љубица Шутуркова Доц. д-р Евгенија Михајлоска Доц. д-р Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот „Развој и примена на фармацевтска пракса – современи модели и напредни технологии“ има за цел да обезбеди знаења и вештини за современите насоки, иновации и дигитална трансформација во фармацевтската професија. Студентите ќе развијат компетенции за дизајн, евалуација и имплементација на фармацевтски услуги засновани на докази, ќе ги разберат националните и меѓународните политики за развој на професијата, како и примената на нови технологии и интегрирани модели на грижа во современиот здравствен систем. Резултати: По завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: ги разбере современите трендови, иновации и модели на фармацевтска практика; ги разбира принципите на фармацевтска пракса заснована на докази (evidence-based pharmacy practice) при клиничко и професионално одлучување; го разбере функционирањето на здравствените системи и регулаторните рамки кои влијаат на квалитетот, безбедноста и достапноста на лековите; го разбира значењето на дигиталните технологии и аналитички платформи во оптимизација на фармацевтските услуги и следење на терапијата.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Иновации и еволуција во фармацевтската пракса** Содржина: Поглавјето ги опфаќа современите трендови, иновации и грижа, дигитализација на услугите и интеграција на еволуцијата на улогата на фармацевтот во здравствениот систем. Се разгледуваат промени во моделите на фармацевтска фармацевтот во мултидисциплинарни тимови.			

		Резултати: Разбирање на современите тенденции и иновативни пристапи во фармацевтската пракса; препознавање на можностите за унапредување на фармацевтските услуги преку иновации. **Поглавје: Развој, евалуација и имплементација на современа фармацевтска пракса** Содржина: Фокус на процесите на дизајн, спроведување и оценка на нови фармацевтски услуги; индикатори за квалитет и методи за мерење на резултати од фармацевтската услуга. Резултати: Способност за евалуација на модели на современа фармацевтска практика; применување на методи за проценка на ефективност и влијание на фармацевтските услуги. **Поглавје: Напредни концепти и модели во фармацевтската пракса** Содржина: Современи концепти како value-based pharmacy, patient-centered care, фармацевтска телемедицина, персонализирана терапија и интегрирана грижа. Поглавјето ја нагласува врската меѓу фармацевтската пракса, јавното здравје и дигиталните технологии. Резултати: Препознавање на напредните модели на фармацевтска грижа и нивната примена во различни здравствени системи; разбирање на коцептите на персонализирана фармацевтска грижа. **Поглавје: Фармацевтска пракса базирана на докази и здравствени иновации** Содржина: Вовед во принципите на evidence-based practice и нивната примена во фармацевтските услуги. Се разгледува критичко оценување на научни докази, развој на клинички упатства и интеграција на иновативни технологии во секојдневната практика. Резултати: Разбирање на принципите на фармацевтска пракса заснована на докази; применување на научни докази при донесување фармацевтски и клинички одлуки; користење на дигитални и иновативни решенија во фармацевтската грижа. **Поглавје: Современи пристапи и политики во развојот на фармацевтската пракса** Содржина: Национални и меѓународни стратегии за развој на фармацевтската професија, модели на финансирање, програми за јавно здравје што влијаат на професионалната еволуција. Резултати: Анализирање на политики и стратегии за развој на фармацевтската дејност. **Поглавје: Современи политики и дигитализација во фармацевтската пракса** Содржина: Дигиталната трансформација во фармацијата – електронски здравствени записи, телемедицина, е-рецепти и аналитички платформи за следење на терапија. Се разгледуваат етички и организациски аспекти на дигитализацијата. Резултати: Разбирање на придобивките од дигитализацијата во фармацевтската пракса; запознавање со дигитални алатки за поддршка на клиничкото одлучување и управување со терапија. **Поглавје: Интелектуална сопственост и заштита на иновации во фармацевтската пракса** Содржина: Правата на интелектуална сопственост во фармацевтската пракса - патенти, авторски права, трговски марки и комерцијални тајни како механизми за заштита на иновации, технологии и фармацевтски производи. Се разгледува примената на заштитата во дигитални платформи, автоматизирани системи и иновативни модели на фармацевтска пракса, како и усогласувањето со национални и меѓународни регулативи. Поглавјето ја истакнува улогата на интелектуалната сопственост во поттикнување на иновациите,

		обезбедување на конкурентска предност и регулирање на пристапот до новите технологии. Резултати: Разбирање на улогата на правата на интелектуална сопственост во фармацевтската пракса; запознавање со патенти, авторски права, трговски марки и комерцијални тајни како механизми за заштита на иновации, технологии и фармацевтски производи; примена на правата на интелектуална сопственост во заштитата на дигитални платформи, автоматизирани системи и иновативни модели на фармацевтска пракса, во усогласеност со национални и меѓународни регулативи.			
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење			
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часови			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови		60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови		
		16.3.	Пракса: часови		
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови		60
		17.2.	Самостојни задачи: часови		
		17.3.	Домашно учење - задачи		60
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бода од предвидените наставни активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		26-50	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		24-50	
	19.3.	Завршен испит: бодови			
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)	
		51 х до 60 бода		6 (шест) (E)	
		61 х до 70 бода		7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Liamputtong, Pranee	Handbook of Concepts of Health, Health Behavior and Environmental Health	Springer Nature	2025
		2.	Nathaniel Rickles, Albert Wertheimer и Jon Schommer Kendall	Social and Behavioral Aspects of Pharmacy Practice.	Hunt Publishing Company	2016

		3.	Geoffrey Harding	Pharmacy Practice	Taylor & Francis	2017
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни стручни здруженија и професионални организации	Ажурирани клинички упатства и консензус-документи	
		2.			Релевантни трудови во меѓународни научни списанија	

Ред. број 15		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОНЕОРГАНСКА ХЕМИЈА ВО ФАРМАЦЕВТСКИ НАУКИ			
2.	Код	ФФ-ИПХФА-ДС-01			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета хемија и фармацевтски анализи Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Лилјана Анастасова (одговорен наставник) Проф. д-р Руменка Петковска Проф. д-р Ана Поцева Пановска Доц. д-р Благој Ачевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел студентите на докторски студии да стекнат продлабочени знаења од интердисциплинарната област биолошка неорганска хемија (бионеорганска хемија) комплементарна со други биофармацевтски науки. Опфатена е улогата на биолошки активните елементи (структура, функција, реактивност и механизам на дејство) во фундаменталните биолошки процеси и можностите за примена на овие елементи и неорганските соединенија во дијагностички и терапевтски цели. Резултати: По завршување на предметот докторандот ќе се стекне со напредни сознанија за: принципите на бионеорганска хемија и улогата на биолошки активните елементи во живите системи; предвидување на интеракциите меѓу целните биолошки молекули (протеини и нуклеински киселини) и биогените јони преку интеграција на принципите на неорганската хемија и биохемијата; уникатните својства на биолошки активните елементи што може да се користат во развој на нови лекови, бионеорганski материјали како носачи на лекови и биокатализатори - ензими што овозможуваат ефикасен и одржлив процес на производство на активни фармацевтски			

		супстанци. Студентот ќе се стекне со вештини за критичко размислување и примена на мултидисциплинарен пристап во научното истражување при решавање на сложени проблеми.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Бионеорганска хемија (биолошка неорганска хемија) и техники за проучување на комплекси меѓу есенцијални (биогени) елементи и биомолекули.** Содржина: предмет на проучување, есенцијални неметали, есенцијални метали; техники за проучување на структурата на комплексите меѓу биогените елементи и биомолекулите, спектроскопски методи. Резултати: Докторандот ќе се стекне со продлабочени знаења за механизмот на делување на биогените елементи на молекуларно ниво, врзувачки места, редокс и каталитичка активност; принципите на техниките што се користат за проучување на комплексите меѓу биогените јони и биомолекулите и интерпретација на добиените податоци. **Поглавје: Принципи на координациска хемија релевантни за бионеорганска хемија** Содржина: Биолошки позиции за координирање со металите и специјални лиганди, структура на позициите за координирање на лигандите; термодинамски аспекти на концептот „меки-тврди“ киселини и бази; хелатен ефект, pKa вредности на лиганди, степен и брзина на размена на лиганди. Резултати: Докторандот ќе се стекне со продлабочени знаења за хемизмот на формирање/дисоцијација на комплексите меѓу биогените јони и биомолекулите и динамичката регулација на физиолошките процеси во живите организми. **Поглавје: Интеракции меѓу метални јони и протеини, металоензими и биомиметици** Содржина: металопротеини, активни места кај металоензими и нивна класификација (металохидролзази, металоизомерази, металосинтетази, металиолиази, металооксидоредуктази, лигази); бионеорганска хемија на нуклеински киселини-интеракции со метални јони; структурна анализа на металопротеини; биомиметици; механизми на дејство на металоензими во биодеградација. Резултати: Докторандот ќе може да ги примени стекнатите знаења за интеракциите биогените јони - биомолекулите за идентификација на главните предизвици при синтеза и развој на нови органометални соединенија или неоргански соединенија за терапевтски цели. Дополнително, ќе се стекнат сознанија за примената на металоензимите за потпомагање на процесите на биодеградација на загадувачите во животната средина и конверзија на одредени неоргански соединенија во биолошки искористлива форма. **Поглавје: Биоминерализација** Содржина: Основни принципи и фактори што влијаат врз процесот на биоминерализација; главни класи на биоматеријали; биоматеријали за „поправка“ и регенерација на цврсти ткива. Резултати: Докторандот ќе стекне продлабочени сознанија за примената на принципите на биоминерализацијата за развој на системи за насочено ослободување на лекови, третман на малигни заболувања и развој на биохибридни материјали. **Поглавје: Бионеорганска хемија во развој и синтеза на нови лекови** Содржина: Стратегии во дизајнирање на органометални лекови; механизам на антитуморско дејство на метални комплекси; комплекси на платина како антитуморски агенси; комплекси на металите во MRI дијагностика; биолошка активност на органометални соединенија(фероцен и други металоцени; хелатни соединенија/комплекси; улога на металните јони во етиологијата на невродегенеративните заболување; метални комплекси за третман на инфекции (бактериски и вирусни); улога на метални јони во

		модулација на имуниот систем и малигни заболувања; метали како катализатори при синтеза на нови лекови. Резултати: Докторандот ќе стекне напредни сознанија за можностите од примената на принципите на бионеорганската хемија во: развој на нови терапетвски агенси и дијагностички средства, примена на металопротеини и металоензими во терапевтски цели, својствата на металоензимите и протеините што можат да се користат за добивање на нивни синтетски аналози и нивна примена во терапевтски или индустриски цели, како и за улогата на металните јони во модулирање на физиолошките механизми и нивната улога во прогресијата и третманот на одредени болести.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Знаењата од предметот се поврзани со предметите современи стратегии во синтеза, структурна анализа и карактеризација на нови фармаколошки активни молекули и напредни инструментални техники во фармацевтските истражувања.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Семинарска работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови
		17.3.	Домашно учење – задачи	45
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		16-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		5-20
	19.3.	Завршен испит: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)

<table>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="5">отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="7">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="6">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Crichton Robert</td><td>Biological Inorganic Chemistry, an Introduction Elsevier 2019 електронско издание</td><td>Elsevier</td><td>2019 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Astrid Sigel, Helmut Sigel, Roland K.O. Sigel</td><td>Interrelations between Essential Metal Ions and Human Diseases Book series: Metal Ions in Life Sciences</td><td>Springer Dordrecht</td><td>2014 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Allesio Enzo</td><td>Bioinorganic Medicinal Chemistry</td><td>Wiley Blackwell</td><td>2011 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Rosette Roat Malone</td><td>Bioinorganic Chemistry: A Short Course</td><td>Wiley Blackwell</td><td>2007 (електронско издание/печатена верзија)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="6">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td>Релевантни трудови во меѓународни научни списанија</td><td></td><td>2020</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Astrid Sigel, Helmut Sigel, Roland K.O. Sigel, Series Editors Lucia Banci</td><td>Metallomics and the Cell</td><td>Springer, First Ed.</td><td>2013</td></tr>
</table>

Ред. број 16		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	НАПРЕДНИ ИНСТРУМЕНТАЛНИ ТЕХНИКИ ВО ФАРМАЦЕВТСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА			
2.	Код	ФФИПХФА-ДС-02			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета хемија и фармацевтски анализи Фармацевтски факултет Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Наталија Наков (одговорен професор) Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Ана Поцева Пановска Проф. д-р Јелена Ацевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел студентите на докторските студии да се здобијат со теоретско и практично познавање на принципите на напредните инструментални методи и комбинирани техники, нивна примена за структурна анализа, квалитативни и квантитативни определувања во фармацевтските анализи. Резултати: По завршување на предметот докторандот ќе демонстрира знаења за принципите и перформансите на напредните инструментални техники. Студентот ќе биде способен да избира соодветна инструментална техника за одредена фармацевтска анализа, критички да оценува резултати добиени од различни техники и да идентификува можни извори на грешка. Студентот ќе стекне компетенции за примена на напредни инструментални техники во научното истражување.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со	**Поглавје: Принципи на напредни инструментални техники** Содржина: Спектроскопски (вибрациона, масена, нуклеарно магнетна резонанција), сепаративни (течна хроматографија, гасна хроматографија, електрофореза) и електрохемиски техники; комбинирани инструментални техники (пр. LC-MS/MS, GC-MS, ICP-MS) од интерес на истражувањето;			

	резултатите од учење за секое поглавје	избор на комбинирана техника според цел на испитувањето и видот на примерок за анализа (пр. фармацевтска дозирана форма, биолошки примероци, отпадни води); интерпретација на резултати и идентификација на грешките во резултатите добиени со примена на соодветните инструментални методи. Резултати: Докторандот ќе стекне знаење за принципите на напредните инструментални техники; ќе може да препознава фактори кои што имаат влијание на аналитичките перформанси; ќе може успешно да одбира соодветна комбинирана техника и критички да анализира податоци добиени од различни техники. **Поглавје: Избор на современи техники за структурна анализа на различни примероци** Содржина: Основи на структурна анализа и примена во фармацевтските истражувања; применливост според природата на примерокот; корелација помеѓу различни спектри и интерпретација на податоци. Резултати: Докторандот ќе може да: применува соодветна техника за структурна анализа според примерокот и истражувачката цел; интерпретира спектри и извлекува структурни информации; препознава ограничувања и можности на секоја техника. **Поглавје: Предизвици и можни решенија при квантитативна анализа на аналити од интерес во фармацевтски истражувања** Содржина: Принципи и методи за квантитативна анализа; матрикс ефект и неговото влијание врз точност на метод (особено во LC-MS методи); избор на внатрешен стандард; стратегии за намалување на грешки при квантитативна анализа; Резултати: Докторандот ќе може да ги идентификува клучните предизвици во квантитативната инструментална анализа; да обработува податоци од параметри на валидација; ќе стекне знаења за дизајнирање на екперименти. **Поглавје: Примена на напредни инструментални техники во фармацевтските анализи.** Содржина: Примена во анализа на активни фармацевтски супстанци; испитување на фармацевтски дозирани форми; определување на елементарни онечистувања и растворувачи (ICP-MS, GC-MS); анализа на биофармацевтици; фармакокинетски студии (LC-MS/MS); определување на остатоци од лекови во животна средина; Резултати: Докторандот ќе се стекне со продлабочено знаење за примената на напредните иструментални техники во фармацевските анализи; ќе може да развива интегрирани методи за потребите на фармацевските истражувања; ќе може да препознае потенцијални аналитички предизвици.
13	Заемна поврзаност на предметите	Научни концепти и пристапи во фармацевтските анализи; Примена на принципите на „зелена хемија“ во фармацевтски анализи; Современи пристапи во биоаналитички анализи; Хемометрија во дизајнирање и анализа на експериментални податоци; Студии на стабилност во фармацевтскиот развој на лек; Современи стратегии во синтеза, структурна анализа и карактеризација.
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Семинарска работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).

15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30 часови
		17.2.	Самостојни задачи: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови
		17.3.	Домашно учење - задачи	45 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	16-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	5-20
	19.3.	Завршен испит: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Skoog, D. A., Holler, F. J., Crouch, S. R	Principles of Instrumental Analysis (7th ed.)	Cengage Learning, Boston, USA	2018 (електронско издание)
2.	M. Smoluch, G. Grasso, P. Suder, J. Silberring	Mass Spectrometry An Applied Approach (2nd Ed.)	John Wiley & Sons, Inc., NewYork USA	2019 (електронско издание)
3.	А. Димитровска, З. Кавраковски, К. Брезовска, Ј. Ацевска и Н. Наков	Учебник „Инструментални фармацевтски анализи“	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје CIP: 615.074:543(075.8)	2020 (електронско издание)

		4.	Atta-ur-Rahman, FRS, Sibel A. Ozkan, Rida Ahmed	Recent Advances in Analytical Techniques (Volume 2) Novel Developments in Pharmaceutical and Biomedical Analysi	Bentham Science Publishers – Sharjah, UAE.	2018 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Michael W. Dong	HPLC and UHPLC for practicing scientists (2nd. Ed)	John Wiley & Sons, Inc., NewYork USA	2019 (електронско издание)
		2.	Muhammad Sajid Hamid Akash, Kanwal Rehman	Essentials of Pharmaceutical Analysis	Springer Nature Singapore Pte Ltd.	2020 (електронско издание)
		3.		Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија		

Ред. број 17		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРИМЕНА НА ПРИНЦИПИ НА „ЗЕЛЕНА ХЕМИЈА“ ВО ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ			
2.	Код	ФФИПХФА-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета хемија и фармацевтски анализи Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Наталија Наков (одговорен професор) Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Јасмина Тоник-Рибарска Проф. д-р Јелена Ацевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел студентите на докторските студии да се здобијат со компетенции за развој, проценка и примена на одржливи пристапи во фармацевтските анализи, како и усогласување со современите регулаторни аспекти за одржливост. Предметот става акцент на зелената хемија, рационалната употреба на енергија и ресурси, воведувањето на иновации за намалување на еколошкиот отпечаток на анализите, како и разбирање и примена на регулаторни пристапи за одржливост во фармацевтските анализи. Резултати: По завршување на предметот студентот ќе демонстрира знаења за принципите на зелената хемија и одржлив развој применливи во фармацевтските анализи, како и да ги препознае и интерпретира современите регулаторни барања и стратегии поврзани со одржливоста во фармацевтската индустрија. Студентот ќе биде способен да развива аналитички методи со минимален еколошки отпечаток, во согласност со принципите на зелената хемија и одржлив развој. Студентот ќе стекне компетенции за примена на квантитативни алатки за процена на еколошката подобност на аналитичките методи, како и да евалуира различни аналитички пристапи според нивната одржливост.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Принципи и примена на зелена хемија и зелена аналитичка хемија (green analytical chemistry, GAC)** Содржина: Принципи на зелена хемија и зелена аналитичка хемија; поврзаност на GAC со фармацевските анализи; разработка на примери на еколошки подобни аналитички методи Резултати: Докторандот ги разбира принципите на зелена хемија и зелена аналитичка хемија, успешно разликува класични од „зелени“ методи, идентификува можности за зголемување на еколошката подобност на методи што се применуваат во фармацевтските анализи. **Поглавје: Одржливо управување со лабораториски ресурси и процеси** Содржина: Енергетска ефикасност и оптимизација на лабораториски процеси; лабораториски системи за одржливост (Green Labs); замена на токсични реагенси и растворувачи со еколошки подобни алтернативи Резултати: Докторандот ќе стекне знаења за за одржливо управување со ресурсите во аналитичка лабораторија и да воспоставува мерки за намалување на еколошкиот отпечаток на процесите во лабораторијата. **Поглавје: GAC пристапи во фармацевтските анализи** Содржина: Пристапи за развој на „зелени“ методи за квалитативни и квантитативни определувања во фармацевските анализи; карактеристики и можности за примена на био-обновливи реагенси и биорастворувачи; трансформација на конвенционални во еколошко подобни аналитички методи Резултати: Студентите ќе стекнат знаења за развој на еколошки-прифатливи аналитички методи и како „зелените“ пристапи влијаат на точноста и прецизноста на методите. **Поглавје: Алатки за евалуација на еколошка подобност и одржливост на фармацевските анализи** Содржина: Запознавање со различните алатки за проценка на еколошка подобност на методи (Analytical Eco-Scale, Analytical method greenness score - AMGS, Analytical greenness metrics approach – AGREE), како и алатки за евалуацијата на одржливост на аналитички метод (пр. Whiteness assessment algorithm); компаративна анализа на алатките: предности, ограничувања, комбинирани пристапи; примери на квантитативна процена на еколошка подобност. Резултати: Докторандот ќе може да применува и интерпретира резултати добиени од различни алатки за еколошка проценка, критички да ги споредува резултатите и да ја проценува одржливоста на анализата, како и да предлага подобрување на методот во насока на намалување на еколошкиот отпечаток. **Поглавје: Регулаторни аспекти на одржливост во фармацевските анализи** Содржина: Одржливост во контекст на GMP, GLP и фармакопејски барања; улогата на фармацевтската индустрија и регулаторите во промовирањето на зелени практики; перспективи и идни трендови: „Net-zero“ лаборатории, дигитална одржливост Резултати: Докторандот ќе стекне знаење за регулаторните рамки поврзани со зелена хемија, ќе може да ги интегрира барањата за одржливост во дизајнот на аналитички метод, ќе ги препознава трендовите и идните насоки на регулаторната политика.
13	Заемна поврзаност на предметите	Напредни инструментални техники во фармацевтските истражувања; Научни концепти и пристапи во фармацевтските анализи; Современи пристапи во биоаналитички анализи; Хемометрија во дизајнирање и анализа на експериментални податоци
14.	Детален опис на наставните и	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања

<table>
<tr><td></td><td>работните методи за предметот</td><td colspan="3">2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми
Работни методи:
1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)
2. Семинарска работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">180 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>45 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>Подготовка за теоретска настава: 60 часови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>45 часови</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">19</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>16-50</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td colspan="2">Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови</td><td>5 – 20</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 х до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 х до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Justyna Płotka-Wasylka, Jacek Namieśnik</td><td>Green Analytical Chemistry Past, Present and Perspectives</td><td>Springer Nature Singapore Pte Ltd. Singapore</td><td>2019 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Miguel de la Guardia, Salvador Garrigues</td><td>Handbook of Green Analytical Chemistry</td><td>John Wiley & Sons, Ltd, West Sussex, United Kingdom</td><td>2012 (печатено издание)</td></tr>
</table>

		3.	Miguel de la Guardia, Salvador Garrigues	Challenges in Green Analytical Chemistry 2nd Edition	The Royal Society of Chemistry, London, UK	2020 (електронско издание)
		4.	David J. Constable, Concepción Jiménez González	Handbook of Green Chemistry: Green Metrics 11th Ed.	Wiley-VCH Verlag GmbH & Co., Weinheim, Germany	2018 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Nakov N, Acevska J, Brezovska K, Kavrakovski Z, Dimitrovska A	Green Strategies toward Eco-Friendly HPLC Methods in Pharma Analysis. High Performance Liquid Chromatography - Recent Advances and Applications	IntechOpen; London, UK	2023 (електронско издание)
		2.		Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија		

Ред. број 18		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	СОВРЕМЕНИ ПРИСТАПИ ВО БИОАНАЛИТИЧКИТЕ АНАЛИЗИ			
2.	Код	ФФИПХФА-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета хемија и фармацевтски анализи Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска (одговорен наставник) Проф. д-р Наталија Наков Доц. д-р Благој Ачевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметот има за цел студентите на докторските студии да се стекнат со знаења за напредните концепти и современи методологии во областа на биоаналитичката хемија, принципите и примената на современите техники и постапки за подготовка на примероци од биолошко потекло, запознавање со новите трендови и примената на аналитичките методи во биоанализа, анализа на биофармацевтски препарати, како и улогата на биоаналитичката хемија во персонализирана медицина. Предметот поттикнува развој на критичко размислување, аналитичка прецизност и истражувачки интегритет при развој и примена на биоаналитички методологии. Резултати: По завршување на предметот студентите ќе стекнат способност за критичка анализа и примена на современи аналитички техники и методологии за подготовка и анализа на биолошки примероци; ќе се стекнат со знаење за поставување на биоаналитички проблем и негово решавање и развој на нови биоаналитички методи; ќе ја препознаат улогата и значењето на биоаналитичката хемија во контекст на персонализираната медицина; ќе развијат способност за самостојно планирање и изведување на комплексни биоаналитички			

		истражувања, со висок степен на аналитичка точност, професионален интегритет во спроведување и интерпретација на биоаналитички истражувања и етичка одговорност во научната работа.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во клиничка исхрана** Содржина: Концепти на клиничката исхрана (нутритивна физиологија и метаболичка регулација); улога на клиничката исхрана во третман на акутни и хронични заболувања (метаболички, кардиоваскуларни, црнодробни, бубрежни, ГИ, онколошки). Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат концептот и значењето на клиничката исхрана и да стекнат знаења за нутритивните интервенции како комплементарен третман на фармакотерапијата со цел подобрување на исходот кај пациентите. **Поглавје: Процес на нутритивна грижа** Содржина: Нутритивна проценка: методологии за проценка на нутритивниот статус (антропометриски, биохемиски, клинички, диететски и функционални параметри); дијагноза: интерпретација на лабораториски биомаркери и метаболички профил, евалуација на нутритивен ризик; нутритивна интервенција; мониторинг на исходот од интервенцијата. Резултати: Студентите ќе можат да го разберат процесот на нутритивна грижа и ќе стекнат знаења за методите на нутритивна проценка и планирање на интервенција ориентирана според потребите на пациентот. **Поглавје: Нутритивна поддршка кај хронични заболувања** Исхрана при дијабетес тип 1 и тип 2 (контрола на гликемијата); исхрана при кардиоваскуларни заболувања (хиперлипидемии, хипертензија, атеросклероза); исхрана при заболувања на бубрезите (ограничувања на протеини, натриум, фосфор и калиум); нутритивна поддршка при заболувања на црниот дроб, остеопороза и остеомалација, канцер; евалуација на ефектите од нутритивната поддршка во клиничка пракса. Резултати: Студентите ќе стекнат знаења за специфичните нутритивни потреби при различни хронични заболувања и за изготвување нутритивен план при дијабетес, кардиоваскуларни и метаболички нарушувања и ќе бидат способни да ја оценат ефикасноста на нутритивната поддршка во практичен контекст. **Поглавје: Интеракции меѓу нутриенти и лекови** Содржина: Механизми на интеракции меѓу нутриенти и лекови (фармакокинетички и фармакодинамички); влијание на храната и нутритивниот статус врз ефикасноста и безбедноста на лековите; клинички значајни интеракции во услови на полифармација и при справување со хронични заболувања. Резултати: Со интегрирање на биохемиското, фармаколошкото и нутритивното знаење студентите ќе можат да ги разберат интеракциите меѓу храната и лековите со цел оптимизирање на фармакотерапијата и ќе бидат способни да го анализираат нивното влијание врз исходот од терапијата и потенцијалните токсични ефекти. **Поглавје: Ентерална и парентерална исхрана** Содржина: Индикации и контраиндикации за ентерална и парентерална исхрана; видови формули и нивен нутритивен состав; практични аспекти на администрирање, следење и можни компликации; нутритивен пристап кај хоспитализирани пациенти. Резултати: Студентите ќе можат да ги разликуваат ентералната и парентералната исхрана според нивните индикации и начини на примена, да изберат соодветна формула и да објаснат како правилната нутритивна поддршка влијае врз закрепнувањето и клиничката прогноза за пациентите.

		Поглавје: Употреба на нутрицевтици и функционална храна Содржина: Регулаторни, етички и професионални аспекти на клиничката исхрана; меѓународни и национални водичи за клиничка исхрана; етика во спроведување на нутритивната грижа во клиничката пракса; добра клиничка пракса и нутритивна поддршка ориентирана според потребите на пациентите со цел намалување на морбидитетот и морталитетот. Резултати: Студентите ќе можат да ги анализираат регулаторните и етичките критериуми за спроведување на клиничка исхрана и ќе стекнат способност да развиваат интердисциплинарни стратегии во пружањето на нутритивната грижа што ќе го подобрат клиничкиот исход и квалитетот на животот на пациентите.		
13.	Заемна поврзаност на предметите	Функционална храна		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки вештини, тимска работа и примена на теоретско знаење) 2. Проектна работа (изработка на проект на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и за презентација пред аудиториум) 3. Домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	20
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	50
		17.2.	Самостојни задачи: часови	30
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18.	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		
19.	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература			

	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Elia, M., Ljungqvist, O., Stratton, R.J., Lanham-New, S.A.	Clinical Nutrition	Wiley-Blackwell John Wiley & Sons Ltd.	2013/2nd edition Електронска верзија
		2.	Shils, E.M., Olson A.J.	Modern Nutrition in Health and Disease	John Wiley & Sons Inc.	2009/1st edition Електронска верзија
		3.	Coles, L.	Clinical Nutrition: The Interface between Metabolism, Diet, and Disease	Apple Academic Press CRC Press Taylor & Francis Group	2014/1st edition Електронска верзија
		4.	Nelms, M., Sucher, K.P., Lacey, K., Roth, S.L.	Nutrition Therapy & Pathophysiology 2nd edition	Cengage Learning	2010/2nd edition Електронска верзија
		5.	Katsilambros, N., Dimosthenopoulos, C., Kontogianni, M., Manglara, E., Poulia, K-A.	Clinical Nutrition in Practice	Wiley-Blackwell John Wiley & Sons Ltd.	2010/1st edition Електронска верзија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Tabrizian I.	Nutrition	Prentice Hall	2007/1st edition Електронска верзија
		2.	Zeman, J.F., Ney, M.D.	Application in Medicinal Nutrition Therapy	Prentice Hall	1996/1st edition Електронска верзија
		3.	Dudek, S.G.	Nutrition Essentials for Nursing Practice	Wolters Kluwer Health Lippincott Williams & Wilkins	2014/1st edition Електронска верзија
		4.	Rolfes, S.R., Pinna, K., Whitney, E.	Understanding Normal and Clinical Nutrition	Wadsworth Cengage Learning	2009/8th edition Електронска верзија
		5.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 25		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОХЕМИСКИ МАРКЕРИ И АНАЛИЗИ СО СПЕЦИФИЧНА КЛИНИЧКА ПРИМЕНА			
2.	Код	ФФИПБ-ДС-02			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Хиљадникова-Бајро (одговорен наставник) Научен соработник д-р Александра Атанасова Бошку Доц. д-р Елизабета Крстевска Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е стекнување напредни знаења од клиничката лабораториска анализа комплементарни со познавањата на рутинските дијагностички тестови опфатени во содржината на предметот Принципи, примена и дијагностика во клиничка биохемија. Фокусот е на лабораториски биомаркери за заболувања со висока инциденца, стапка на морталитет и морбидитет како што се кардиоваскуларните и невролошките заболувања, а опфатени се и лабораториската ендокринологија и специфичностите на биохемиска анализа кај различни популациони групи. Резултати: Студентите треба да ги разберат значењето и потенцијалот на различните типови биолошки маркери и да се оспособат за примена на стекнатите знаења во избор на соодветни тестови во клиничката лабораториска пракса или во научни истражувања насочени кон идентификација на нови поефективни биохемиски индикатори на заболувањата и креирање на прогностички/предиктивни/превентивни			

		модели за дизајнирање на фармаколошки третман во согласност со концептот на прецизна медицина.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Дефиниција, типови на биомаркери во клиничка лабораторија, методи за нивна идентификација/валидација и примена.** Содржина: Поим за лабораториски биомаркер и карактеристики на идеален маркер; интегративен пристап на анализата базирана на мултиомика во клиничките лаборатории, а пред се во научни истражувања за расветлување на патофизиологијата на болестите, дизајн на нови тестови со поголема специфичност и сензитивност или пак дизајн на таргетирана терапија. Резултати: Се очекува студентите да го разберат принципот на интегративна анализа со примена на протеомика, липидомика, метаболомика, микробиомика, геномика, епигеномика, транскриптомика и други „омика“-методологии во лабораториските аспекти од дијагнозата и третманот на болестите. **Поглавје: Лабораториски биомаркери за кардиоваскуларни и хематолошки заболувања** Содржина: Традиционални и нови потенцијални лабораториски биомаркери со дијагностичко и прогностичко значење за ургентни, акутни состојби, за следење на хронични заболувања на миокардот и крвните садови; клинички потенцијал на примена на клеточните индекси, елементите и толкувањето на диференцијалната крвна слика/размаска, анализите за детекција и мониторинг на нарушувања во коагулациониот систем. Резултати: Се очекува студентите да ја разберат улогата на клиничката лабораторија во изведба на специфични анализи за рано поставување на дијагноза, следење и прогноза на кардиоваскуларни заболувања; да го разберат клиничкото значење и можностите за апликација на лабораториските анализи во третман на хематолошки/трансфузилошки заболувања. **Поглавје: Лабораториски биомаркери за невролошки заболувања** Содржина: Молекули во биолошкиот материјал со потенцијал за примена како биомаркери за дијагноза, следење и проценка на ризик за развој на Алцхајмерова болест и други типови деменција, трауматски и останати состојби поврзани со невронски оштетувања и невродегенеративни процеси; утврдување на улогата на биомаркерите во патолошките/ патофизиолошките механизми за развој на овие заболувања со цел да се применат во дизајн на современа персонализирана терапија. Резултати: Студентите ќе ја разберат и дискутираат улогата на селектирани биомолекули во физиологијата на централниот и периферниот нервен систем и нивната улога во етопатогенезата и клиничкиот тек на овие заболувања. **Поглавје: Лабораториска анализа на ендокрини нарушувања на хипофизната и тиреоидната жлезда** Содржина: Биохемиски аспекти на лабораториската ендокринологија во доменот на прекумерна или намалена секреција на тропните хормони, хормонот на раст, вазопресинот, пролактинот, мелатонинот како параметри за проценка на статусот на тироидната жлезда. Резултати: Познавање на биохемиските механизми инволвирани во нарушената секреција на хипофизните и тироидни хормони и последователните пореметувања на метаболизмот. Студентите ќе бидат во состојба да ги применат стекнатите знаења во интерпретација на резултатите и препознавање на соодветните структурни или функционални пореметувања на секрецијата од овие жлезди.

		Поглавје: Лабораториска анализа на половите хормони и секрецијата од надбубрежната жлезда Содржина: Тестови за анализа на репродуктивната физиологија / патофизиологија, проценка на ендокрината функција на кората и срцевината на надбубрежната жлезда. Резултати: Утврдени знаења за биохемијата на различни фази од репродуктивниот век на жената и мажот, примената на биохемиски анализи во периодот на бременост, проценка на репродуктивниот потенцијал како и дијагноза и следење на заболувања асоцирани со промени во хормонската активност. **Поглавје: Специфични анализи на уринатa** Содржина: Идентификација и карактеризација на протеинурии и потенцијални биомаркери за рана претклиничка дијагноза и следење на метаболни нарушувања во организмот, микроскопска анализа на уринарниот седимент. Резултати: Се очекува студентите да можат да го објаснат составот и потеклото на микроскопски видливите честички во уринатa и да го асоцираат нивното присуство со соодветни метаболни нарушувања или неопластични заболувања на урогениталниот тракт, да ги интерпретираат различните типови протеинурии и параметарски отстапувања карактеристични за одредени патолошки состојби. **Поглавје: Лабораториска евалуација на селектирани популациски групи** Содржина: Специфичности во лабораториската анализа базирани на разлики во возраста и метаболниот стаус, со посебен осврт на педијатриската и геријатриската популација; тестови за пренатална анализа, скрининг и дијагноза на болести поврзани за плацентата или состојбата на бремената жена. Резултати: Препознавање на разликите во лабораторискитe испитувања кај различните популациски групи почнувајќи од земањето на примерок за анализа па се до интерпретација на резултатите во споредба со референтни вредности специфични за соодветната популација.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Принципи, методи и дијагностика во клиничка биохемија; Принципи и примена на протеомика и метаболомика.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Теоретската настава во форма на предавања и консултации ќе биде поткрепена со дискусии, лабораториски вежби, семинари и проектни задачи		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања-теоретска настава. часови	40
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30

		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење – задачи	80
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од активностите наведени во поле 16 и 17 (вкупно 40)		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		40
	19.3.	Завршен испит: бодови		10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Trull KA, Demers ML, Holt WD, Johnston A, Tredger JM, Price PC.	Biomarkers of Disease: An Evidence-Based Approach	Cambridge University Press	2002
2.	Laposata M.	Laboratory Medicine: the Diagnosis of Disease in the Clinical Laboratory	McGraw-Hill Medical Publishing Division	2010
3.	Čvorišćec D, Čepelak I.	Štrausova medicinska biokemija	Medicinska naklada, Zagreb	2009

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	John, R. M. (Ed.)	Pediatric diagnostic labs for primary care: An evidence-based approach,	Springer Nature	2022
2.	Netala VR, Hou T, Wang Y, Zhang Z, Teertam SK.	Cardiovascular Biomarkers: Tools for Precision Diagnosis and Prognosis.	Int J Mol Sci. 2025 Mar 30;26(7):3218.	2025 doi: 10.3390/ijms26073218.
3.	Селектирани трудови од понова научна литература			

Ред. број 26		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРИНЦИПИ И ПРИМЕНА НА ПРОТЕОМИКА И МЕТАБОЛОМИКА			
2.	Код	ФФИПБ-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Хиљадникова-Бајро (одговорен наставник) Научен советник д-р Катарина Давалиева Доц. д-р Марија Станинова Стојовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Предметната програма е фокусирана на проучување на протеомиката и метаболомиката како современи научни дисциплини за идентификација на молекули со потенцијал за примена во клиничките лаборатории за рана дијагноза, прецизна прогноза, избор на третман и следење на состојбата на пациентите, како и молекули со потенцијал за примена како таргет молекули за дизајн на ефективни терапевтици. Реултати: Се очекува студентите да ги разберат принципите на протеомската/метаболомската анализа како и да се оспособат за дизајн на студии базирани на овие пристапи, за примена на соодветните техники и интерпретација на резултати.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со	**Поглавје: Општи карактеристики и принципи на протеомика и метаболомика** Содржина: Дефиниција и предмет на изучување на проеомската и метаболомската анализа како современи пристапи за единечна, мултиплекс или масовна анализа на протеинскиот и метаболниот профил на ниво на			

	резултатите од учење за секое поглавје	органела, клетка, ткиво/орган, телесни течности или човечкиот организам во целост; хронологија на развојот на овие научни дисциплини, можности за примена во повеќе области вклучително хемија на храна, фитохемија и токсикологија, предизвици и идни перспективи. Резултати: Студентите ќе стекнат знаење за концептите на кои се темелат протеомиката и метаболомиката и нивното место во интегративните студии за идентификување на патофизиолошките механизми во развојот на болестите, на биомаркери за нивна дијагноза, следење и третман како и дизајн на таргетирани терапии. **Поглавје: Методолошки пристапи за протеомска / метаболомска анализа** Содржина: Типови на примероци за анализа и нивна преданалитичка обработка; техники на сепарација и последователна идентификација/ квантификација на протеините/метаболитите во биолошкиот материјал, со посебен осврт на техниките за масовна (highthroughput) анализа; карактеристики и апликативен потенцијал на *top-down* наспроти *bottom-up* методологијата; методи за валидација на биомаркерите со идентификуван потенцијал за примена. Резултати: Се очекува студентите да ги проучат техниките за примена на протеомика и метаболомика на различни типови биолошки материјал и да се стекнат со практични вештини за подготовка на примероците и изведба на анализите, за примена на техниките за идентификација на нови потенцијални молекули и нивна валидација. **Поглавје: Дизајн на студии базирани на протеомика / метаболомика** Содржина: Дефинирање на научното прашање и протоколот на студијата, правилен избор и групирање на поединечните примероци од биолошкиот материјал во смеси за компаративна анализа; анализа на податоците со примена на биоинформатички алатки и достапни бази на податоци; валидација на клиничкото значење на молекулите со идентификуван потенцијал во компаративната анализа; интерпретација и транслација на резултатите во пракса. Резултати: Студентите треба ги разберат елементите на правилен дизајн на експериментот и да ги применат во решавање на примери од пракса. **Поглавје: Клиничка примена на протеомика / метаболомика** Содржина: Примери на протеински молекули и метаболни производи со улога во патофизиолошките механизми за развој на болести потенцијал за примена во клиничките лаборатории како биомаркери за дијагноза, прогноза, избор на терапија и следење на состојбата на пациентите. Резултати: Студентите ќе можат да анализираат и дискутираат примери од најнови публикувани сознанија за идентификувани молекули со можности за клиничка примена. **Поглавје: Примена на протеомика/метаболомика во фармацевтската пракса** Содржина: Примери на молекули со потенцијална инволвираност во механизмите за развој на заболувања од современата медицинска пракса и нивното значење како таргет молекули во дизајн на терапевтици со висока специфичност и ниска токсичност. Резултати: Преку примери од научната литература, студентите ќе го осознаат значењето на протеомиката и метаболомиката во расветлување на патофизиолошките механизми на заболувањата, во идентификацијата на нови таргет молекули за дизајн на нови терапевтици. Се очекува дека преку проучување и дискусија на конкретни примери од најновата научна литература, студентите ќе го препознаат потенцијалот на протеомската/метаболомската анализа во научните истражувања од областа на медицината и фармацијата и ќе се мотивираат за

		иницирање/вклучување во тековни регионални или глобални студии базирани на овие дисциплини.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Лабораториски биомаркери и анализи со специфична клиничка примена; Методи во молекуларна биологија и генетско инженерство		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Теоретската настава во форма на предавања, консултации и дискусии ќе биде поткрепена со реализација на лабораториски вежби, семинари и проектни задачи		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	40
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	80
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од активностите во поле 16 и 17 (вкупно 40)		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	40
	19.3.	Завршен испит: бодови	10

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Wright G.	Fundamentals of proteomics	States Academic Press	2022
2.	Greening, D. W., Simpson, R. J. (Eds.)	Serum/Plasma Proteomics: Methods and Protocols.	Humana Press, New York	2017
3.	Wehrens, R., & Salek, R. (Eds.).	Metabolomics: Practical Guide to Design and Analysis	Chapman and Hall/CRC.	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Blonder J.	Proteomics for Drug Discovery	Humana Press	2024

		2.	Deng YT, et al.,	Atlas of the plasma proteome in health and disease in 53,026 adults.	Cell Press	2025 doi: 10.1016/j.cell.2024.10.045.
		3.	Селектирани трудови од понова научна литература			

Ред. број 27		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРИНЦИПИ, МЕТОДИ И ДИЈАГНОСТИКА ВО КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА			
2.	Код	ФФИПБ-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Хиљадникова-Бајро Доц. д-р Кристина Шутевска Ачевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат разбирање на биохемиските механизми инволвирани во развојот на заболувањата, лабораториските тестови кои можат да придонесат во поставување на дијагнозата, следење на состојбата и ефикасноста на третманот. Како резултат се очекува студентот да стекне солидни теоретски познавања и практични вештини, да може да ги примени стекнатите знаења преку изведба на рутински тестови кои се користат во секојдневната пракса во клиничка биохемиска лабораторија, да изведе лабораториски пресметка, споредба на добиените резултати со референтни вредности и базична интерпретација на утврдените наоди.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и	**Поглавје: Вовед во клиничката биохемиска лабораториска анализа** Содржина: Имплементација на контрола на квалитетот, мониторинг, собирање и анализирање на биолошки примероци; процесирање на			

	единици со резултатите од учење за секое поглавје	лабораториски податоци и интерпретација на резултатите; биохемиски маркери како индикатори за физиолошки и патолошки промени; влијание на преаналитичките фактори врз валидноста на биохемиските анализи. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат принципите на контрола на квалитетот, да ги идентификуваат биохемиските маркери и нивната улога во проценка на здравјето и болестите, како и да ги анализираат преаналитичките фактори кои влијаат врз точноста на лабораториските резултати. **Поглавје: Нарушувања на метаболизмот на јаглехидратите и нивна клиничка евалуација** Содржина: Нарушен метаболизам на јаглехидрати; хормонска регулација на јаглехидратите преку инсулин, глукагон, кортизол и адреналин; патофизиолошки состојби: хипогликемија, гликозурија, гликогенози и нарушувања на толеранцијата на глукозата. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат нарушувањата на метаболизмот на јаглехидратите, да го опишат механизмот на хормонска регулација на нивниот метаболизам и да ги анализираат патофизиолошките состојби поврзани со нарушувања на метаболизмот на јаглехидратите. **Поглавје: Протеини и нивно клиничко значење** Содржина: Биохемиски својства и структурна организација на протеините; метаболизам на протеините: варење, апсорпција и синтеза; методи за сепарација и анализа на протеини; клиничко значење на промените во концентрацијата на протеините и нивните фракции при патолошки состојби: хипопротеинемија, хиперпротеинемија, диспротеинемија и протеинурија. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат структурните и функционалните карактеристики на протеините, да ги анализираат процесите на нивниот метаболизам и да ги интерпретираат промените на концентрациите на протеините и нивните фракции при различни клинички состојби. **Поглавје: Метаболизам на липиди и клиничка примена** Содржина: Важност на липидите во организмот: енергетска, структурна и регулаторна улога; процеси на варење, апсорпција и транспорт на липидите, метаболизам на триглицериди, холестерол и фосфолипиди во нормални и патофизиолошки состојби; патофизиологија на дислипидемии и клиничко значење на липидните параметри во дијагностика и проценка на ризик за кардиоваскуларни заболувања. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат процесите на варење, апсорпција и транспорт на липидите, да го анализираат нивниот метаболизам во физиолошки и патофизиолошки состојби, како и да ја проценат важноста на липидните параметри во клиничка биохемија и кардиоваскуларна медицина. **Поглавје: Ензими во клиничката биохемија** Содржина: Биохемиски својства, класификација и каталитичка улога на Ензимите; принципи на одредување на ензимската активност вобиолошките течности; Клиничко-дијагностичко значење на ензимите при оштетување на различни органи и ткива; специфични маркери за хепатална, кардијална, мускулна и панкреасна функција: аминотрансферази, креатин киназа, лактат дехидрогеназа, алкална фосфатаза, γ-глутамилтрансфераза, амилаза и липаза. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат биохемиските својства и улогата на ензимите во организмот, да ги анализираат методите за нивно одредување и да го проценат клиничкото значење на ензимските маркери при оштетување на специфични органи и ткива. **Поглавје: Електролити и минерали – клиничко значење и регулација**

		Содржина: Регулација и улога на натриум, калиум, хлор, калциум, фосфати и магнезиум во осмолалноста, волуменот на течности и киселинско-базната рамнотежа; механизми на хомеостаза преку бубрезите и хормоните; клиничко значење и проценка на нарушувањата во нивната рамнотежа. Резултати: Студентите ќе ги објаснат механизмите на регулација на електролитите и минералите, ќе ги анализираат лабораториските параметри и ќе ги интерпретираат нарушувањата на нивната рамнотежа. **Поглавје: Клиничка биохемија на железото и хемоглобинот** Содржина: Метаболизам на железо и регулаторни механизми, пореметување на метаболизмот на железо, параметри за проценка на статусот на функционално железо и депоата во организмот, лабораториски наоди кај дефицит / оптовареност на организмот; хемоглобинопатии и лабораториски тестови за нивна детекција. Резултати: Се очекува студентите да ги разберат и да се оспособат да ги дискутираат нарушувањата н аметаболизмот на железото, структурните и квантитативните нарушувања на хемоглобинот. **Поглавје: Терапевтско мониторирање на лекови и влијание врз биохемиските анализи** Содржина: Основи на TDM: терапевтски опсег, методи за мерење на концентрации на лекови (имунохемиски и хроматографски техники); влијание на лековите врз биохемиските параметри: in vivo ефекти и in vitro интерференции; лажно високи или ниски вредности предизвикани од лекови и нивниот ефект врз функциите на органите. Резултати: Студентите ќе ги објаснат принципите на TDM, ќе ги идентификуваат методите за одредување на лекови и ќе го анализираат влијанието на лековите врз биохемиските анализи. **Поглавје: Функција и клиничка евалуација на црниот дроб и панкреасот** Содржина: Основни функции на црниот дроб: метаболичка регулација, синтеза на соединенија и елиминација на токсини; биохемиски параметри: AST, ALT, GGT, алкална фосфатаза и билирубин; ендокрини и егзокрини функции на панкреасот: улогата на инсулин, глукагон, амилаза и липаза; клиничка проценка на патофизиолошки состојби: хепатални заболувања, панкреатитис и нарушувања на инсулинската регулација. Резултати: Студентите ќе ги објаснат функциите на црниот дроб и панкреасот, ќе ги анализираат лабораториските маркери за нивна проценка и ќе ги интерпретираат патофизиолошките промени кај заболувањата на овие органи. **Поглавје: Клинички аспекти на метаболизмот на вода** Содржина: Нарушувања на воденатa хомеостаза: хиперхидратации, дехидратации, хиперосмолалност и хипоосмолалност. Резултати: Студентите ќе стекнат знаења за биохемиската природа на причините кои доведуваат до пореметувања на воденатa хомеостаза и последиците кои настануваат **Поглавје: Клиничка биохемија на ацидобазната рамнотежа** Содржина: Детален опис на биохемиските процеси кои лежат во основата на одржување на ацидобазниот статус, Henderson-Hasselbach-ова равенка на хомеостазата на H+-јони под дејство на биолошките пуферски системи, респираторна и метаболна ацидоза и алкалоза Резултати: Студентите треба да ги разберат причините за појава на метаболната и респираторната ацидоза и алкалоза, нивните биохемиски карактеристики и компензаторните механизми со кои организмот се спротивставува на настанатите пореметувања **Поглавје: Лабораториска анализа на урина и бубрежни заболувања**

		Содржина: Биохемиски аспекти на екскреторната, регулаторната и ендокрината функција на бубрегот; тестови за проценка на функцијата на гломеруларната мембрана, проксималните и дисталните тубули; причини за појава на конкременти во уринарниот тракт; промени во составот на урината како последица на бубрежни или метаболни заболувања. Резултати: Студентите треба да ги разберат биохемиските механизми инволвирани во секрецијата на вишокот и штетни материи, реапсорпција на потребните моекули и секреција на вода во различните сегменти од нефронот. Се очекува да стекнат способност за изведба и интерпретација на лабораториските анализи на серум и урина во поставување на дијагноза, следење и третман на бубрежни и метаболни заболувања. **Поглавје: Примена на туморски маркери во клиничката лабораторија** Содржина: Дефиниција, карактеристики, класификација на туморските маркери и нивна примена во управувањето со неоплазиите, особено оние од малигна природа. Резултати: Се очекува студентите да ја разберат биохемиската природа и својства на бројни молекули кои се користат во дијагнозата и следењето на ефикасноста на терапијата.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Биохемиски маркери и анализи со специфична клиничка примена		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, вежби		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	45
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење – задачи	90
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од активностите во поле 16 и 17 (вкупно 40)		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		40
	19.3.	Завршен испит: бодови		10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Spasic S, Jelic-Ivanovic Z, Spasojevic-Kalimanovska V.	Medicinska Biohemija	Autori	2003
		2.	Straus B.	Medicinska Biokemija	Medicinska Naklada, Zagreb	1992
		3.	Кадифкова Пановска Т., Хиљадникова-Бајро М.	Прирачник за практична настава по Клиничка биохемија	Фармацевтски Факултет – Скопје	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Bishop M.L., Fody E.P., Van Siclen C., Mistler J.M., Moy M.	Clinical Chemistry: Principles, Procedures, Correlations, 9th Edition	Jones & Bartlett Learning	2022
		2.	Laposata M.	Laboratory Medicine: the Diagnosis of Disease in the Clinical Laboratory	McGraw-Hill Medical Publishing Division	2010
		3.	Селектирани трудови од понова научна литература			

Ред. број 28		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКА ТОКСИКОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФИПБ-ДС-05			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Проф. Тања Петреска Ивановска Доц. д-р Зоран Живиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Стекнување на познавања за основните токсиколошки принципи при проценување на токсичноста и несаканите ефекти на лековите, рамнотежата помеѓу ефикасноста и безбедноста на новите лекови, нови концепти за редуцирање на токсичноста на лековите, законска регулатива при регистрација на лекови и фармаковигиланца. Резултати: По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: примени напредни знаења за основните токсиколошки принципи, механизмите на дејство на токсичните супстанции и нивната примена во проценатa на безбедноста на лековите; критички да ги анализира и интерпретира податоците за токсичност, несакани ефекти и ризици поврзани со употребата на фармацевтски производи; ќе развие вештини за оценување на рамнотежата помеѓу ефикасноста и безбедноста на лековите, вклучувајќи ги и современите методолошки пристапи за редуцирање на токсичноста во процесот на развој на нови лекови; ќе стекне компетенции за примена и интерпретација на законската и регулаторната рамка при регистрација и постмаркетиншки надзор на лековите, со особен фокус на принципите на фармаковигиланца и управување со ризик.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Основни токсиколошки принципи и метаболизам на ксенобиотици** Содржина: Основни принципи на токсикологија; инактивација и биоактивација на ксенобиотиците; молекуларни и клеточни механизми на токсичност. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат основните токсиколошки принципи и механизмите на дејство на токсичните			

		супстанции и ќе умеат да ја интерпретираат улогата на метаболизмот на лековите и ксенобиотиците во нивната токсичност. **Поглавје: Генотоксичност, карциногеност и тератогеност на лековите** Содржина: Влијание на лековите врз генетскиот материјал; механизми на тератогеност и карциногеност; модели и методи за проценка на генотоксичност. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат механизмите на генетски дефекти, тератогеност и карциногеност на лековите и ќе бидат способни критички да ги оценат ризиците од овие несакани ефекти при развој и употреба на фармацевтски производи. **Поглавје: Органотоксичност на лековите** Содржина: Токсичност врз црн дроб, бубрези, срце, респираторен и нервен систем, репродуктивна и развојна токсичност; механизми на органски оштетувања; методи за проучување и проценка на органотоксичност. Резултати: Студентите ќе можат да ги идентификуваат и да ги анализираат токсичните ефекти на лековите врз различни органи и ќе умеат да ја поврзат органотоксичноста со механизмите на дејство на лековите и со клиничкото значење. **Поглавје: Имунотоксикологија** Содржина: Механизми на имунолошки и хиперсензитивни реакции индуцирани од лекови; идентификација и проценка на имунотоксични ефекти; клиничко значење на имунотоксичноста. Резултати: Студентите ќе можат да објаснат како лековите влијаат врз имунолошкиот систем и ќе бидат способни да интерпретираат резултати од имунотоксиколошки тестови во контекст на клиничка токсикологија. **Поглавје: Клиничка токсикологија и евалуација на безбедноста на лековите** Содржина: Терапевтски индекс, граница на безбедност, доза-одговор врска; класификација на токсични ефекти (акутни, субхронични, хронични, идиосинкратични); дијагноза и третман на труење и предозирање со лекови; законски и регулаторни аспекти за евалуирање на безбедноста на лековите (токсиколошки извештаи, документација за безбедност, студии на безбедност по авторизација на лекот, периодично ажурирање на извештаите за безбедност). Резултати: Студентите ќе можат да ги применуваат принципите на клиничката токсикологија во идентификација и интерпретација на клиничките знаци, симптоми и биомаркери поврзани со орган-специфична токсичност и ќе бидат оспособени за опишување и споредба на регулаторните стандарди за евалуација на безбедноста на лековите (FDA, EMA, OECD, ICH, WHO). **Поглавје: Фармаковигиланца и постмаркетиншка контрола на лековите** Содржина: Несакани реакции на лековите (класификација и механизми); системи за известување и проценка на причинско-последичната врска; проценување на ризик и управување со несакани ефекти. Резултати: Студентите ќе можат да ги објаснат принципите на фармаковигиланцата и нејзината улогата во обезбедување на безбедноста на лековите по нивното одобрување за употреба и ќе бидат оспособени да ги интегрираат податоците од фармаковигиланцата во евалуацијата на ризикот, како и за донесување научно базирани заклучоци за безбедноста на фармацевтските производи.

13	Заемна поврзаност на предметите	Биохемиска токсикологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и за презентација пред аудиториум) 3. Домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	20
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	50
		17.2.	Самостојни задачи: часови	30
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	50	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	50	
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Olson, K.R.	Poisoning & Drug Overdose	McGrown-Hill Companies	2004/4th edition Електронска верзија
2.	Gad, S.C., Sullivan D.W.	Drug Safety Evaluation	John Wiley & Sons	2023/4th edition Електронска верзија
3.	Mulder G.J., Dencker, L.	Pharmaceutical Toxicology	Pharmaceutical press	2006/1st edition

		4.	Peña-Fernández, A., Evans, M.D., Cooke, M.S.	Toxicology for the Health and Pharmaceutical Science	CRC Press Taylor & Francis Group	2022/1st edition Електронска верзија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Lodola, A., Stadler, J.	Pharmaceutical Toxicology in Practice A Guide for Non-Clinical Development	John Wiley & Sons	2011/1st edition Електронска верзија
		2.	Poch, G.	Combined Effects of Drugs and Toxic Agents: Modern Evaluation in Theory and Practice	Springer	1993
		3.	Barile, F.A.	Barile's Clinical Toxicology Principles and Mechanisms	CRC Press Taylor & Francis Group	2019/3rd edition Електронска верзија
		4.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 29		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФУНКЦИОНАЛНА ХРАНА			
2.	Код	ФФИПБ-ДС-06			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за применета биохемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Тања Петреска Ивановска (одговорен наставник) Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този Доц. д-р Зоран Живиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Разбирање на концептот на функционална храна и на научните основи во развојот и употребата на функционалната храна со докажани здравствени придобивки покрај вообичаената исхрана. Познавање на механизмот на дејство на функционалната храна и оправданоста за нејзина примена во превенција и третман на заболувања. Стекнување знаења за регулаторните, етичките и безбедносните критериуми од аспект на формулирање, евалуација и комерцијализација на функционалната храна. Познавање на критериумите согласно здравствената регулатива, вклучувајќи ги и стандардите за храна за употреба на здравствени тврдења во комерцијални цели заради комуникација со потрошувачите. Резултати: По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: го објасни концептот и значењето на функционалната храна како важен сегмент на исхраната насочен кон промоција на здравјето и превенција од заболувања; познава различни категории на функционална храна и ги поврзува со нивните биолошки активни компоненти и здравствени ефекти; ги разбира принципите и развојот на функционалната храна во контекст на современите научни и технолошки трендови; ги интерпретира и ги применува законската регулатива и стандардите поврзани со означување, безбедност и здравствени тврдења; оценува критички и користи правилно			

		здравствени тврдења во комерцијална и едукативна комуникација со потрошувачите.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во функционалната храна** Содржина: Концепт и значење на функционалната храна; историски развој и современи трендови; разлика помеѓу конвенционална и функционална храна; дефиниции и категории на функционална храна. Резултати: Студентите ќе стекнат знаење за концептите, дефинициите и категориите на функционалната храна и ќе можат да ја објаснат разликата помеѓу функционалната и конвенционалната храна, како и да ги опишат значењето на функционалната храна во исхраната и нејзините придобивки за здравјето. **Поглавје: Законска регулатива, етички и комерцијални аспекти** Содржина: Европски и национални прописи за функционална храна; Меѓународни критериуми за употреба на здравствени и нутритивни тврдења (EFSA, FDA, WHO); регулаторни механизми и етички аспекти при комерцијална комуникација со потрошувачите. Резултати: Студентите ќе можат да ги разберат и интерпретираат законските барања за означување на функционалната храна и користење на здравствени тврдења и да ги применуваат принципите за етичко информирање на потрошувачите. **Поглавје: Биоактивни состојки и механизми на дејство** Содржина: Видови и својства на биолошки активни компоненти на функционалната храна (растителни состојки, пробиотици, пребиотици, полисахариди, липиди, пептиди); механизми на дејство (оксидативен стрес, воспаление, оска ГИТ-мозок, метаболизам на липиди); активност и научни докази за нивното влијание врз здравјето на човекот. Резултати: Студентите ќе можат да ги евалуираат и да ги споредат различните извори на биоактивни состојки, нивната безбедност и ефикасност и ќе можат да ги објаснат биолошките механизми на дејство на биоактивните состојки и нивните здравствени ефекти. **Поглавје: Идентификација на функционални компоненти и обогатување на храната** Содржина: Аналитички техники за изолирање, пречистување и идентификација на биоактивни состојки; процеси за обогатување на храната со биоактивни компоненти; методи за евалуација на физичко-хемиски, сензорни и биолошки карактеристики на функционалната храна. Резултати: Студентите ќе можат да изберат и да применат соодветни аналитички методи за изолација и за идентификација на функционалните состојки, како и за карактеризација на функционалната храна. **Поглавје: Формулации на функционална храна и испорака на активни состојки** Содржина: Системи за испорака на функционални состојки (нанокапсули, емулзии, системи за контролирано ослободување); влијание на технологијата на производство и чување врз стабилноста и биорасположливоста на функционалните состојки; примена на експериментален дизајн за подобрување на функционалните карактеристики на храната. Резултати: Студентите ќе можат да проценат како различните системи за испорака и производните параметри влијаат врз стабилноста и биорасположливоста на активните состојки односно врз функционалните својства на храната и да дизајнираат експериментален пристап за развој на иновативни формулации на функционална храна.

		Поглавје: Улога на функционалната храна во промоција на здравјето Содржина: Истражување на податоци базирани на докази за влијанието на функционалната храна во превенција од заболувања, како и одржување и подобрување на здравјето; практични апликации со цел модулирање на микробиомот и функцијата на имуниот систем; стратегии за развој на персонализирана функционална храна. Резултати: Студентите ќе можат да ги анализираат достапните литературни податоци (епидемиолошки докази, клинички студии) и да ги проценат придобивките од функционалната храна во промоција на здравјето.			
13.	Заемна поврзаност на предметите	Клиничка исхрана			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки вештини, тимска работа и примена на теоретско знаење) 2. Проектна работа (изработка на проект на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и за презентација пред аудиториум) 3. Домашно учење			
15.	Вкупен расположив фонд на време	180			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	20	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50	
		16.3.	Пракса: часови	/	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	50	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	30	
		17.3.	Домашно учење - задачи	30	
18.	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)			
19.	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		50	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50	
	19.3.	Завршен испит: бодови			
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Deveci, H.A	Functional Foods and Nutraceuticals: Bioactive Compounds	Livre de Lyon	2022/1st edition Електронска верзија
		2.	Smith, J., Charter, E.	Functional Food Product Development	WileyBlackwell John Wiley & Sons, Ltd.	2010/1st edition Електронска верзија
		3.	Bordenave, N., Ferruzzi, M.G.	Functional Foods and Beverages: *In Vitro* Assessment of Nutritional, Sensory, and Safety Properties	Wiley Blackwell John Wiley & Sons, Inc.	2018/1st edition Електронска верзија
		4.	Boye, J.I.	Nutraceutical and Functional Food Processing Technology	Wiley Blackwell	2015/1st edition Електронска верзија
		5.	Noomhorm, A., Ahmad, I., and Kumar Anal, A.	Functional Foods and Dietary Supplements Processing Effects and Health Benefits	John Wiley & Sons, Ltd	2014/1st edition Електронска верзија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Egbuna, C., Dable-Tupas, G.	Functional Foods and Nutraceuticals Bioactive Components, Formulations and Innovations	Springer	2020/1st edition Електронска верзија
		2.	Shetty, K., Sarkar, D.	Functional Foods and Biotechnology Biotransformation and Analysis of Functional Foods and Ingredients	CRC Press Taylor & Francis Group	2020/1st edition Електронска верзија
		3.	Gopi, S., Balakrishnan, P.	Advances in Nutraceuticals and Functional Foods	CRC Press Taylor & Francis Group	2022/1st edition Електронска верзија
		4.	Hurst, W.J.	Methods of Analysis for Functional Foods and Nutraceuticals	CRC Press Taylor & Francis Group	2008/2nd edition Електронска верзија
		5.	Wildman, R.E.C., Bruno, R.S.	Handbook of Nutraceuticals and Functional Foods	CRC Press Taylor & Francis Group	2020/3rd edition Електронска верзија
		6.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		Електронска верзија

Ред. број 30		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОРАСПОЛОЖЛИВОСТ И БИОЕКВИВАЛЕНТНОСТ			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-01			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Никола Гешковски (одговорен наставник) Проф. д-р Кристина Младеновска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Збогатување на сознанијата и обезбедување на научен пристап во дизајнирањето на студии на биорасположливост и биоеквивалентност на лековите и толкувањето на терапевтската еквивалентност на иновативните, генеричките и специфичните лековити производи. Преку совладување на предметната програма се очекува студентите да се стекнат со: способност за примена на напредни биофармацевтски, фармакокинетички и статистички концепти во истражување на биорасположивост и биоеквивалентност; способност за изведување и критичка евалуација на БЕ-студии според меѓународни упатства, развивање на модели за предвидување на биорасположивост и *in vivo* перформанси на лекови; компетентност за учество во мултидисциплинарни тимови во фармацевтската индустрија, академијата и регулаторните тела. Резултати: По завршување на предметот, студентот ќе може: да ги објасни и интерпретира напредните концепти на биорасположивост, биоеквивалентност, фармакокинетика и биофармацевтска класификација; ќе може да ги оцени регулаторните барања и меѓународните упатства (EMA, FDA, WHO, ICH) поврзани со спроведување и оценка на студии за биоеквивалентност; да применува и интерпретира фармакокинетички модели и параметри за проценка на биорасположивост, како и да воспостави и валидира in vitro–in vivo корелација (IVIVC) како средство за предвидување на in vivo однесувањето на еден фармацевтски производ; да интегрира податоци од аналитички, биофармацевтски и клинички испитувања за комплетна оценка на биоеквивалентност; да користи современи аналитички и статистички софтверски алатки за обработка и моделирање на податоци, да развие стратегии за			

		оптимизација на формулации со цел постигнување на посакувана биорасположивост, како и да применува принципи на добри клинички и лабораториски практики (GCP, GLP) при дизајн и спроведување на БЕ-студии; критички да анализира објавени научни трудови, регулаторни досиеја и резултати од студии за биоеквивалентност; да проценува научна валидност и методолошка исправност на различни експериментални пристапи; да препознае ограничувања и варијабилности во биорасположивоста и да ги интерпретира во контекст на терапевтската замена.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Биорасположливост, биоеквивалентност, терапевтска еквивалентност** Содржина: Фармакокинетика/фармакодинамика, индустриски и клинички гледишта, регулаторни гледишта. Резултати: По завршување на ова поглавје, студентот ќе биде способен да ги објасни ги концептите на биорасположивост, биоеквивалентност и терапевтска еквивалентност и нивната меѓусебна поврзаност, да разликува и интегрира фармакокинетички и фармакодинамички параметри во оценката на биорасположивоста, да анализира индустриски, клинички и регулаторни гледишта за потребата и целите на студиите на БЕ и критички да ја оцени важноста на БЕ-испитувањата во контекст на развојот, одобрувањето и терапевтската замена на лекови, како и да применува регулаторни принципи и меѓународни упатства (EMA, FDA, WHO) при дефинирање на целите на испитувањата. **Поглавје: Статистички модели и параметри, методи за определување на биорасположливоста** Резултати: Студентот ќе може да ги идентификува и објасни статистички модели и параметри применливи за анализирање на биорасположивост и биоеквивалентност, да применува различни методи (non-compartmental analysis, compartmental modeling) за обработка на податоци, да дизајнира и верификува методи за определување на биорасположивоста во зависност од типот на лековитиот производ и патот на администрација, критички да ја процени валидност и ограничувања на статистичките пристапи во анализи на БЕ. **Поглавје: Иноваторни и генерички лекови** Содржина: Лековити производи со нови активни супстанци, одобрени активни супстанци, производи со проблеми во определувањето на биорасположивоста и биоеквивалентноста, определување на биорасположивоста во случај на клинички завршни точки. Резултати: Студентот ќе може да разликува регулаторни и научни пристапи при испитување на биорасположивост за нови и веќе одобрени активни супстанци, да идентификува проблематични категории на лекови (ниска растворливост, нестабилност, висок first-pass ефект) и да предложи стратегии за нивна евалуација, да дизајнира студии базирани на клинички завршни точки кога фармакокинетичката анализа не е применлива, да анализира и интерпретира примери на гранични случаи во процена на биоеквивалентност, како и да развие научен пристап за интеграција на клинички и фармакокинетички податоци при оценка на биорасположивоста. **Поглавје: Дизајнирање на испитувањата на биорасположивост и биоеквивалентност**

		Содржина: Добра клиничка пракса; критериуми за оценка на биоеквивалентноста; просечна, популациска и индивидуална биоеквивалентност; дизајн на студија; статистичка анализа. Резултати: Студентот ќе може да дизајнира студија на БЕ во согласност со принципите на Добрата клиничка пракса (GCP), да објасни и примени различни пристапи и критеруми за оценка на БЕ, да спроведе анализа на варијанса (ANOVA) и пресмета доверителни интервали за процена на биоеквивалентност, да дизајнира студии и да применува современи биостатистички модели за обработка на податоци, критички да го евалуира влијанието на дизајнот и варијабилноста врз заклучоците за биоеквивалентност. **Поглавје: In vitro и алтернативни методи за оценка на биоеквивалентноста** Содржина: Биофармацевтски класификациски систем (BCS); Биофармацевтски класификациски систем на дистрибуцијата на лековите (BCDDS); *in vitro* методи; *biowaiver*; дизајн на студија и статистичка анализа; други испитувања на биоеквивалентноста (мета анализи, популациска фармакокинетика, други фармакокинетски испитувања) Резултати: Студентот ќе може да ги објаснува принципите на Биофармацевтски класификациски систем (BCS)/Биофармацевтскиот класификациски систем на дистрибуцијата на лековите (BDDCS) и неговата примена при предвидување на биоеквивалентност; да дизајнира и анализира in vitro студии и да воспостави in vitro–in vivo корелации (IVIVC); да применува алтернативни модели за оценка на биоеквивалентност кога in vivo студии не се неопходни; да користи мета-анализи и популациска фармакокинетика како дополнителни алатки за процена на БЕ; критички да ги споредува резултатите од класичните и алтернативните пристапи за евалуација на БЕ. **Поглавје: Биорасположивост и биоеквивалентност на специфични лековити производи** Содржина: Биотехнолошки лекови, лекови од природно потекло, производи со модифицирано ослободување, комбинирани производи Резултати: Студентот ќе може да разликува специфични пристапи и предизвици во испитувањата на БЕ на биотехнолошки и биолошки слични производи; да објаснува методолошки особености при испитување на производи со модифицирано ослободување и комбинирани формулации; да идентификува фактори кои влијаат врз биорасположивоста кај лекови од природно потекло; да дизајнира студии на БЕ за сложени лековити производи во согласност со релевантните регулаторни насоки; да евалуира можности за примена на моделирање и симулација при предвидување на БЕ кај специфични формулации. **Поглавје: Клиничко значење на испитувањата на биоеквивалентност** Содржина: Пропишување и замена на лековите; терапевтска еквивалентност на лековите Резултати: Студентот ќе може да го објасни клиничкото значење на резултатите од студиите на БЕ за пропишување и терапевтска замена; да проценува ризици и придобивки при замена на иновативни со генерички производи; критички да анализира влијание на варијабилноста во БЕ врз терапевтската ефикасност и безбедност; да дискутира со клиничари и регулатори за импликациите на резултатите од БЕ во здравствениот систем.

13	Заемна поврзаност на предметите	Молекуларна биофармација со фармакокинетика; Неклинички и клинички испитувања на лекови; Индустриска фармација 1; Индустриска фармација 2		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	60
		17.3.	Домашно учење – задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25
	19.3.	Завршен испит: бодови		25
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	S-C. Chow, J-P. Liu	Design and Analysis of Bioavailability and Bioequivalence Studies	CRC Press, Taylor & Francis Group	2009
2.	2 Scott Patterson, Byron Jones	Bioequivalence and Statistics in Clinical Pharmacology	CRC Press, Taylor & Francis Group	2006

		3.	D. Hauschke, V. Steinijans, I. Pigeot	Bioequivalence Studies in Drug Development. Methods and Applications	Wiley	2007
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		
		2.	L. Shargel, S. Wu-Pong, A. B. C. Yu.	Applied Biopharmaceutics & Pharmacokinetics	Mc-Graw-Hill Companies	2012
		3.	B. Meibohm	Pharmacokinetics and Pharmacodynamics of Biotech Drugs	Wiley-VCH Verlag GmbH & co.	2006
		4.	H. van de Waterbeemd, H. Lennernas, P. Artursson	Drug Bioavailability: Estimation of Solubility, Permeability, Absorption and Bioavailability	Wiley-VCH Verlag GmbH & co	2009
		5.		Водичи/прирачници на FDA, EMA, МАЛМЕД и други регулаторни органи		

Ред. број 31		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОСЕНЗИТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА ТЕРАПИЈА			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-02			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Главаш Додов (одговорен наставник) Доц. д-р Душко Шалабалија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметот: Предметот има за цел да им обезбеди на докторандите длабинско разбирање на биолошките и физиолошките процеси кои се основа за развој на интелигентни терапевтски системи. Целта е студентите да го совладаат влијанието на физиолошките и патофизиолошките фактори врз дизајнот и функционирањето на биосензитивни материјали и системи, како и да развијат способност за критичка анализа на современите технологии за контрола на терапијата. Предметот ги интегрира концептите на мултидисциплинарен пристап, вклучувајќи биомедицински, инженерски и дигитални аспекти, и има за цел да ги подготви студентите да создаваат иновативни решенија за индивидуализирана терапија со примена на интелигентни биосензитивни платформи. Дополнително, предметот има за цел да ги стимулира докторандите да развиваат истражувачки способности, да применуваат современи технологии и да ја проектираат терапевтската интервенција врз основа на специфични биомаркери и физиолошки параметри на пациентите. Резултати: По завршувањето на предметот, докторандот ќе биде способен да ги поврзе физиолошките и патофизиолошките процеси со принципите на биосензитивните технологии и да идентификува клучни биомаркери за специфични терапевтски примени. Тој ќе може да анализира како различните физиолошки услови влијаат на изборот на материјали и системи за испорака на лекови, вклучително и трансдермални и топикални платформи, и да развие теоретски модели за биосензитивни реакции адаптирани на конкретни заболувања или индивидуални профили на пациенти. Докторандот ќе може да разликува и			

		опише различни типови на биосензитивни системи, да избере соодветен систем за специфична терапевтска цел, да анализира материјални и процесни параметри кои влијаат на перформансите и да предложи нови концепти за интегрирани платформи со мултимодална контрола. Покрај тоа, студентот ќе биде способен да препознае и анализира иновативни насоки во развојот на биосензитивните технологии, да интегрира биолошки, инженерски и дигитални перспективи во индивидуализирана терапија, да предложи оригинални истражувачки хипотези и проектни концепти и критички да процени кои технологии имаат најголем транслациски потенцијал за примена во персонализираната медицина.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Биолошки и физиолошки основи на биосензитивните технологии и патофизиолошки контексти** Содржина: Во ова поглавје се поставуваат темелите на биосензитивните технологии преку детална анализа на физиолошките и патофизиолошките фактори што овозможуваат нивна ефикасна примена. Се истражуваат биохемиските и клеточните сигнали кои се користат како природни сензори – како pH, температура, јонска концентрација, глукозни и хормонални нивоа, оксидативен статус и ензимска активност – како и нивната варијабилност при различни заболувања. Поглавјето опфаќа и патофизиолошки состојби карактеристични за клучни заболувања (дијабетес, карцином, воспалителни и автоимуни процеси), со фокус на тоа како овие состојби ја менуваат физиолошката микросредина и можат да бидат искористени за активација на интелигентни терапевтски системи. Посебно внимание се посветува на физиолошките бариери за испорака на лекови и можностите за нивно надминување со употреба биосензитивни материјали, со посебен акцент на трансдермална и топикална примена како неинвазивни, но високо адаптивни патишта за индивидуализирана терапија. Се обработуваат биофизичките својства на кожата, нејзината реакција на стимули и потенцијалот на микро и нано-сензорски платформи за прецизна испорака на лековите. Резултати: По совладувањето на ова поглавје, докторандот ќе може да ги поврзе физиолошките и патофизиолошките процеси со принципите на биосензитивност и да идентификува клучни биомаркери за специфична терапевтска примена; ќе биде способен да анализира како физиолошките услови влијаат на изборот на материјал и метод за испорака, вклучувајќи трансдермални и топикални системи; да развие теоретски модел на биосензитивна реакција адаптиран на конкретна болест или профил на пациентот. **Поглавје: Биосензитивни системи и материјали за индивидуализирана терапевтска контрола** Содржина: Ова поглавје е насочено кон специфичните системи и технологии кои овозможуваат биосензитивна контрола на терапевтскиот процес. Се разгледуваат различни категории на системи за испорака, меѓу кои: pH-чувствителни и термосензитивни хидрогелови; глукозо-реагирачки наночестички за саморегулирана испорака на инсулин; ензимски активирани носачи за тумор-селективна терапија; магнето- и фотоактивирани наносистеми за контрола на онкотерапија; и микрофлуидни платформи за дозирање во реално време. Дополнително, се обработуваат интегрирани „closed-loop“

		системи што ги комбинираат биосензорите и контролерите на дозирање со терапевтски модули, како и хибридни системи кои се базираат на комбинација од биополимери, липидни носачи и електроактивни наноматеријали. Поглавјето вклучува и анализа на носиви биосензори и имплантабилни уреди кои овозможуваат континуирано следење на биохемиски параметри и автоматско прилагодување на терапијата. Посебен интерес се посветува на интелигентни површини и микро/наноструктурирани материјали кои овозможуваат просторно и временски контролирано ослободување на лекови, како и на системи за мултимодална терапија, каде се комбинираат различни стимули (на пример, pH и светлина) за комплексен биолошки одговор. Резултати: По завршување на ова поглавје, докторандот ќе може да ги разликува и опише различните типови на биосензитивни системи и нивните механизми на дејство; ќе развие способност да избере соодветен систем за специфична терапевтска цел, да анализира материјални и инженерски параметри кои влијаат на перформансите и да предложи нов концепт за интегрирана биосензитивна платформа која би можела да се примени во индивидуализиран клинички контекст. **Поглавје: Иновации, интегративни пристапи и идни насоки во биосензитивната индивидуализирана терапија** Содржина: Третото поглавје е посветено на истражувачките и иновативните насоки во развојот на биосензитивните технологии и нивната интеграција во идната персонализирана медицина. Се разгледуваат новите концепти на биоинспирирани и биохибридни системи, кои комбинираат живи клетки или биомолекули со синтетички материјали за создавање на динамички одговори. Се анализира потенцијалот на нанороботиката, биоинформатиката и вештачката интелигенција во предвидување, адаптација и оптимизација на терапијата врз основа на биосензитивни повратни сигнали. Поглавјето вклучува и интегративен пристап меѓу омикс-технологиите (геномика, протеомика, метаболомика) и биосензитивните системи, што овозможува развој на модели за предиктивна биотерапија и индивидуална терапија. Дополнително, се истражува можноста за комбинирање на минијатурни сензори, паметни уреди и „digital twins“ кои ја симулираат физиолошката динамика на пациентот. Завршниот дел го насочува вниманието кон потенцијалот на колаборативни истражувања меѓу биомедицина, нанотехнологија и компјутерски науки во создавањето на следната генерација на интелигентни терапевтски системи. Резултати: По завршувањето на ова поглавје, докторандот ќе може да препознае и анализира идни иновативни насоки во развојот на биосензитивните технологии, да предложи оригинална истражувачка хипотеза или проектен концепт, и да ја интегрира биолошката, инженерската и дигиталната перспектива во рамките на индивидуализирана терапија; ќе може критички да процени кои технологии имаат најголем транслациски потенцијал и да идентификува области за нови интердисциплинарни истражувања.
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставата во предметот комбинира теоретски предавања, практични работилници, учење преку проблеми, проектни задачи и самостојна истражувачка работа. Предавањата

		обезбедуваат систематско разбирање на современи концепти, научни принципи и истражувачки резултати во областа на биосензитивните технологии, додека работилниците овозможуваат практично применување и тимска анализа на реални студии и експериментални податоци. Учењето преку проблеми и проектните задачи ја развиваат аналитичката, истражувачката и креативната способност на студентите, поттикнувајќи решавање на комплексни и реални проблеми, дизајн на нови системи и интеграција на мултидисциплинарни знаења. Самостојната истражувачка работа овозможува развој на критичко размислување, длабинско учење и способност за научна аргументација и презентација на резултати. Комбинацијата на овие методи овозможува интегрирано, активно и истражувачки ориентирано учење, при што студентите стекнуваат и применуваат знаење во реални и иновативни контексти, развивајќи компетенции карактеристични за докторско образование, како што се аналитичко размислување, критичка проценка, научна креативност и интердисциплинарна интеграција.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	60
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	A.D. Sezer	Smart Drug Delivery System	IntechOpen	2016

		2.	A. Behera, A.K. Nayak, R.K. Mohapatra, A.A. Rabaan	Smart Micro- and Nanomaterials for Drug Delivery	CRC Press	2024
		3.	A.M. Holban & A.M. Grumezescu	Materials for Biomedical Engineering: Nanomaterials-based Drug Delivery	Elsevier	2019
		4.	W-C.Oh, S. Sagadevan	Bionanomaterials for Biosensors, Drug Delivery, and Medical Applications	CRC Press	2024
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во индексирани меѓународни научни списанија		

Ред. број 32		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКА БИОТЕХНОЛОГИЈА (напредни содржини)			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Рената Славеска Раички (одговорен наставник) Доц. д-р Душко Шалабалија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Стекнување интегрирани знаења што потекнуваат од современи научни концепти и применети иновирани достигнувања, суперирони техники и технологии на биотехнологијата како движечка сила за откривање, развој и производство на биотехнолошки лекови и производи; запознавање со клучни фармацевтски аспекти и предизвици кај биотехнолошките лекови преку успешни примери почнувајќи од олигонуклеотиди, РНК и ДНК базирани терапевтици, производи за напредни терапии, вакцини, рекомбинирани едногени протеини, моноклонални антитела и нивни варијанти; примена на концептот за осигурување на квалитет преку дизајн, добри производствени практики и други најдобри практики во биофармацевтска индустрија со современи трендови во дизајнот на биопроцесите и имплементација на вештачка интелигенција и машинско учење. Запознавање со технички упатства за биофармацевтската индустрија. Студии за компарабилност/ студии за биосличност; запознавање со производствени бариери за напредни терапии; процесна скалабилност; аспекти на индустрија за клеточни терапии. Резултати: По завршувањето на наставната програма, студентот стекнува специфични знаења и вештини потребни за разбирање на примената на современите научни принципи, иновирани техники и технологии во фармацевтската биотехнологија. Тој ги поврзува молекуларно-биолошките основи и догми, геномски стратегии за откривање на нови лекови, потоа, производствените стратегии и фармацевтските аспекти на биотехнолошките лекови почнувајќи од развојот, нивниот дизајн, формулирање, подобрување на стабилноста, аспекти на процеси на пречистување во биотехнолошко индустриско производство и осигурување на			

		квалитет на производите преку дизајн. Студентот ги разбира важноста на современите технологии и концепти за развој на биотехнолошки лекови, умее критички да ги анализира успешните примери и регулаторните барања во оваа област. Понатаму, ги разбира и применува принципите на вештачката интелигенција и машинското учење во оптимизација и моделирање на биопроцеси, препознавајќи ги современите трендови и иновации во биотехнолошката индустрија. Преку стекнатите специфични знаења и компетенции, студентот демонстрира интегрирано разбирање на научните, технолошките и фармацевтските аспекти на биотехнолошките лекови и производи и, подготвен е за интердисциплинарна примена на истите во професионален и истражувачки контекст на национално и интернационално ниво. Студентот стекнува знаења за препознавање и дефинирање на научни проблеми во областа.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Клучни научни концепти и технологии интегрирани во фармацевтска биотехнологија за дизајн, инженерирање и производство на биотехнолошки лекови** Содржина: Ова поглавје опфаќа принципи и научни основи на фармацевтската биотехнологија со примената на современите биотехнолошки платформи за дизајнирање, добивање, пречистување и производство на биотехнолошки лекови. Се разгледуваат аспекти на рекомбинирана ДНК технологија, добивање на терапевтски протеини од *in silico* ДНК секвенци, добивање на синтетички ДНК молекули и алтернативни извори на клонирани ДНК секвенци, хибридома технологијата и клеточните култури како клучни алатки за добивање на биофармацевтски производи, геномски и други омика технологии и алатки во биотехнологија на прецизни лекови, парадигма на персонализирани лекови и P4 концепт, трансгенични растенија, животни и генетски модифицирани клетки/ткива во откривање, развој и производство на лекови, 3Д клеточни култури и органоди. Посебен акцент се става на концептите на биоинженеринг, оптимизација на биопроцеси и интеграција на технолошки параметри за обезбедување на квалитет и стабилност на производите. Резултати: По завршување на ова поглавје, студентот ги разбира и објаснува фундаменталните концепти на фармацевтската биотехнологија, ги поврзува теоретските и практичните аспекти на инженерингот и дизајнот на биотехнолошките лекови и критички ги анализира суперионите технологии применети во нивното производство. **Поглавје: Научни концепти и технологии за терапевтици базирани на олигонуклеотиди и РНК терапевтици со критични атрибути за квалитет, производи за напредни терапии како генска и клеточна. Фармацевтски аспекти на вакцините и концепт на терапевтски вакцини.** Содржина: Поглавјето се фокусира на современите технологии за развој и примена на олигонуклеотидни, РНК терапевтици, генски и клеточни терапии и биотехнолошките принципи на создавање на вакцини со фармацевтски аспекти. Се опишуваат молекуларните механизми на дејство, процесите на дизајн и синтеза на олигонуклеотиди и гени, инженерингот на клетки и клеточни субединици, како и биотехнолошките стратегии во развојот на современи ДНК, мРНК и рекомбинантни вакцини. *In situ* производство на биофармацевтици.

		Резултати: Студентот по ова поглавје може да објасни како се дизајнираат и применуваат олигонуклеотидни и генски терапии, да ги разбере биолошките и технолошките основи на развојот на вакцини и да ги оцени факторите кои влијаат врз нивната ефикасност, стабилност и безбедност. **Поглавје: Протеински производи на фармацевтска биотехнологија со аспекти на клиничка примена; биотерапевтици базирани на антитела и клиничка примена** Содржина: Во ова поглавје се обработуваат протеинските производи на фармацевтската биотехнолошка индустрија со нивни варијанти, начини на примена и клинички аспекти. Внимание се посветува на ендогените протеини како инсулин, интерферони, интерлеукини, хуман хормон за раст, хематопоезни фактори на раст, рекомбинирани фактори на коагулација и тромболитички агенси, фоликуло стимулирачки хормони вклучително и процесите на нивна биотехнолошка модификација. Дополнително, се опфаќаат моноклоналните антитела и нивните фрагменти, принципите на хибридомна технологија, хуманизација на антитела, преглед на развој на биослични и биоподобри и нивната клиничка примена. Резултати: Студентот ги идентификува различните категории на протеински биофармацевтици, го разбира нивниот механизам на дејство и клиничките индикации и критички ги проценува биосличноста, ефикасноста и безбедноста на моноклоналните антитела и другите протеински биолошки лекови. **Поглавје: Поврзаност меѓу патофизиолошките механизми и биотехнолошките стратегии за терапија** Содржина: Ова поглавје претставува интегриран пристап кон развојот и евалуацијата на биотехнолошките лекови базиран на научни докази. Се анализира поврзаноста меѓу патофизиолошките механизми и биотехнолошките стратегии за терапија, како и фазите на дизајн, развој и производство на биофармацевтици со примена на индустриските стандарди надобра производна, лабораториска, ткивна и клиничка пракса (cGMP, cGLP, cGTP и cGCP) и нивното значење за обезбедување на квалитет и сигурност на производите. Резултати: Студентот е способен да применува методи базирани на докази во евалуацијата на биотехнолошките лекови, да ја објасни поврзаноста помеѓу патофизиологијата и изборот на терапија и да ги препознае, разбере и усвои регулаторните и технолошките чекори во процесот на развој и производство на биофармацевтски производи. **Поглавје: Најнови трендови со рефлексија на напредокот во фармацевтско-биотехнолошката индустрија** Содржина: Поглавјето ги разгледува најновите трендови и насоки на развој во фармацевтско-биотехнолошката индустрија. Се опишуваат новите генерации на биотерапии како што се: клеточните и генетски терапии, CAR-T и нанобиотехнолошките пристапи, со акцент на научниот, економскиот и општествениот импакт на биотехнолошките иновации и патентни. Се анализира и влијанието на напредокот врз фармацевтската практика и глобалниот пазар на биолошки лекови. Резултати: Студентот ги разбира современите трендови во развојот на биотехнолошките производи, критички ги проценува нивните ефекти врз индустријата и општеството и ги идентификува потенцијалните насоки за идниот развој на биофармацевтиката. **Поглавје: Имплементација на вештачка интелигенција и машинско учење во биопроцеси**

		Содржина: Ова поглавје се занимава со современите дигитални технологии и нивната примена во биотехнолошките истражувања и биопроизводство. Се разгледува улогата на вештачката интелигенција **(**AI**)** и машинското учење **(**ML) во биоинформатиката, предвидувањето на структурата и функцијата на биомолекулите, оптимизацијата на биопроцесите и дигиталната автоматизација во фармацевтската биотехнологија. Резултати: Студентот објаснува како AI и ML технологиите се применуваат во дизајн, анализа и оптимизација на биопроцесите, ги препознава нивните придобивки и ограничувања и ја разбира нивната улога во идниот развој на интелигентни системи во биоиндустријата. **Поглавје: Регулаторни барања, биоетички аспекти, дилеми и конфликти во фармацевтска биотехнологија** Содржина: Поглавјето се фокусира на биоетичките, регулаторните и општествените аспекти на примената на биотехнолошките технологии во фармацијата. Се разгледуваат прашањата поврзани со етичкото резонирање, спроведување на истражувања, проценка на биобезбедноста и биосигурноста, регулативата за биофармацевтски производи и улогата на меѓународните институции. Се анализираат потенцијалните конфликти и дилеми меѓу научниот напредок, економските интереси и етичките принципи. Резултати: Студентот е способен да ги идентификува и објасни етичките и регулаторните аспекти на фармацевтската биотехнологија, да ја разбере важноста на регулаторните тела во контролата на биотехнолошките процеси и да развие критичко мислење за одговорна и етичка примена на биотехнолошките иновации.
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставниот процес во рамките на предметот ги обединува теоретските предавања со практични активности, учење преку проблеми, проектни задачи и самостојна истражувачка работа. Преку предавањата студентите добиваат систематско познавање на современите концепти, научните принципи и најновите истражувачки достигнувања поврзани со биотехнологијата. Практичните работилници, пак, служат за примена на теоретското знаење во реални ситуации, поттикнувајќи тимска соработка и анализа на конкретни случаи и експериментални резултати. Методите како учење преку решавање на проблеми и реализирање проектни задачи го стимулираат аналитичкото и креативното размислување на студентите, при што тие се охрабруваат да дизајнираат нови решенија и да интегрираат знаења од различни дисциплини. Самостојната истражувачка активност овозможува продлабочување на разбирањето, развој на критичка мисла и способност за аргументирање и презентирање научни резултати. Овој комбиниран пристап овозможува активно и интегрирано учење засновано на истражување, каде студентите стекнуваат знаења и вештини применливи во современи и иновативни контексти. На тој начин се зајакнуваат компетенциите неопходни за докторски студии – аналитичко и критичко размислување, научна креативност и интердисциплинарна интеграција.
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис			
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Crommelin, D.J.A. & Sindelar, R.D. Meibohm	Pharmaceutical Biotechnology	Springer	2013
2.	He Xiaoxian, He Po Ding Yong	Contemporary Biotechnology and Bioengineering	Alpha Science Intl Ltd	2014
3.	Anthony Atala, Robert Lanza, Tony Mikos, Robert Nerem	Principles of Regenerative Medicine	Academic Press	2018
4.	Silva, A.C., Moreira, J.N., Lobo, J.M.S., Almeida, H.	Current Applications of Pharmaceutical Biotechnology	Springer	2020
5.	Srivastav, A.K. & Das P.	Artificial Intelligence in the Production of Biotherapeutics: Principles, Practices, and Standards	CRC Press	2025

22.2. Дополнителна литература

Ред. Број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Randall A. Hughes	Synthetic DNA: Methods and Protocols	Humana Press	2016

		2.	Rakesh Tekade (Series Volume Editor)	Biomaterials and Bionanotechnology	Academic Press	2019
		3.		Релевантни трудови во индексирани меѓународни научни списанија		

Ред. број 33		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКА НАНОТЕХНОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Горачинова (одговорен наставник) Доц. д-р Љубица Михаилова Доц. д-р Душко Шалабалија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Целта на предметот е студентите да стекнат продлабочени знаења и разбирање за современите достигнувања во областа на нанопартикулираните системи и нивната примена во биомедицината, со особен акцент на технологиите за насочено делување и системите со модифицирано ослободување на лековите. Преку изучување на современите пристапи во нанотехнологијата, студентот ќе се запознае со принципите и методите на активен и пасивен таргетинг, како и со примената на сознанијата за патофизиологијата на различни заболувања во развојот на нанолекови со прецизно делување на ниво на орган, ткиво, клетка и субклеточни структури. Во рамките на програмата, студентот ќе развие разбирање за дизајнот, инженерингот и оптимизацијата на различни типови наночестички – липидни, мицеларни, полимерни и метални системи – и ќе ги поврзе нивните физичко-хемиски својства со биолошката активност и фармакокинетичките карактеристики на активните супстанци. Посебно внимание ќе биде посветено на методите за физичко-хемиска карактеризација и анализа на био-нано интерфејсите, со цел студентот да стекне практично и теоретско знаење за процена на стабилноста, биодеградабилноста и биокомпатибилноста на наноматеријалите. Покрај техничките и научните аспекти, предметот има за цел студентите да се запознаат со регулаторната рамка, етичките принципи и безбедносните стандарди што го дефинираат развојот и употребата на нанотерапевтиците во современата фармацевтска и биомедицинска индустрија. На тој начин, студентот ќе развие критички и аналитички пристап кон евалуацијата на наносистемите и нивната примена во клиничка			

		пракса, стекнувајќи компетенции за работа во истражувачки, развојни и регулаторни институции. Резултати: По совладувањето на предметот, студентот ќе демонстрира продлабочено познавање на принципите, структурите и апликациите на нанопартикулираните системи во дијагностички и терапевтски цели. Тој ќе може да ги објасни механизмите на активно и пасивно таргетирање, да го поврзе изборот на наноматеријалите со нивните биолошки својства и да ги интерпретира нивните фармакокинетички и фармакодинамички ефекти. Студентот ќе може да идентификува различни типови наночестички, да ги класифицира според нивната структура, состав и функција, како и да објасни нивната улога во медицински имиџинг, дијагностика и системи за модифицирано ослободување на лекови. Ќе знае да ги анализира и примени методите за физичко-хемиска карактеризација на нанолековите и да ја поврзе нивната морфологија, стабилност и површински полнеж со биолошката активност и биодистрибуцијата. Понатаму, студентот ќе развие вештини за процена на биокомпатибилноста и потенцијалната токсичност на наноматеријалите, ќе ги разбира процесите на интеракција меѓу наночестичките и биолошките системи, како и факторите што влијаат врз нивната ефикасност и безбедност. Исто така, ќе ги познава регулаторните и етичките насоки што ја дефинираат употребата на нанотерапевтиците, вклучувајќи ги стандардите на Европската агенција за лекови (EMA), Американската агенција за храна и лекови (FDA) и другите меѓународни институции. Преку совладување на овие знаења и вештини, студентот ќе биде подготвен да учествува во развој, евалуација и примена на нанотехнологиите во современата биомедицина и фармацевтска индустрија, покажувајќи способност за самостојна анализа, критичко расудување и научно-истражувачки пристап во областа на нанотерапевтиката.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Нанотехнологија во имиџинг, дијагностика и терапија** Содржина: Ова поглавје опфаќа принципи и техники на употреба на наночестички во медицински имиџинг и дијагностички методи, со посебен акцент на механизмите преку кои наноматеријалите овозможуваат зголемена резолуција, контраст и специфичност при откривање на болестите. Ќе се разгледаат различните биосензори и видовите наночестички што се користат, вклучувајќи златни наночестички, сребрени наночестички, магнетни наночестички, квантни точки, липозомски и полимерни наночестички, како и наночестички базирани на силика. Ќе се анализира нивната употреба во магнетна резонанца (MRI), компјутеризирана томографија (CT), оптичка и флуоресцентна микроскопија, ултразвучен имиџинг и нуклеарна медицина (PET/SPECT). Дополнително, ќе се истражува биосензорската улога на наночестичките во раното откривање на биомаркери и патолошки состојби, нивната биокомпатибилност, токсиколошките аспекти и значењето на површинската функционализација за селективно врзување со целните молекули. Резултати: По совладувањето на оваа единица, студентите ќе развијат целосно разбирање за начинот на кој наночестичките се применуваат во медицинската дијагностика и визуелизација, ќе ги препознаваат различните типови и нивните функционални карактеристики, ќе знаат да ги поврзат со соодветни техники на

		имицинг и ќе умеат да проценат нивната безбедност и ефикасност во биомедицински контекст. **Поглавје: Дизајн на нанолекови за таргетирање на различни ткива и органи и нивна употреба во системите со модифицирано ослободување** Содржина: Ова поглавје се фокусира на принципите на дизајн, инженеринг и оптимизација на нанолекови, како и на стратегиите за нивно таргетирање кон специфични клетки, ткива и органи. Ќе се опфатат концептите на пасивно и активно таргетирање, како и влијанието на физичко-хемиски и површински својства, како и биодеградабилноста на наночестичките врз нивната фармакокинетика и биодистрибуција. Ќе се обработат различните видови наночестички користени за терапевтски цели – липозоми, дендримери, нанокапсули, наносфери, мицели, полимерни наночестички, како и биоразградливи наночестички од природно потекло. Ќе се разработат и нанолекови применети во различни патолошки состојби, како што се онколошки заболувања, невродегенеративни болести, кардиоваскуларни нарушувања и инфективни состојби, при што ќе се истакне како нанотехнологијата овозможува зголемена терапевтска ефикасност, контролиран транспорт преку биолошки бариери и минимизирани несакани ефекти. Ќе се разгледаат и системите со модифицирано ослободување, меѓу кои се pH-зависни, термо-сензитивни, ензимски активирани и магнетно контролирани системи, како и интелигентни наноплатформи кои овозможуваат таргетиран и контролиран пристап при ослободување на активната супстанција. Резултати: По завршувањето на оваа единица, студентите ќе стекнат способност да ги разберат принципите на дизајн и изработка на нанолекови, ќе можат да ги класифицираат и анализираат различните типови на наночестички и нивните апликации, ќе ја разбираат поврзаноста помеѓу физичко-хемиските својства и биолошката активност, како и да ги објаснат механизмите на модифицирано ослободување и нивната примена во клиничка пракса. **Поглавје: Физичко-хемиска карактеризација на нанолековите и нивните функционални особини со карактеризација на био-нано површини** Содржина: Во ова поглавје се обработуваат методите и техниките за физичко-хемиска карактеризација на нанолековите што се користат за анализа на нивната големина, морфологија, површински полнеж, стабилност, и ефикасност на енкапсулација. Ќе се разгледуваат спектроскопски, микроскопски и термоаналитички техники и нивната улога во прецизното определување на структурните и функционалните својства на нанолековите. Особено внимание ќе се посвети на карактеризацијата на био-нано површините, односно површината меѓу наночестичките и биолошките системи, како и на процесите на адсорпција на протеини, клеточна интеракција и биофункционализација. Ќе се анализира како површинските модификации влијаат врз ефикасноста на доставата на лекот, неговата биодистрибуција и имунолошката реакција. На крај, ќе се дискутираат методите за процена на ефикасност, биорасположивост и биокомпатибилност, како и значењето на репродуцибилноста и стандардизацијата во истражувањата.

		Резултати: Студентите ќе можат да ги разберат и применат техниките за карактеризација на нанолекови, да ги поврзат нивните физичко-хемиски својства со биолошката активност и ефикасност, да го анализираат однесувањето на био-нано површините и да ги проценат параметрите што ја дефинираат стабилноста и биокомпатибилноста на наноматеријалите. **Поглавје: Регулаторна рамка за нанотерапевтици** Содржина: Поглавјето ги разгледува регулаторните аспекти и правните насоки што ја дефинираат употребата, одобрувањето и контролата на нанотерапевтиците во фармацевтската и биомедицинската индустрија. Ќе се анализираат стандардите и упатствата на Европската агенција за лекови (EMA), Американската агенција за храна и лекови (FDA) и други релевантни институции, со осврт на критериумите за безбедност, ефикасност, квалитет и постмаркетинг следење на нанолековите. Ќе се обработат етичките и биосигурносните аспекти, процесите на предклиничко и клиничко тестирање, барањата за документација и воспоставувањето на добри производствени практики (GMP) во развојот на нанофармацевтски производи. Резултати: Студентите ќе развијат способност да ги разберат и применат регулаторните принципи за развој и оценување на нанотерапевтици, ќе ги познаваат меѓународните стандарди за нивно одобрување и мониторинг и ќе можат да ги анализираат правните и етичките предизвици поврзани со интеграцијата на нанотехнологијата во современата медицина.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Современи терапевтски системи; Биосензитивни технологии за индивидуализирана терапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, работилници и учење преку проблеми, проектни задачи, самостојни задачи		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Rai M, dos Santos C.A.	Nanotechnology Applied To Pharmaceutical Technology	Springer	2017
		2	Dave V., Gupta N., Sur S.	Nanopharmaceutical Advanced Delivery Systems	Scrivener Publishing LLC	2021
		3	Shegokar R.	Nanopharmaceuticals	Elsevier	2020
		4	Song Y.	Nanomedicine: Fundamentals, Synthesis, and Applications	Wiley-VCH GmbH	2024
		5	Lamprecht A.,	Nanotherapeutics Drug delivery concepts in Nanoscience	Pan Stanford Publishing Pte. Ltd,	2009
		6	De Villiers M., Aramwit P., Kwon S.G.,	Nanotechnology in Drug Delivery,	Springer	2009
		7	Thassu D., Deleers M., Pathak Y.,	Nanoparticulate drug delivery systems,	Informa Helthcare	2007
		8	Torchilin V.	Nanoparticulates as Drug carriers	Imperial College Press	2006
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Touitou, E., Barry, B.W.	Enhancement in Drug delivery	CRC Press	2007
		2.	Liu R.	Water Insoluble Drug Formulation	CRC Press	2008
		3.	Amiji, MM.	Nanotechnology for Cancer Therapy	CRC Press	2007
		4.	Hosokawa, M., Nogi, K., Naito, M., Yokoyama, T.	Nanoparticle Technology handbook	Elsevier	2007
		5.		Релевантни трудови од списанија со импакт фактор		

Ред. број 34		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИН СИТУ, ИН ВИТРО И ИН СИЛИКО МЕТОДИ ВО БИОФАРМАЦЕВТСКИТЕ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИТЕ			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-05			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска (одговорен наставник) проф. д-р Никола Гешковски доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Целта на предметот е да ги запознае студентите со напредните експериментални и пресметковни методи кои се користат за проучување на апсорпцијата, пермеабилноста, метаболизмот и токсичноста на лековите. Преку интеграција на ин ситу, ин витро и ин силико техники, студентите ќе се оспособат да: разбираат и применуваат физиолошки и експериментални модели за процена на пермеабилност, апсорпција и метаболизам; користат ин витро и клеточни модели за предвидување на биолошки одговори; развиваат ин силико модели, PBPK симулации, и ML/AI пристапи за предвидување на својствата на лековите; интегрираат QbD стратегии во планирање и анализа на биофармацевтски експерименти; почитуваат етички и регулаторни стандарди според 3R принципите (Replacement, Reduction, Refinement). Резултати: По завршување на предметот, студентот ќе стекне знаења за различните ин ситу, ин витро и ин силико модели и нивната примена во проучување на пермеабилноста, апсорпцијата, метаболизмот и токсичноста на лековите; ќе ги разбира механизмите на транспорт низ биолошките бариери и ќе ги познава биоинформатичките и моделирачките методи (PBPK, QSPR) за предвидување на биорасположливост и безбедност. Студентот ќе развие вештини за дизајн и спроведување на експериментални, комбинирани и симулациски модели, користење на клеточни култури, перфузиски техники и софтверски алатки, како и примена на машинско учење и вештачка интелигенција за моделирање на биофармацевтски процеси. Ќе стекне компетенции за интеграција на експериментални и пресметковни податоци,			

		рационален дизајн на лекови и примена на QbD и 3R принципите во истражување. Студентот ќе биде подготвен критички да ги интерпретира и презентира резултатите во научен, индустриски и регулаторен контекст.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во современите методи за проучување на лековите** Содржина: Врска меѓу физичкохемиски својства и биолошка активност; основни ADME процеси и нивно моделирање. Резултати: Студентот ги разбира основите на апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лековите и нивното значење во експерименталните истражувања. **Поглавје: Пермеабилност и механизми на апсорпција на лековите** **Содржина:** Дескриптори на пермеабилност и растворливост; ефективен коефициент на пермеабилност (Peff); обем и константа на брзина на апсорпција; влијание на биолошките бариери (кожа, интестинум, мозок, белите дробови, назални и очни ткива). Резултати: Студентот ги разбира факторите што влијаат врз пермеабилноста и може да ги избере најсоодветните методи за нивно мерење и анализа. **Поглавје: Ин ситу техники во истражувањето на лековите** Содржина: Перфузиски модели на различни органи и ткива: кожа (иритација, сензибилизација, фототоксичност, корозија), интестинум (изолирани, васкуларно перфузиски модели; прибирање на венски примероци; лимфна канилација), колон, бели дробови, назални модели Резултати: Студентот ќе умее да дизајнира и спроведе ин ситу експерименти за проценка на апсорпција, метаболизам и токсичност во реални физиолошки услови **Поглавје: Ин витро техники и модели базирани на клеточни култури:** Содржина: Клеточни линии: Caco-2, MDCK, HT29, 2/4/A1, Caco, трахео-бронхијални, алвеоларни, корнеални, мозочни ендотелијални; примарни и модифицирани клеточни култури; модели базирани на изолирани ткива и мембрани; цитоатхезивни испитувања; инфлукс и ефлукс транспорт преку различни бариери. Резултати: Студентот знае да ги применува ин витро методите за процена на пермеабилност, транспорт, метаболизам и токсичност и да ги анализира резултатите во контекст на in vivo корелација. **Поглавје: Екс виво и комбинирани модели** Содржина: Модели базирани на изолирани ткива; комбинирани модели (ин ситу–ин витро); репродуцибилност и верификација на резултатите. Резултати: Студентот развива способност за интегрирање на различни експериментални модели и критичка анализа на добиените податоци. **Поглавје: Ин силико и биоинформатички методи** Содржина: Физиолошки модели (масен баланс, просторна апсорпција и транзит); PBPK модели; QSPR/QSAR модели за предвидување на пермеабилност и биорасположливост; симулации на апсорпција, метаболизам и биорасположливост; примена на ML/AI во предвидување на фармакокинетика и токсикологија. Резултати: Студентот е способен да користи биоинформатички алатки, PBPK и машинско учење за предвидување на фармакокинетичките својства и биорасположливост на лековите.

		Поглавје: QbD стратегии во експерименталниот дизајн Содржина: Примена на QbD пристап во планирање и оптимизација на ин витро, ин ситу и ин силико истражувања; идентификација на критични фактори и параметри кои влијаат врз пермеабилност, апсорпција и биорасположливост; интеграција на DoE, ML и симулациски модели за предвидување и контрола на варијабилноста во експерименталните системи. Резултати: Студентот ја разбира примената на QbD концептот во дизајнот и оптимизацијата на биофармацевтски експерименти. **Поглавје: Етички и регулаторни аспекти на истражувањата (3R принципи)** Содржина: Етички пристап во користење животински и човечки ткива; 3R концепт (Replacement, Reduction, Refinement); регулаторни барања и добри лабораториски и истражувачки практики (GLP, GCP, GMP) во спроведување и верификација на експериментални студии. Резултати: Студентот ги разбира етичките стандарди и може да ги применува 3R принципите при дизајн и изведување на експерименти. **Поглавје: Интеграција и анализа на резултати** Содржина: Интерпретација на податоци од различни модели; корелација помеѓу ин витро, ин ситу и ин силико податоци. Резултати: Студентот умее да интегрира различни методолошки пристапи и да ги користи резултатите за научно и практично унапредување на дизајнот на лекови.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Молекуларна биофармација со фармакокинетика; Неклинички и клинички испитувања на лекови; Индустриска фармација 1; Индустриска фармација 2		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25
	19.3.	Завршен испит: бодови		25

<table>
<tr><td>20</td><td colspan="3">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>51 х до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>61 х до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Sheila Annie Peters</td><td>Physiologically Based Pharmacokinetic (PBPK) Modeling and Simulations: Principles, Methods, and Applications in the Pharmaceutical Industry, DOI:10.1002/9781119497813</td><td>John Wiley & Sons, Inc.</td><td>2022</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Carsten Ehrhardt, Kwang-Jin Kim</td><td>Drug Absorption Studies In Situ, In Vitro and In Silico Models</td><td>Springer</td><td>2008</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Joy Feng, Katherine Seley-Radtke</td><td>Machine Learning in Drug Development. eBook ISBN: 9780443413667</td><td>Academic Press</td><td>2025</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Richard S. Larson, Tudor I. Oprea</td><td>Bioinformatics and Drug Discovery, https://doi.org/10.1007/978-1-4939-9089-4</td><td>Humana New York, NY</td><td>2019</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td>Релевантни трудови во меѓународни научни списанија</td><td></td><td></td></tr>
</table>

Ред. број 35		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА 1			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-06			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)				
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Рената Славеска Раички (одговорен наставник) Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска Доц. д-р Душко Шалабалија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Студентот ќе добие специјализирани знаења и вештини потребни за дизајн и развој на успешна формулација на течни (нестерилни и стерилни) и гасовити фармацевтски дозирани форми. Главниот фокус е насочен кон проучување на нови технологии кои се применуваат почнувајќи од фазата на развој на фармацевтскиот производ преку концепти на современи технологија на формулација, преформулација и производство вклучително и сите аспекти на физичко-хемиски својства на активни и помошни компоненти од ставот на формулацијата што треба да осигураат производство на ефикасна, сигурна и стабилна фармацевтска форма. Студентот ќе се запознае и со карактеристичните фармацевтско-технолошки операции кои се применуваат во индустриско производство на овие дозирани форми со посебен акцент на валидација, процесна контрола и автоматизација на соодветни процеси. Студентот ќе се запознае и со современи стратегии за планирање и организација на индустриско производството вклучително и регулаторни барања за обезбедување на квалитет на фармацевтски производи потоа, национална и интернационално хармонизирана регулатива поврзана со добивање на одобрение за ставање во промет на фармацевтски производи или нов хемиски ентитет. Резултати: Како резултат на совладувањето на наставната програма, студентот ќе развие проширени и прктично применливи знаења за дизајн, развој и оптимизација на формулации на течни (стерилни и нестерилни) и гасовити фармацевтски дозирани форми. Студентот ќе стекне способност да ги применува современите технологии на формулација и преформулација, како и да ги анализира физичко-			

		хемиските својства на активните и помошните супстанции со цел обезбедување на ефикасна, безбедна и стабилна фармацевтска форма. Дополнително, ќе биде оспособен за примена и контрола на фармацевтско-технолошките операции што се користат во индустриското производство, со нагласок на процесната контрола и валидацијата. Студентот ќе развие компетенции за планирање, организација и управување со индустриското производство на фармацевтски производи, како и за разбирање и примена на регулаторните барања за обезбедување на квалитет, националната и меѓународната регулатива поврзана со одобрување и пласирање на нови фармацевтски производи или нови хемиски ентитети.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Истражување, развој и иновации во фармацевтската индустрија** Содржина: Ова поглавје се фокусира на улогата на истражувањето и развојот во создавање на нови фармацевтски производи и технологии. Се обработува целиот процес на истражувачка работа во рамки на фармацевтската индустрија, почнувајќи од идентификација на активна супстанција, преку развој на концепт за формулација, до патентна заштита и комерцијализација на производот. Особено внимание се посветува на значењето на индустриската патентна заштита и интелектуалната сопственост, како клучни фактори за поттикнување на иновации, заштита на технолошките решенија и осигурување конкурентска предност на пазарот. Студентите се запознаваат со методологијата на научно-истражувачкиот процес, принципите на експериментален дизајн (Design of Experiments – DoE) и со методите на оптимизација во развој на фармацевтски формулации со примена на концептот за осигурување на кавлитет со дизајн (QbD). Се разгледува концептот на преформулација како критична фаза во развојниот циклус, вклучувајќи испитувања на физичко-хемиските својства на активните супстанции и нивната компатибилност со ексципиенси. Во рамки на ова поглавје, студентот стекнува и знаења за современите пристани при формулација на слабо растворливи активни супстанции, со посебен акцент на техники за подобрување на растворливост и биорасположивост (нанотехнологии, цврсти дисперзии и др.). Се изучуваат и биофармацевтските аспекти на формулацијата, вклучувајќи го Биофармацевтскиот систем на класификација (BCS) и неговата примена во предвидување на апсорпцијата и биорасположивоста на лековите. Резултати: По завршувањето на ова поглавје, студентот ќе може да разбере и критички да ги анализира процесите на истражување и развој во фармацевтската индустрија, ќе ги примени принципите на патентна заштита и управување со интелектуална сопственост, ќе ги користи статистичките методи и DoE пристапот при дизајн и оптимизација на формулации, како и да развива соодветни стратегии за подобрување на растворливост и биорасположивост на лековите врз биофармацевтски основи. **Поглавје: Дизајн, развој и производство на течни и гасовити фармацевтски дозирани форми** Содржина: Ова поглавје опфаќа детално проучување на индустриското производство на течни (стерилни и нестерилни) и гасовити фармацевтски дозирани форми. Се обработуваат сите технолошки фази на производниот процес, почнувајќи од лабораториски развој и трансфер на технологија, до комерцијално индустриско производство. Студентите се запознаваат со спецификите на фармацевтско-технолошките операции – мешање,

		емулгирање, хомогенизација, стерилизација, полнење и пакување – и со карактеристиките на процесите и процесни параметри кај стерилните и нестерилните форми. Поглавјето опфаќа и опрема и почетни материјали што се користат во производството, критериумите за нивен избор како и постапките за планирање и организација на производството со органограми, документацијата поврзана со процесите и протоколите за процесна контрола. Се анализираат современите пристапи при развој на нови формулации, вклучувајќи ги современите ексципиенси, новите терапевтски системи и барањата за пакување и означување на лековите. Фокусот е ставен и на обезбедување на квалитет во производството, вклучително и стандардизација според Добра производствена пракса (GMP), развој на валидациски мастер план, дефинирање на индустриски капацитети и квалификации на персонал, управување со документација и постапки за валидација и инспекциски надзор. Резултати: По совладувањето на ова поглавје, студентот ќе може да дизајнира и организира процес на индустриско производство на фармацевтски дозирани форми, ќе ги разбере и примени современите технолошки пристапи и стандарди за квалитет, ќе биде способен да развие и верификува процеси преку валидација, и ќе демонстрира познавање на регулаторните и технолошките барања за современо фармацевтско производство. **Поглавје: Квалитет, стабилност, биофармацевтска карактеризација и регулаторни аспекти** Содржина: Во ова поглавје се разгледуваат принципите и методите за обезбедување и управување со квалитет во фармацевтската индустрија, како и процесите поврзани со стабилноста, биофармацевтската карактеризација и регулаторните барања за пуштање на производ во промет. Се изучува дизајнот на студии за стабилност на лекови, начинот на евалуација и екстраполација на резултатите, како и методите за предвидување на рок на траење и спроведување на специфични испитувања на стабилност. Поглавјето опфаќа и современи in vitro и in silico методи кои се применуваат во развој и карактеризација на лекови, како и концептот на in vitro – in vivo корелација (IVIVC) за предвидување на биорасположивоста. Во рамки на управувањето со ризици, студентите се запознаваат со регулативата и стандардите што го регулираат процесот на идентификација, процена, контрола и следење на ризици во фармацевтското производство. Дополнително, се обработуваат националните и меѓународно хармонизирани регулаторни аспекти поврзани со добивање на одобрение за ставање во промет, подготовка и процена на документација за фармацевтско-хемиско-биолошки испитувања, квалитет и стабилност, како и постапките за обновување на регистрација, варијации и процена на биоеквивалентност. Резултати: По завршувањето на ова поглавје, студентот ќе стекне способност да планира, спроведува и интерпретира студии на стабилност, ќе може да примени биофармацевтски и регулаторни принципи при развој и процена на лекови, ќе ги разбере стандардите за управување со ризици и процесите на регистрација на фармацевтски производи, и ќе биде способен да интегрира квалитативни и регулаторни барања во развојниот циклус на нов фармацевтски производ.
13	Заемна поврзаност на предметите	Индустриска фармација 2; Молекуларна биофармација и фармакокинетика; Биорасположливост и биоеквивалентност
14.	Детален опис на наставните и	Наставата во рамките на предметот се реализира преку интегрирана комбинација на теоретски предавања, практични работилници, учење

	работните методи за предметот	базирано на проблеми, проектни активности и самостојна истражувачка работа. Предавањата обезбедуваат темелно разбирање на современите концепти, научните принципи и најновите истражувачки достигнувања во областа на фармацевтското индустриско производство. Работилниците овозможуваат трансфер на теоретските знаења во практичен контекст преку анализа на реални примери, експериментални резултати и тимска соработка. Методологијата на учење преку проблеми и проектно ориентираните задачи ја поттикнува аналитичката и истражувачката способност на студентите, овозможувајќи развој на креативност, иновативно размислување и примена на стекнатите знаења при решавање на комплексни научни и инженерски предизвици. Самостојната истражувачка работа, пак, го поттикнува критичкото размислување, длабинското разбирање на материјата и способноста за научна аргументација, презентација и дискусија на резултати. Ваквиот интегриран пристап овозможува активно и истражувачки ориентирано учење, при што студентите не само што стекнуваат напредни знаења, туку и ги применуваат во иновативни и интердисциплинарни контексти. Со тоа се развиваат клучните компетенции карактеристични за докторското образование – аналитичко и критичко размислување, научна креативност, самостојност и интердисциплинарна интеграција.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		50
	19.3.	Завршен испит: бодови		
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
			Hodges. N & Hanlon,N.	Industrial Pharmaceutical Microbiology: standards & controls	EC Euromed	2011

		2.	Machin D., Campbell MJ.	Design of studies for medical research	John Wiley & Sons, Hoboken	2005
		3.	Baumgartner T.A., Hensley L.D.	Conducting and Reading Research in Health and Human performance.	Mc Graw Hill, Boston	2006
			Handen, J.	Industrialization of Drug Discovery: From Target Selection through Lead Optimization (Drug Discovery Series/2)	Taylor and Francis	2005
			Swarbrick J., Boylan J.C.	Encyclopedia of Pharmaceutical Technology, second edition, vol.1-3	Marcel Dekker, New York	2002
			Cox Gad S.	Pharmaceutical Manufacturing Handbook: Production and Processes	Wiley&Sons Inc.	2008
			WHO Library Cataloguing-inPublication Data	Quality assurance of pharmaceuticals: a compendium of guidelines and related materials. Vol. 2, Good manufacturing practices and inspection. – 2nd Ed.	World Health Organization Geneva	2007
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Gibson M.	Pharmaceutical Preformulation and Formulation	Taylor and Francis	2009
		2.	Wise D. L.	Handbook of Pharmaceutical Controlled Release Technology	Marcel Dekker	2000
		3.	Kreuter J.	Colloidal Drug Delivery Systems	Marcel Dekker, New York	1994
			Banke G., Rhodes C.	Modern PharmaceuticsFourth Edition, Revised And Expanded (Drugs and the Pharmaceutical Sciences) [Kindle Edition]	Marcel Dekker	2005
				Pharmaceutical Excipients, 3th Ed.		
				Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 36		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА 2			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-07			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. Катерина Горачинова (одговорен наставник) Проф. д-р Никола Гешковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма: Студентот ќе стекне специфични знаења и вештини за рационален дизајн и формулација на полуцврсти, цврсти и современи фармацевтски дозирани форми, вклучително и форми со контролирано и модифицирано ослободување. Ќе се запознае со карактеристичните фармацевтско-технолошки операции применливи во индустриското производство на овие форми, со посебен акцент на валидација, процесна контрола и автоматизација. Ќе ги совлада принципите на дизајн и развој на формулации—за современи и конвенционални производи, како и производи со модифицирано ослободување—со цел да ги примени физичко-хемиските својства на активните и помошните супстанции за производство на стабилна фармацевтска форма со предвиден биофармацевтски перформанс (брзина на ослободување на активната супстанција на местото на апсорпција). Дополнително, студентот ќе се запознае со принципите на планирање и организација на производството, вградување на квалитетот во дизајнот, имплементација на процедури за обезбедување квалитет и законските постапки за регистрација на фармацевтски производи и нови хемиски ентитети што се однесуваат на хемиско-фармацевтско-биолошкиот дел од документацијата. Студентот развива компетенции за дизајн, формулација и индустриско производство на полуцврсти, цврсти и современи дозирани форми (вклучително и ФДФ со модифицирано ослободување) со систематска примена на квалитет во дизајнот (QbD), процесна аналитичка технологија (PAT), валидација и процесна контрола/автоматизација. Исто така стекнува способност да ги интегрира физичко-хемиските својства на активната и помошните			

		супстанции со регулаторните и производните барања за стабилни, репродуцибилни производи кои одговараат на регулаторните барања за сигурност и ефикасност. Резултати: По завршување на предметот, студентот со примена на научни пристапи ќе може да дизајнира, оправда и документира формулации на полуцврсти, цврсти и современи дозирани форми (вклучително со контролирано/модифицирано ослободување), да дефинира CQAs/CPPs и да развие софистицирани пристапи за PAT со примена на DoE за постигнување таргетиран биофармацевтски перформанс. Исто така, ќе умее да избере и валидира соодветни процеси и аналитички контроли, да планира и организира индустриско производство и да подготви регулаторна документација (хемиско-фармацевтско-биолошки дел) за регистрација на фармацевтски производи и нови хемиски ентитети.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед (цели, обем и регулаторен контекст)** Содржина: Улога на формулацискатa наука во развој и индустриско производство; типологија на дозирани форми: полуцврсти, цврсти и современи (вкл. модифицирано/контролирано ослободување); QTPP (Quality Target Product Profile) како водилка; преглед на ICH/EMA/USP рамки и нивна поврзаност со дизајн и контрола. Резултати: Разликува QTPP од CQAs/CPPs и ги поврзува со регулаторни барања; објаснува како изборот на фармацевтска форма ја одредува стратешката мапа за развој. **Поглавје: Предформулација/избор на ексципиенси/пристапи во формулација на полуцврсти, цврсти и препарати со модифицирано ослободување/други современи технологии како цврсти дисперзии, мицеларни/ наноструктурирани системи и липидни носачи, континуирано производство и 3Д печатење и специфики на CQAs** Содржина: Солубилност/растворливост, pKa, logP/logD, партициска рамнотежа; кристална форма, полиморфија, соли/ко-солид форми, хигроскопност; термичка и цврстофазна карактеризација (DSC/TGA/XRPD/FT-IR); големина/морфологија на честички, површинска енергија, атхезија/кохезија; компатибилност API–ексципиенти (DSC-скрининг, изотермални студии). Резултати: Дизајнира предформулациски план усогласен со QTPP; предвидува ризици од полиморфни/солни трансформации и предлага стратегии за нивна контрола; избира и оправдува ексципиентна платформа во согласност со таргет-перформанс според профилот на АПИ; поставува спецификации и прифаќа ризик-базиран мониторинг на CMAs; интегрира современи процеси во QbD рамка со јасни CQAs/CPPs, конструира рационален механизам на ослободување и план за IVIVC/IVIVR, развива аналитички методи и биофармацевтска оцена, дизајнира дискриминаторно растворување усогласено со регулаторни очекувања; дефинира комплет на тестови што мапираат CQAs↔перформанс; интерпретира резултати за регулирање на формулација/процес. **Поглавје: QbD, DoE и PAT (холистичка рамка)/Процесна контрола и автоматизација/Валидација и квалификација** Содржина: Дефинирање QTPP→CQAs→CMAs/CPPs; QRM (FMEA/FTA); DoE: скрининг/одговор на површина, D-optimal, робустност; PAT: спектроскопија (NIR/Раман), визија, мас-баланс; хемометрија (PLS/OPLS); калибрациски трансфер (DS/PDS/OSC, slope-bias), верификација/валидација; контролна стратегија и спецификации. Резултати: конструира DoE што ефективно поврзува CPPs со CQAs; дизајнира и валидационо брани PAT модели со план за одржување/трансфер; мапира сензори/контролни јазли и поставува

		логика за стабилен процес; гарантира интегритет на податоци и трасабилност во реално време; пишува ризик-базиран валидационен мастер-план. **Поглавје: Регулаторна документација и регистрација/ студии на зголемување/технолошки трансфер** Содржина: CTD (Module 2/3), SmPC/ладелирање, варијации; биоеквиваленција за генерици vs. клинички стратегии за NCE; ICH Q8/Q9/Q10 рамка и локални барања Резултати: Подготвува целосен CMC пакет усогласен со CTD; преведува технички податоци во регулаторно одржливи аргументи; планира технолошки трансфер од развој до комерцијален опсег без губење на CQAs; имплементира серијализација со валидни податочни текови. **Поглавје: Студија на случај / проект** Содржина: Избор на API и таргет-перформанс; предформулација → формулација → процес → PAT → валидација; подготовка мини-досие (Module 3) и презентација на резултати. Резултати: Интегрира сите претходни елементи во кохерентна, стратегија; документира и брани одлуки со податоци и регулаторна логика			
13	Заемна поврзаност на предметите	Индустриска фармација 1; Молекуларна биофармација и фармакокинетика; Биорасположливост и биоеквивалентност			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење			
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	60	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/	
		16.3	Пракса: часови	/	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/	
		17.2.	Домашно учење: часови	60	
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Завршен писмен испит: бодови		26-50	
	19.2.	Проектна задача: бодови		25-50	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Lachman L., Lieberman H., Kanig J.,	The Theory and Practice of Industrial Pharmacy;	Lea & Febiger, Philadelphia	2010
		2.	Gennaro, A.R.,	Remington, The Science and Practice of Pharmacy 21st Ed,	Mack Pub. Co.,	2005
		3.	Swarbrick J., Boylan J.C.,	Encyclopedia of Pharmaceutical Technology, second edition, vol.1-3,	Marcel Dekker inc., New York, Basel,	2002
		4.	Gibson M.,	Pharmaceutical Preformulation and Formulation,	Taylor and Francis,,	2001
		5.	Saal C., Nair A.	Solubility in Pharmaceutical Chemistry	Walter de Gruyter GmbH, Berlin/Boston	2020
		6.	Gibson M.	PHARMACEUTICAL PREFORMULATION AND FORMULATION A Practical Guide from Candidate Drug Selection to Commercial Dosage Form	CRC Press LLC	2004
		7.	Niazi S.K.	Handbook of Preformulation	Informa Healthcare	2007
		8.	Adeyeye M.C., Brittain H.G.	Preformulation in Solid Dosage Form Development	Informa Healthcare	2008
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
				Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 37		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КОЗМЕТОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-08			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Главаш Додов (одговорен наставник) Доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма: Предметната програма има за цел да обезбеди темелни и применливи знаења во областа на формулацијата и технологијата на производство на козметички и дерматокозметички производи. Целта е студентите да ја разберат научната и технолошката основа на дизајн и оптимизација на формулации, вклучувајќи ги и современите системи за испорака на активни супстанции. Програмата има за цел да развие способност за прибирање и интерпретација на податоци за карактеристиките и квалитетот на козметичките супстанции, како и согледување на нивната улога и значење во конечниот производ. Исто така, предметната програма е насочена кон развивање на компетенции за примена на физичко-хемиските принципи на активните супстанции и ексципиенсите во комбинација со технолошките аспекти на производството, со цел создавање на формулации кои одговараат на конкретната намена на производот. Дополнително, програмата има за цел студентите да стекнат знаења и вештини за оценка на безбедноста на козметичките производи, вклучително спроведување испитувања на токсичност, како и познавање и примена на релевантната регулатива и етичките стандарди во индустријата. Резултати: По завршување на предметот, студентот ќе може да ги разбере и примени основните принципи на формулацијата и технологијата на козметички и дерматокозметички производи, вклучувајќи ја улогата на активните супстанции и ексципиенсите за квалитетот и ефикасноста на производот. Студентот ќе може самостојно да развива и оптимизира формулации, да комбинира супстанции со современи носачи и да применува технолошки			

		принципи според намената на производот. Тој ќе знае да прибира и интерпретира податоци за карактеристиките на супстанциите, да поставува испитувања за стабилност, безбедност и ефикасност, и да ги користи резултатите за подобрување на формулацијата. Преку решавање на практични задачи и критичка анализа на релевантна литература, студентот ќе може да избере и оправда технологии и состојки за конкретни козметички цели. Исто така, ќе биде способен да изработи и презентира проектна задача, демонстрирајќи применливост на стекнатите знаења во дизајн, развој и критичка проценка на козметички производи. На крајот, студентот ќе може да примени иновативни пристапи, како современи системи за испорака на активни супстанции, и да ја почитува регулаторната и етичката рамка на козметичката индустрија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Физиологија, структура и функции на кожата** Содржина: Поглавјето ги опфаќа анатомските и физиолошките карактеристики на кожата, нејзината структурна организација и основните функционални механизми кои ја поддржуваат бариерната функција и хидратацијата. Се разгледуваат различните типови на кожа, факторите кои ја определуваат чувствителноста, механизмите на стареење, улогата на слободни радикали и ефектите од УВ зрачење. Студентите се запознаваат со методите за мерење на трансепидермален губиток на вода и перкутана апсорпција, како и со улогата на нормалната микрофлора на кожата во одржување на нејзината здравствена состојба. Резултати: Студентите ќе стекнат способност за разбирање на структурните и функционалните особености на кожата; ќе можат да идентификуваат фактори кои влијаат на чувствителноста, хидратацијата и стареењето; ќе ги интерпретираат податоците од испитувањата на трансепидермален губиток на вода и перкутана апсорпција; ќе можат критички да го оценуваат влијанието на активните супстанции и околината врз здравјето на кожата. **Поглавје: Видови на козметички суровини и нивни физичко-хемиски карактеристики** Содржина: Поглавјето се фокусира на класификацијата на козметички суровини, нивните физичко-хемиски својства, стабилност и компатибилност со активните супстанции и ексципиенсите. Се разгледуваат критериумите за избор на суровини, оправданоста на нивната примена и влијанието на физичко-хемиските својства врз квалитетот и стабилноста на конечниот производ. Студентите се запознаваат со значењето на рационален избор на суровини за оптимизација на формулациите и обезбедување на ефикасност и безбедност. Резултати: Студентите ќе стекнат способност за класификација и критичка проценка на козметички суровини; ќе можат да оценат стабилност и компатибилност на активните супстанции со ексципиенсите; ќе развијат вештини за рационален избор на суровини за различни типови формулации; ќе можат да применуваат критериуми за оптимизација на квалитетот и безбедноста на производите. **Поглавје: Дизајн и развој на формулации, дерматокозметички препарати и современи системи за испорака на супстанции** Содржина: Ова поглавје ги обработува принципите на дизајн, развој и оптимизација на козметички и дерматокозметички формулации, вклучувајќи специјални формулации и современи системи за испорака на активни супстанции (козметоцеутици). Студентите се

		запознаваат со интеграцијата на физичко-хемиските својства на активните супстанции со технолошките аспекти на производство и примената на овие производи во дерматолошката пракса. Резултати: Студентите ќе можат да дизајнираат и оптимизираат козметички и дерматокозметички формулации; ќе стекнат вештини за проценка на ефикасност и безбедност; ќе развијат способност за критичко комбинирање на научните, технолошките и практичните аспекти во развојот на нови производи. **Поглавје: Хипоалергиски и безбедни козметички производи** Содржина: Ова поглавје ги обработува принципите на иритација на кожата и идентификацијата на потенцијални иританси во козметичките формулации. Се разгледуваат современите стратегии за развој на хипоалергиски производи и методите за проценка на толеранцијата, безбедноста и токсичноста на козметичките производи, вклучително in vitro и ex vivo тестови. Студентите се запознаваат со критериумите за оценка на безбедноста и ефикасноста и нивната примена во различни популации со чувствителна кожа. Резултати: Студентите ќе стекнат вештини за препознавање и проценка на потенцијални иританси; ќе можат да применуваат научни принципи за развој на хипоалергиски и безопасни формулации; ќе разбираат методи за испитување на токсичност и толеранција; ќе бидат способни да ја оценат соодветноста на производите за различни типови на кожа и чувствителни групи. **Поглавје: Регулатива, контрола на квалитет и безбедност на козметички производи** Содржина: Поглавјето се фокусира на законската и регулаторната рамка за козметички производи, вклучително национални и меѓународни стандарди, како и разликите помеѓу козметички производи и лекови. Се обработува примената на добра производна пракса (GMP) и процедурите за контрола на квалитет и мониторинг на производството. Студентите се запознаваат со методите за проценка на токсичност, иритација, алергиски реакции и други ризици од производите, како и со студиите за испитување на токсичност. Дополнително, се разгледуваат клиничките студии за оценка на ефикасноста и безбедноста на козметички и дерматокозметички препарати, вклучувајќи водичи, протоколи, документација и важноста на стандарди за известување. Резултати: Студентите ќе стекнат целосно разбирање на регулативата и правните аспекти на козметичките производи, како и на принципите на добра производна пракса; ќе развијат способности за спроведување на контрола на квалитет и мониторинг на производството; ќе можат да проценат безбедност и ризици на производите преку студии за токсичност и клинички испитувања; ќе бидат способни да интегрираат регулаторни и безбедносни аспекти во развојот, производство и документацијата на козметички формулации, со акцент на стандардизација и усогласеност со меѓународни и национални водичи.
13	Заемна поврзаност на предметите	Современи терапевтски системи
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), работа во групи, самостојни задачи, домашно учење, проект.
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		26-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25-50
	19.3.	Завршен испит: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Ed. by Andre´ O. Barel, Marc Paye, and Howard I. Maibach	Handbook of cosmetic science and technology, 3rd Ed.	Informa Healthcare USA, Inc.	2009
2.	Ed. by Kenneth A. Walters, Michael S. Roberts	Dermatologic, Cosmeceutic, and Cosmetic Development: Therapeutic and Novel Approaches	Informa Healthcare USA, Inc.	2008
3.	Meyer Rosen	Delivery System Handbook for Personal Care and Cosmetic Products: Technology, Applications and Formulations	William Andrew, Inc.	2005
4.	Ruy Beck, Silvia Guterres, Adriana Pohlmann	Nanocosmetics and Nanomedicines: New Approaches for Skin Care	Springer	2011

		5.	Kenneth A. Walters, Michael S. Roberts	Dermatological and Cosmeceutical Development: Absorption Efficacy and Toxicity	CRC Press	2013
		6.	Amparo Salvador, Alberto Chisvert	Analysis of Cosmetic Products	Elsevier	2011
		7.	Heather A.E. Benson, Michael S. Roberts, Vânia Rodrigues Leite-Silva, Kenneth A. Walters	Cosmetic formulation principles and practice	CRC Press	2019
		8.	Gabriella Baki	Introduction to Cosmetic Formulation and Technology	Wiley	2022
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 38		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МОЛЕКУЛАРНА БИОФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОКИНЕТИКА			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-09			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Кристина Младеновска (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Горачинова Доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Запознавање со фундаменталните концепти на формулирањето и испораката на лековите на молекуларно ниво. Резултати: Стекнување со сознанија за улогата на физичко-хемиските, фармацевтско-технолошките, (пато)физиолошките и молекуларно-биолошките аспекти во кинетиката и испораката на лековите и компетенции за дизајнирање и развој на системи и дозирани форми за испорака на лекови и дизајнирање и оптимизирање на дозни режими.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Фундаментални концепти на кинетиката на лековите** Содржина: Структура и функција на апсорпциските бариери; механизми на апсорпција, клеточно-транспортни процеси, метаболизам и екскреција на лековите; заемно дејство меѓу молекулите на лекот и биолошките системи; линеарни и нелинеарни процеси; фармакокинетски модели и параметри; поврзаност на физиолошките, патолошките, генетските и формулациските фактори со кинетиката на лековите; поврзаност на фармакокинетиката со фармакодинамиката на лековите (фармакокинетско-фармакодинамско моделирање); одраз на кинетиката на лековите врз дизајнирањето на системи за испорака на лековите и дизајнирањето на терапевтските режими. Резултати: Стекнување со знаење за евалуација на влијанието на физиолошките, патолошките, генетските и формулациските фактори врз кинетиката на лековите; способност за анализа на односот концентрација на лек-време и толкување на однесувањето на лекот; знаење за примена на фармакокинетските и математичките модели во пресметката на фармакокинетските параметри; знаење за примена на фармакокинетиката во дизајнирањето и развојот на системи и дозирани			

		форми за испорака на лекови; знаење за примена на фармакокинетиката во дизајнирање и оптимизирање на дозните режими и индивидуалните терапевтски планови. **Поглавје: Фундаментални биофармацевтски концепти** Содржина: Физичко-хемиски, фармацевтско-технолошки и (пато)физиолошки фактори кои влијаат врз биорасположливоста на лековите; хемиски и преформулациски пристапи во подобрувањето на биорасположливоста на лековите; одредување и предвидување на биорасположливоста на лековите (механизми и кинетика на ослободување и дисолуција на лековите, *in vitro* и *in vivo* фактори кои влијаат врз ослободувањето и дисолуцијата, избор на дисолуциски медиум, концент на иземање од *in vivo* студии (*biowaiver*), биофармацевтски класификациски систем, биофармацевтски класификациски систем на диспозиција на лековите), развоен класификациски систем (rDCS), ризик анализа на биофармацевтскиот профил и избор на стратегија во дизајнот на биоеквивлентна дозирана форма според принципите на квалитет во дизајнот. Резултати: Стекнување со знаење за тоа како физичко-хемиските, (пато)физиолошките и формулациските фактори влијаат врз биорасположливоста на лековите и како различните дозирани форми и патишта на употреба влијаат врз растворливоста, дисолуцијата и биорасположливоста на лековите; разбирање на концептот на биоеквивалентност и неговата улога во развојот на лековите; способност за примена на биофармацевтските класификациски системи, ин витро тестови и предиктивни модели во формулациските стратегии; способност за донесување на информирана одлука за формулирање на системи за оптимална испорака на лекови и терапевтски исход, базирана на биофармацевтските, фармакокинетските концепти и предиктивни модели. **Поглавје: Биосимулациски студии** Содржина: Софтверски алатки, моделирање и симулација, конструкција и верификација на модел, прилагодување на моделот во фармакологијата и развојот на системи и дозирани форми за испорака на лековите Резултати: Стекнување со знаење и вештина за примена на софтверските алатки во моделирањето, симулацијата и анализата на кинетиката на ослободување, дисолуцијата, апсорпцијата, дистрибуцијата, метаболизмот и екскрецијата на лековите, за формулирање на системи и дозирани форми за испорака на лекови и планирање на неклинички и клинички испитувања на лековите.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Биорасположливост и биоеквивалентност; Индустриска фармација 1; Индустриска фармација 2; Клиничка фармација; Фармакогенетика, фармакогеномика и индивидуализирана терапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/

		17.2.	Домашно учење: часови		60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Завршен писмен испит: бодови		26-50	
	19.2.	Проектна задача: бодови		25-50	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	L. Shargel, S. WuPong, A. B. C. Yu.	Applied Biopharmaceutics & Pharmacokinetics	Mc-Graw-Hill Companies	2012
		2.	H. van de Waterbeemd, H. Lennernas, P. Artursson	Drug Bioavailability: Estimation of Solubility, Permeability, Absorption and Bioavailability	Wiley-VCH Verlag GmbH & co	2009
		3.	P. Macheras and A. Iliadis	Modeling in Pharmaceutics, Pharmacokinetics and Pharmacodynamics. Homogeneous and Heterogeneous Approach	Springer Science+Bussiness Media	2006
		4.	B. Wang, T. Siahaan, R. Soltero	Drug Delivery: Principles and Applications	John Wiley & Sons,	2005
		5.	M. Gibaldi and D. Perrier	Pharmacokinetics	Informa Healthcare	2007
		6.	S. Napier and M. Bingham	Transporters as Targets for Drugs	Springer-Verlag Berlin Heidelberg	2009
		7.	N. Washington, C. Washington, C. Wilson	Physiological Pharmaceutics: Barriers to Drug Absorption	Taylor and Francis Inc.	2001
			B. Steffansen, B. Brodin, C.U. Nielsen	Molecular Bioharmaceutics	Pharmaceutical Press	2009
			Alan Talevi	The ADME Encyclopedia A Comprehensive Guide on Biopharmacy and Pharmacokinetics	Springer	2022
	22.2.	Дополнителна литература				

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	M. Grassi, G. Grassi, R. Lapasin, I. Colombo	Understanding Drug Release and Absorption Mechanisms – a physical and mathematical approach	CRC Press, Taylor&Francis Group	2007
		2.	B. Meibohm	Pharmacokinetics and Pharmacodynamics of Biotech Drugs	Wiley-VCH Verlag GmbH & co.	2006
		3.	E. Touitou, B. W. Barry	Enhancement in Drug Delivery	CRC Press, Taylor&Francis Group, LLC	2007
		4.	M. Rowland and T. N. Tozer.	Clinical Pharmacokinetics; Concepts and Applications.	Williams and Wilkins	1995
		5.	D. L. Wise	Handbook of Pharmaceutical Controlled Release Technology	Marcel Dekker, Inc.	2000
		6.	L. Kelly	Essentials of Human Physiology for Pharmacy	CRC Press	2005

Ред. број 39		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	НЕКЛИНИЧКИ И КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИ			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-10			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Институт за фармацевтска хемија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Кристина Младеновска (одговорен наставник) Проф. д-р Зоран Стерјев Проф. д-р Никола Гешковски Проф. д-р Зорица Наумовска Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели: Запознавање со научниот процес на дизајнирањето и развојот на лековите, од лабораториското испитување на безбедноста и ефикасноста до студии на хумани субјекти. Резултати: Стекнување со обемни сознанија, вештини и компетенции за дизајнирање, спроведување, мониторирање и регулирање на неклинички и клиничките испитувања на лековите.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Неклинички испитувања на лековите – опфат и Добра лабораториска пракса** Содржина: Опфат на неклиничките испитувања на лековите и системите за испорака на лековите (фармакотоксиколошки показатели, изведба во корелација со клиничките студии, усогласеност со начелата на ДЛП), елементи на Добрата лабораториска пракса (нарачател, ресурси, испитувани примероци и оперативни системи, протокол, стандардни оперативни процедури, изворни податоци, финален извештај, архива, програма за обезбедување на квалитет). Резултати: Запознавање со: опфатот на неклиничките испитувања и нивната усогласеност со клиничките испитувања и ДЛП; организацискиот процес, условите и стандардите под кои се планираат, изведуваат, мониторираат, документираат, архивираат и соопштуваат (наодите) од неклиничките испитувања; одговорностите на клучниот персонал во неклиничките испитувања на лековите; улогата и развојот на стандардни оперативни процедури во обезбедувањето на конзистентност, доверливост и усогласеност во изведбата на студиите; улогата на внатрешниот надзор и надворешните инспекции во обезбедувањето на атхерентноста кон			

		ДЛП; важноста на навременото, точното и следливо документирање на изворните податоци, финалните извештаи и архивирањето; барањата на ДЛП за ресурсите за изведба на студиите; процедурите за правилно ракување, означување, чување и документирање на испитуваните примероци и оперативните системи; стекнување со способност за развој и проценка на протокол и подготовка и проценка на финален извештај од неклиничките студии; спознавање и разбирање на меѓународната и националната регулатива за добивање на одобрение и изведба на неклиничките испитувања. **Поглавје Неклинички испитувања на лекови – *in vivo* испитувања** Содржина: Видови на животни, ракување и обележување, начини и патишта на внесување на лекови, прибирање на биолошки примероци, евтаназија, некропсија и дисекција; животински модели на заболувања (класификација според целта на испитувањето, сличноста со видот на кој треба да бидат екстраполирани податоците, според начинот на кој се предизвикува заболувањето, релевантност и валидација на животинскиот модел, екстраполација на наодите на животни и луѓе, предности и ограничувања). Резултати: Разбирање на улогата на животинските модели во неклиничките испитувања на лековите; стекнување со знаење за идентификација и рационален избор на животински модел во однос на видот, сличноста со хуманата болест, предвидувачката моќ, крајните точки и научните цели, за испитувања во различни терапевтски подрачја; запознавање со техниките за безбедно држење и обележување на различните видови животни и основните експериментални процедури за внесување на лекови по различни патишта и прибирање на биолошки примероци. **Поглавје: Неклинички испитувања на лекови – *ex vivo, in situ* и *in vitro* испитувања** Содржина: Перфузиски модели (предности, ограничувања, воспоставување и одржување на перфузискиот систем, видови и примена во неклинички испитувања на лековите, прибирање и толкување на податоци), клеточни модели (основи на работа со клеточни култури, видови на клеточни култури, модели на анатомски бариери за проучување на пермеабилноста лековите, модели за определување на ефикасност и безбедност на лековите). Резултати: Осознавање на улогата, релевантноста и примената на перфузиските модели во неклиничкиот развој на лековите во предвидувањето на исходите *in vivo* и стекнување со знаење за техничките услови, дизајнот и изведбата на студии во кои се користат перфузиски модели; осознавање на принципите на работа и манипулација со клеточните култури, запознавање со различните видови на клеточни култури, модели на симулација на анатомски бариери и определување на пермеабилност на лековите како и модели за прелиминарно определување на безбедноста и ефикасноста на лековите во неклиничките испитувања на лекови. **Поглавје: Клинички испитувања на лековите – опфат и Добра клиничка пракса** Содржина: Опфат на клиничките испитувања, фази на клинички развој на лековите, планирање и подготовка на клиничките испитувања, регрутирање и вклучување на испитаници, изворни и клучни документи, набљудување, надзор и инспекција на клиничките испитувања, документирање на клиничко испитување и известување, прибирање, документирање, проверка и обработка на податоци, подготовка на финален извештај, архивирање, обезбедување на квалитет, меѓународна и национална апликативна регулатива.

		Резултати: Стекнување со знаење за примена на научните и регулаторните стандарди во дизајнирањето, спроведувањето, документирањето и известувањето за клиничките испитувања, за обезбедување на висококвалитетно клиничко испитување; запознавање со регулаторната рамка за добивање на одобрение и изведување на клиничките испитувања на лекови; способност за идентификување на одговорностите и улогите на клучните актери (спонзор, испитувач, монитор, етички комитет, регулаторни тела); разбирање на важноста од следење на одобрениот протоколот и управување со отстапувањата на протоколот; разбирање на барањата за точно, целосно и верификувано прибирање и документирање на податоците од клиничките испитувања; спознавање на целите и процесот на мониторинг, надзор и инспекција на клиничките испитувања, препознавање на важноста од системот на квалитет, мониторингот базиран на ризик и континуираното подобрување на клиничкото истражување. **Поглавје: Безбедност во клиничките испитувања** Содржина: Фармаковигиланца во клиничките испитувања на лековите, улога на Комитетите за следење на безбедносните податоци, студии за оценка на безбедноста после ставање на лекот во промет. Резултати: Спознавање на процесот на континуиран безбедносен мониторинг и пријавување на несакани настани и сериозни несакани настани во клиничките испитувања на лековите; разбирање на улогата на фармаковигиланцата во проценка на односот ризик/корист од учество во студијата. **Поглавје: Клинички студии во специфични подрачја и вклучување на специфични популации** Содржина: Клинички студии во специфични подрачја (специфични терапевтски подрачја, дијагностика, превенција, квалитет на живот); вклучување на специјални популации во клинички испитувања (деца, постари, бремени, доилки, испитаници со ретки болести, испитаници со специфични болести или состојби (хепатални, ренални нарушувања). Резултати: Стекнување со способност за дизајнирање и управување со клинички студии во специфични терапевтски подрачја; примена на ДКП и регулаторните знаења во контекст на специфичното подрачје; критично размислување и толкување на податоците и безбедносните сигнали за специфичната популација; стекнување со знаење и развој на комуникативни вештини за истражување во мултидисциплинирани тимови и комуникација со различни специјалисти		
13	Заемна поврзаност на предметите	Ин ситу, ин витро и ин силико методи во биофармацевтските испитувања на лековите; Клиничка фармација		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), проектни задачи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.2.	Домашно учење: часови	60

18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Завршен писмен испит: бодови		26-50	
	19.2.	Проектна задача: бодови		25-50	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	R. Chin, B. Y. Lee	Principles and Practice of Clinical Trials Medicine	Academic Press	2008
2.	T. J. Cleophas, A. H. Zwinderman, T. F. Cleophas, E. P. Cleophas	Statistics Applied to Clinical Trials	Springer	2009
3.	M. C. Rodge, D. R. Taft	Preclinical Drug Development: Toxicology	Informa Healthcare USA, Inc.	2010
4.	S. C. Ga	Preclinical Development Handbook. ADME and Biopharmaceutical properties	John Wiley &Sons	2008
5.	D. Wang and A. Bakhai	Clinical Trials. A Practical Guide to Design, Analysis and Reporting	Remedica	2006
6.	Jan Hau, Gerald Van Hoosier	Handbook of Laboratory Animal Science (Vol. I Essential principles and practices	CRC	2003
7.	J. I. Galin, F. P. Ognibene	Principle and Practice of Clinical Research	Elsevier Inc.	2007
8.	R. Ng. Willey-Liss	Drugs – From Discovery to Approval.	John Wiley&Sons	2004
7.	Committee for Human Medicinal Products EMA/CHMP/ICH/135/1995	ICH E6 (R3) Guideline for Good clinical practice (GCP)	EMA	2025

		8.	Shein-Chung Chow	Adaptive Design Methods in Clinical Trials	AMAG Pharmaceuticals Inc.	2006
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		
		2.		Актуелни водичи за неклинички и клинички истражувања и добри практики		

Ред. број 40		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	СОВРЕМЕНИ ТЕРАПЕВТСКИ СИСТЕМИ			
2.	Код	ФФИФТ-ДС-11			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармацевтска технологија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска Додов (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Главаш Доц. д-р Душко Шалабалија Доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма: Целта на предметот е да ги продлабочи знаењата на студентите за современите дозирани форми на лекови и нивната улога како системи-носачи со контролирано и насочено ослободување. Студентот ќе се запознае со принципите на формулација, физичко-хемиските својства на ексципиенсите, методите за подготовка и карактеризација на овие системи, како и со стратегиите за нивна оптимизација со цел постигнување на зголемена терапевтска ефикасност и намалена токсичност. Посебен акцент се става на разбирањето на механизмите на ослободување, структурно-дизајнерските принципи и можностите за примена во различни ткива и органи, со користење на студии на случај и истражувачки примери од современата литература. Резултати: По завршувањето на предметот, студентот ќе демонстрира длабоко разбирање на концептите и принципите на дизајн на современите терапевтски системи и ќе може критички да ги анализира нивните предности, ограничувања и области на примена. Ќе стекне напредни когнитивни и аналитички вештини за идентификување и решавање на проблеми во формулациските стратегии, со способност да го применува стекнатото знаење при развој и проценка на нови дозирани форми. Студентот ќе биде оспособен за самостојно планирање и реализација на научноистражувачки проекти во областа на фармацевтската технологија и наномедицината, вклучително и за формулирање на хипотези, избор на методолошки пристапи и критичка интерпретација на резултати. Стекнатите знаења ќе му овозможат интеграција во интердисциплинарни истражувања и развој на			

		иновативни системи за испорака на лекови, насочени кон персонализирана и ефикасна терапија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Основи и концепти на современите терапевтски системи** Содржина: Ова поглавје претставува вовед во современите дозирани форми и нивната еволуција од конвенционалните фармацевтски производи кон напредни системи со контролирано и насочено ослободување. Ќе се обработуваат основните принципи на дизајнот на терапевтски системи, нивните структурни и функционални карактеристики, како и споредбата на нивните предности и недостатоци во однос на класичните форми. Резултати: Студентот ќе стекне интегрирано разбирање за концептот на современи терапевтски системи и нивната улога во подобрување на фармакокинетиката и фармакодинамиката на лековите; ќе може да ги класифицира и опише основните принципи на нивниот дизајн и механизми на дејство. **Поглавје: Системи со контролирано ослободување – модели и кинетики** Содржина: Ова поглавје ги опфаќа видовите системи со контролирано ослободување (временски, просторни, pH- и ензимски контролирани), нивната поделба, механизмите на ослободување и кинетичките модели кои го опишуваат процесот (Higuchi, Korsmeyer–Peppas, Weibull, zero/first-order и др.). Ќе се разгледуваат и факторите кои влијаат на профилот на ослободување – избор на материјали, големина на честички, степен на хидрофилност и јонски интеракции. Резултати: Студентот ќе може да ги интерпретира математичките модели на ослободување, да идентификува фактори кои влијаат врз контролираното ослободување и да предложи оптимизација на формулацијата со цел постигнување посакуван фармакокинетички профил. **Поглавје: Системи со насочено ослободување и стратегии на таргетирање** Содржина: Во ова поглавје се анализираат современите пристапи за насочено ослободување на лековити супстанци. Ќе се опфатат пасивни и активни стратегии за таргетирање, вклучително и употребата на лиганди, антитела, пептиди и нанотехнологии за постигнување на специфичност кон одредени клетки, ткива или рецептори. Ќе се дискутира и влијанието на биолошките бариери (крвно-мозочна, мукозни, туморски микромедиум) врз дизајнот на насочени системи. Резултати: Студентот ќе може критички да анализира различни стратегии на таргетирање и да избере соодветен пристап во зависност од фармаколошкиот и биолошкиот контекст; ќе развие разбирање за меѓусебната поврзаност меѓу наноструктурата, биолошката интеракција и терапевтскиот исход. **Поглавје: Колоидни и наноструктурирани системи – дизајн, карактеризација и стабилност** Содржина: Ова поглавје ја интегрира целокупната група на колоидни и наноструктурирани системи: липозоми, микрочестички, мицели, наносфери, нанокапсули, дендримери, липидни наночестички и нанотуби. Ќе се обработуваат критичните параметри на дизајнот – избор на полимери и липиди, методи на добивање (емулзионирање, испарување на растворувачи, микроекструзија, сонкација), техники на

		карактеризација (DLS, TEM, SEM, FTIR, DSC, ζ-потенцијал) и стабилност во складирање и in vitro услови. Резултати: Студентот ќе може да го примени стекнатото знаење за рационален дизајн и карактеризација на наноструктурирани носачи на лекови, да ги разбере предизвиците во постигнувањето физичка и хемиска стабилност, и да ја оцени нивната потенцијална примена во различни терапевтски области. **Поглавје: Патишта на администрација и клиничка употреба на современите системи** Содржина: Во ова поглавје се разгледува примената на современите терапевтски системи во постигнување на локален или системски ефект при различни патишта на администрација: букална, перорална, парентерална, назална, пулмонарна, очна и топикална. Се анализираат специфичните барања за биокомпатибилност, пермеабилност и ретенција на лековите, како и примери на веќе одобрени или експериментални формулации (на пр. липозомални цитостатици, mRNA-носители, инхалаторни наночестички). Резултати: Студентот ќе може да ги идентификува биолошките и технолошките фактори кои ја определуваат ефикасноста на системите за различни патишта на администрација и да изврши критичка процена на нивната клиничка примена. **Поглавје: Интелигентни и биомиметички носачи и идни перспективи на современите системи во терапијата** Содржина: Ова поглавје го проширува хоризонтот кон идни перспективи во дизајнот на терапевтски системи – stimuli-responsive системи (pH, температура, ензими, магнетно или светлински активирани), биомиметички и клеточно-базирани носачи (екзозоми, еритроцитни „ghosts“), системи за гени и пептидни лекови, како и комбинирани системи со дијагностичка и терапевтска функција (theranostics). Се дискутираат и регулаторните, етичките и биофармацевтските аспекти на развојот. Резултати: Студентот ќе може да ја интерпретира идната насока на развој на терапевтските системи и да ги интегрира научните и регулаторните знаења при планирање на иновативни истражувања; ќе развие компетенции за концептуализација и реализација на истражувачки проекти со висока додадена вредност во областа на наномедицината и напредните системи за испорака на лекови.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Фармацевтска нанотехнологија; Биосензитивни технологии и индивидуализирана терапија; Козметологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања и консултации), работа во групи, самостојни задачи, домашно учење, проект.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	60
		17.2.	Самостојни задачи: часови	

		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		26-50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25-50
	19.3.	Завршен испит: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Lamprecht A.	Nanotherapeutics Drug delivery concepts in Nanoscience	Pan Stanford Publishing Pte. Ltd.	2009
2.	Jorge Coelho	Drug Delivery Systems: Advanced Technologies Potentially Applicable in Personalised Treatment	Springer	2013
3.	Robert O. Williams, David R. Taft, Jason T. McConville	Advanced Drug Formulation Design to Optimize Therapeutic Outcomes	CRC Press	2013
4.	Yoon Yeo	Nanoparticulate Drug Delivery Systems: Strategies, Technologies, and Applications	John Wiley & Sons	2013
5.	Vasant V. Ranade, John B. Cannon	Drug Delivery Systems, Third Edition	CRC Press	2011
6.	W. Mark Saltzman	Drug Delivery Engineering Principles for Drug Therapy	Oxford University Press	2001

		7.	Edith Mathiowitz, Donald E. Chickering III, Claus-Michael Lehr	Bioadhesive Drug Delivery Systems: Fundamentals, Novel Approaches, and Development	CRC Press	2013
		8.	Anya M. Hillery, Andrew W. Lloyd, James Swarbrick	Drug Delivery and Targeting: For Pharmacists and Pharmaceutical Scientists	CRC Press	2003
		9.	Loyd Allen	Ansel's Pharmaceutical Dosage Forms and Drug Delivery Systems	Wolters Kluwer / Lippincott Williams & Wilkins	2021
		10.	European Medicines Agency (EMA)	Guideline on the Quality of Nanomedicines and Nanotechnology-based Drug Products	EMA Publications	2022
		11.	U.S. Food and Drug Administration (FDA)	Drug Products, Including Biological Products, that Contain Nanomaterials: Guidance for Industry	FDA	2023
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Ред. број 41		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ЕТНОФАРМАКОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФИФГ-ДС-01			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармакогнозија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Билјана Бауер			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите на предметот се запознавање на студентите со традиционалните системи на лекување, методите за проучување растителни лекови, нивната културна и историска основа, потенцијалот за развој на нови лекови и значењето на растителниот биодиверзитет и генетските ресурси. Резултатите од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: основните традиционални медицински практики и нивната врска со растителните лекови; способноста да се опишат методите за подготовка и испитување на традиционални растителни препарати; разбирањето на потенцијалот на традиционалните растенија за развој на нови лекови и етичките аспекти поврзани со тоа; основите на растителниот биодиверзитет и принципите на зачувување на генетските ресурси во медицинската и фармацевтската практика.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Основи на етнофармакологија** Содржина: Поим и дефиниција на етнофармакологија; поврзаност со етнофармација и етноботаника; историски развој и културно-демографски контекст на употребата на лековити растенија. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за основните концепти на етнофармакологијата, нејзината поврзаност со сродните дисциплини и значењето на историскиот и културниот контекст во развојот на традиционалните медицински практики. **Поглавје: Традиционална медицина и растителни лекови** Содржина: Традиционални медицински системи и теории за настанување на болести; аспекти на етничките фармакопеи;			

		лековити растенија од народната медицина интегрирани во современата терапија; практики и улога на традиционалните лечители. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за основните традиционални медицински системи, нивните фармакопеи и начинот на кој традиционалните растенија и практики придонеле кон современите фармаколошки терапии. **Поглавје: Методи во етнофармакологијата** Содржина: Собирање, одгледување, екстракција и подготовка на растителен материјал; документирање терапевтски ефекти и безбедност, методологија на подготовка и примена на традиционални растителни препарати; потрага по биоактивни природни компоненти и етички аспекти. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за основните методи на работа во етнофармакологијата, процесите на подготовка и документирање на растителни лекови и современите пристапи за откривање биоактивни природни продукти со почитување на етичките принципи. **Поглавје: Биодиверзитет и генетски ресурси на лековити растенија** Содржина: Значење на медицинските и ароматичните растенија; концепт на растителен биодиверзитет и генетски ресурси, in situ, ex situ и on-farm конзервација. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за различните пристапи во конзервација на растителниот материјал, за улогата на генетските ресурси и за начинот на нивно зачувување и управување. **Поглавје: Традиционални знаења и социоекономски аспекти** Содржина: Важност на традиционалните знаења поврзани со растителниот биодиверзитет; улога на локалните заедници во управување со растителни ресурси; социоекономски аспекти и одржливо користење на биодиверзитетот. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за значењето на традиционалните знаења во зачувување на биодиверзитетот и за социоекономските фактори што влијаат врз користењето, управувањето и одржливиот развој на растителните ресурси.
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.
15.	Вкупен расположив фонд на време	180

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	20
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	25
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25
	19.3.	Завршен испит: бодови		25
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Michael Heinrich, Anna Jager	Ethopharmacology	Wiley Blackwell	2015
2.	Christophe Wiart	Ethnopharmacology of medicinal plants - Asia and the pacific	Humana Press, New Hersey	2006
3.	Plotkin, M.J.	Rales of a Shaman’s apprentice: An ethnobotanist searches for new medicines in the amazon rain forest	Viking-Penguin, New York	1993
4.	Ried, D.P.	Chinese herbal medicine	Shambala publications, Boston	1987
5.	Murdock, G.P.	Theories of illness: a world survey	University of Pitsburgh press, Pitsburgh	1980
6.	C. Lerveque, J.C. Mounolou	Biodiversity	John Wiley & Sons, Ltd.	2001

		7.	V.H Heywood and M.E. Dulloo	In situ conservation of wild plant species	Bioversity Internationa, Roma, Italy	2009
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. Број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови од меѓународни списанија и списанија со фактор на влијание		
		2.	Farnsworth, N.R.	Screening plants for new medicines, in Biodiversity	National academy press, Washington	1988
		3.	G. J. Martin	Ethnobotany	Chapman & Hall	1995
		4.	A. B. Cunningham	Applied Ethnobotany People, Wild plant use & conservation	Earthscan Publications Ltd	2001
		5.	A. Singh,	Herbalism, Phytochemistry and Ethnopharmacology	Science Publishers	2011

Ред. број 42		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МЕДИЦИНСКИ ГАБИ			
2.	Код	ФФИФГ-ДС-02			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармакогнозија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Билјана Бауер (одговорен наставник) Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите на предметот се запознавање на студентите со знаења и вештини потребни за медицинските габи. Резултатите од учењето ќе овозможат стекнување на знаења во однос на: проучување на огромниот и досега главно неистражуван извор на моќни активни супстанции во габите, што е особено и мошне значајно за модерната медицина бидејќи тие претставуваат неограничен извор на биолошки активни компоненти со корисно биолошко и фармаколошко влијание врз човекот; современи начини на истражување на нови антитуморни и други медицински супстанции во габи и истражување на нивната медицинска вредност. Поедините изолирани компоненти од медицинските габи можат да се сметаат за потенцијални биолошки и фармаколошки активни супстанции.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од	**Поглавје: Историја на микологијата** Содржина: Историски развој и културно-демографски контекст на употреба на медицинските габи од праисторија до денес; историја на проучување на фунгијата на Република Македонија.			

	учење за секое поглавје	Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења значењето на историскиот и културниот контекст во развој на традиционалните медицински практики. **Поглавје: Општи карактеристки на габите** Содржина: Градба на габите; бројност на габите; начини на размножување; начини на исхрана. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за општите карактеристики на габите. **Поглавје: Систематика на габите** Содржина: Поделба на Витакер; категоризација од Ајнсворт; основни знаења за типот Myxomycota; поделба на типот Eumycota; одлики на поттипот Mastigomycotina; одлики на поттипот Zygomycotina; одлики на поттипот Ascomycotina; одлики на поттипот Basidiomycotina; одлики на поттипот Deuteromycotina. Резултати: Студентите ќе се стекнат со детални знаења во однос на систематиката на габите. **Поглавје: Значење на габите** Содржина: Хранлива вредност на габите; токсини кај габите; габите во ферментативни процеси; примена на вишите габи за синтеза на антибиотици и цитостатици. Резултати: Студентите ќе се стекнат со детални знаења во однос на истражувачка работа во фармацијата и микологијата; изолирање и идентификување на супстанции од медицинските габи кои покажуваат антитуморно, имуномодулаторно, кардиоваскуларно и хиперхолеролемично, антивирално, антибактериско, антифунгално, антипаразитно, антиинфективно, антиоксидативно, вазопротекторно и друго дејство.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, семинари и учење преку проблеми, проектни задачи, самостојни задачи		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 ч		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	20
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	25
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење – задачи	60
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		50 бодови
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25 бодови
	19.3.	Завршен испит: бодови		25
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)

			61 х до 70 бода		7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Brian Jackson	Mushroom medicine	Copyright Brian Jackson	2015
		2.	Tuley De Silva, Theeshan Bahorun, Manoranjan Sahu, Le Mai Huong	Traditional and alternative medicine	Daya Publishing house, Delhi	2009
		3.	Jure Pohleven, Tamara Korosec, Andrej Gregori	Medicinal mushrooms	MycoMedica d.o.o.	2016
		4.	Smith, Rowan, Sullivan	Medicinal mushrooms: Their therapeutic properties and current medical usage with special emphasis on cancer treatments	Cancer Research UK	2002
		5.	Carter J.	Food: Your Miracle Medicine.	New York: Harper Collins Publishers Inc.	1999
		6	Dinesh Chandra Agrawal, Hsin Sheng Tsay, Lie-Fen Shyur, Yang-Chang Wu, Sheng Yang Wang	Medicinal plants and fungi: Recent Advances in Research and develoment	Springer	2017
		7.	Christopher Hobbs	Medicinal mushrooms: An Exploitation of Tradition, Healing and Culture.	Santa Cruz: Botanica Press	1995
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	A Ganeshpurkar, G Rai, AP Jain	Medicinal mushrooms: Towards a new horizon	Vol 4, Issue 8, Pharmacognosy Reviews 2	2010

		2.	Bensky D, Gamble A. Chinese	Materia Medica. 2nd ed.	Seattle:Eastland Press;	1993
		3.	Ying JZ, Mao XL, Ma QM, Zong YC, Wen HA.	Icons of medicinal fungi from China. Xu YH, Translator. In: Ying JZ. editor.Illustrations of Chinese medicinal fungi.	Beijing, Science Press; 1987. p.579-85.	1987
		4.	Митко Караделев	Fungi Macedonici Габите на Македонија	Македонско миколошко друштво	2002
		5.		Релевантни трудови објавени во меѓународни списанија и списанија со фактор на влијание		

Ред. број 43		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МЕДИЦИНСКИ И АРОМАТИЧНИ РАСТЕНИЈА (МОРФОЛОГИЈА И ЕКОЛОГИЈА)			
2.	Код	ФФИФГ-ДС-03			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармакогнозија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус стидии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1, 2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Билјана Бауер (одговорен наставник) Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите на предметот се запознавање на студентите со морфологија, систематика и хорологија на медицински и ароматични растенија како и поим и влијанија на еколошките фактори врз флората и вегетацијата. Резултатите од учењето ќе овозможат стекнување на знаења во однос на: основите на морфологијата на медицинските и ароматични растенија; основите на систематика и принципите на поделба на медицинските и ароматични растенија; разбирање на поим и влијанија на еколошките фактори врз флората и вегетацијата.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Морфологија на растенија** Содржина: Поим и дефиниција на растенија; основни поими за растителна клетка; основни поими за организација на растителното тело; основни поими за размножување кај растенијата; елементи на физиологија на растенијата; биотехнологија. Резултати: Студентите ќе се стекнат со теоретски знаења за рутинска работа. **Поглавје:** Систематика и хорологија на лековити и ароматични растенија и нивна идентификација. Содржина: Флора на Р. Македонија; флори на соседните земји; Flora Europaea; Prodromus Florae Peninulae Balkanicae.			

		Резултати: Студентите ќе се стекнат со преглед на критериумите за образување на таксони, запознавање со актуелните таксономски ситеми. **Поглавје: Запознавање со биолошката улога на примарните и секундарните метаболити во растенијата** Содржина: Локализација и начини на акумулација на примарни и секундарни метаболити во растителните ткива и органи; поим за хемотаксономија. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за понатамошни усовршувања, откривање на нови материјали и методи. **Поглавје: Основни поими во екологијата** Содржина: Еколошки фактори, закони за дејствување на еколошките фактори; абиотски фактори; биотски фактори; антропогени фактори и нивно позитивно и деструктивно влијание врз растителните организми; биогеохемиски циклуси; органска продукција. Резултати: Студентите ќе се стекнат со знаења за неконтролирана експлоатација на лековити и ароматични растенија и активности за заштита на загрозените лековити и ароматични растенија.			
13	Заемна поврзаност на предметите	Не е применливо			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, нумерички вежби и лабараториски вежби			
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 ч			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	20	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	50	
		16.3.	Пракса: часови		
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	25	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60	
18	Услови за потпис	Минимум 30 бодови од предвидените активности			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		50 бодови	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25 бодови	
	19.3.	Завршен испит: бодови		25	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)	
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Стеванoвиќ, Б., Јанковиќ, М.	Екологија биљака са основама физиолошке екологије биљака,	ННК Интернационал, Београд	2001
		2.	Stern, K., Jansky, S., Bidlack, J.,	Introductory Plant Biology,	Mc Graw Hill, Boston	2003
		3.	Chapman, J.L., Reiss, M.J.,	Ecology principles and applications,	Cambridge University Press, Cambridge,	2001
		4.	Mauseth, J.,	Botany an introductory plant biology,	Saunders college publishing, Philadelphia	1995
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	К. Мицевски 2	The Flora of the Republic of Macedonia	МАНУ	1985 - 2005
		2.	M. Josifovic	Flora of Serbia	SANU	1972
		3.	S. Kozuharov	Flora Republicae Bulgaricae;	Edition academica “Professor Marin Drinov”	1995

Ред. број 44		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРИРОДНИ ЛЕКОВИТИ И АРОМАТИЧНИ СУРОВИНИ			
2.	Код	ФФИФГ-ДС-04			
3.	Студиска програма	Трет циклус (докторски) студии по фармација (научноистражувачко подрачје медицински и здравствени науки)			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за фармакогнозија Фармацевтски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1/2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Карапанџова Проф. д-р Светлана Кулеванова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и/или англиски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не е применливо			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите на предметот се запознавање на студентите со природните лековити и ароматични суровини и природните производи, нивната улога како составни компоненти на хербалните препарати или како суровина за екстрактивни преработки и чисти изолати, како и нивното биолошко и фармаколошко значење. Дополнително, цел е запознавање со регулативата, стандардите и постапките за испитување и контрола на квалитет на хербалните субстанци и хербалните преработки. Резултатите од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: значајните природни суровини и природни производи и нивните биолошки извори; начелата на употреба на хербалните суровини за подготовка на хербални препарати, екстракти и изолати; регулативите, меѓународните стандарди и критериумите за оценка на квалитет на хербалните суровини; основните принципи и методи за контрола на квалитет, автентичност и безбедност на хербалните суровини и преработки во медицинската и фармацевтската практика.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Природни лековити и ароматични суровини и нивната примена** Содржина: Актуелни и нови растителни лековити и ароматични суровини со потврдено дејство; хемиски состав на биолошките извори и нивната фармаколошка активност; карактеристики на хербалните суровини што се користат во хербални препарати за профилакса и терапија. Резултати: Студентите ќе се стекнат со основни знаења за значајните лековити и ароматични суровини, нивните биолошки извори, хемискиот состав и принципите на нивната терапевтска примена.			

